**УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

**Последипломски студии од областа на безбедноста**

**Магистерски труд**

# УЛОГАТА НА КРИМИНАЛИСТИЧКО-РАЗУЗНАВАЧКАТА АНАЛИЗА ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ И ПЕРЕЊЕТО ПАРИ

**ментор**

**проф. д-р. Митко Котовчевски**

**изработил**

**Кристина Запатоска**

**Скопје, јули 2014 година**

СОДРЖИНА


1. Вовед
2. Организиран криминал
    2.1.Поим и дефинирање
    2.2.Поделба на организираниот криминал
    2.3.Организирани криминални групи
    2.4.Надлежни служби за борба против организираниот криминал во Р.Македонија
3. Организиран финансиски криминал и перење пари
    3.1.Финансиски злоупотреби и финансиски криминал
        3.1.1 Финансиска злоупотреба
        3.1.2 Организиран финансиски криминал
    3.2.Перење пари
        3.2.1. Начини на перење пари
    3.3. Финансиски истраги
        3.3.1 Цели на финасиската истрага
        3.3.2 Елементи на финансиската истрага
        3.3.3 Методи кои се користат при финансиски истраги
        3.3.4 Започнување на финансиската истрга
        3.3.5 Спроведување на финансиската истрага
        3.3.6 Користење информации за финансиска истрага и задолжителни проверки
4. Криминалистичко разузнавање и криминалистичко разузнавачка анализа
    4.1 Криминалистичкото разузнавање
        4.1.2 Дефинирање
        4.1.3 Цел на криминалистичкото разузнавање
        4.1.4 Разузнавачкиот процес
    4.2 Криминалистичко разузнавачка анализа
        4.2.1 Основи на криминалистичко –разузнавачка анализа
            4.2.1.1 Иницијални стадиуми на аналитичката задача
            4.2.1.2 Проект на планирање
        4.2.2 Компоненти на аналитичкиот процес
            4.2.2.1 Собирање на податоци

4.2.2.1.1 Принципи на собирање
4.2.2.2 Проценка на податоците
4.2.2.3 Средување на податоците
4.2.2.3.1 Опис на податоците
4.2.2.4 Анализа
4.2.2.5 Развој на хипотези
4.2.2.5.1 Тестирање хипотези
4.2.2.6 Изведување заклучоци, предвидувања и проценка
4.2.2.7 Логички брифинзи и пишани извештаи
4.2.3 Аналитички алатки
4.2.3.1 Концептуален модел/Обем
4.2.3.2 Табеларни прегледи, шеми и графички прикази
4.2.3.2.1 Табеларни прегледи
4.2.3.2.2 Аналитички шеми и графички прикази
4.2.4 Аналитички техники и аналитички продукти
5. Примена на криминалистичко –разузнавачката анализа во сузбивање организиран финансиски криминал и перење пари
5.1 Прибавување докази поврзани со финансиски криминал
5.2 Водење на документацијата
5.3 Анализирање на финансиските докази
6. ЗАКЛУЧОЦИ
6.1 Граѓанските права и слободи и правото на приватност во криминалистичко разузнавачкиот процес во областа на спроведување на Законот
6.2 Концептот на развој и воспоставување на национален модел на криминалистичко разузнавање во Македонија
6.3 Криминалистичкото разузнавање и анализа на финансиски податоци (финанасиско разузнавање) во борбата против организираниот финансики криминал и перењето пари

# 1.ВОВЕД

Организираниот криминал е еден од најкомплексните и длабоко противречен поим и не може едноставно да се идентификува само како криминалната активност на организирана криминална група. Неговата противречност се гледа во неговиот трансцедентален карактер. Организираниот криминал сѐ повеќе и повеќе станува транснационален и претставува глобална закана. Дефинирањето на организираниот криминал било од криминолошки, казненоправен или меѓународноправен пристап, претставува најголем проблем.

Дефинирањето на поимот организиран криминал, денес има особено значајна криминалистичко-политичка функција, во смисла на поставување казненоправна рамка за пропорционален одговор на сѐ потешките и поорганизирани облици на криминал со подигање на ефикасноста на мерките на превенција, откривање и гонење.

Декларираната цел на Конвенцијата на Организацијата на Обединетите Нации (ООН) против транснационалниот организиран криминал од 2000 година е „да се промовира соработка за спречување и борба против транснационалниот организиран криминал". Бидејќи ефикасноста на таквата соработка зависи од спроведувањето на заеднички законски стандарди, Конвенцијата ги обврзува државите да го криминализираат учеството во организирана криминална група, корупцијата, перењето на приноси од криминал (перење пари) и опструкција на правдата. Иако, Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал не утврдува правна дефиниција за (транснационалниот) организиран криминал, може да се заклучи дека оваа Конвенција е најважниот и сеопфатен меѓународен инструмент за борба против организираниот криминал. Како што ги обврзува државите да ги криминализираат споменатите дела „независно од транснационалната природа или вклучувањето на организирана криминална група", нејзиното влијание го надминува подобрувањето и унапредувањето на меѓународната соработка против транснационалниот организиран криминал и со тоа помага да се создаде „заеднички јазик во борбата против организираниот криминал" воопшто.

Организираниот криминал е оној кој буквално ги уништува бизнисите, особено приватните, но секако дека не се заобиколени ниту оние под закрила на државата. Организираниот криминал ги уништува економиите на сите земји во светот без исключок и остава разорни последици на долгорочно ниво.

Организираниот финансиски криминал истото го врши преку некоја од следните нелегални активности: осигурителни измами, берзански измами, корупција на државни службеници особено на политичари или лица вработени во полицијата или судството, перење пари, фалсификување на пари (особено на доларот и еврото) и кредитни картички, лихварство итн.

Кога говориме за организиран финансиски криминал и перење пари потребно е да се има предвид дека воедно говориме за т.н **White Collar Crime** -„криминалци со бели јаки“[1], кој како професионален криминал го извршуваат припадници на угледни, високи владејачки и деловни кругови кои ги користат врските и влијанијата во општеството за вршење на криминални активности, кои им носат голема материјална корист. Од социолошки аспект ваквите активности кои ги вршат припадниците на организираните криминални групи привидно создаваат слика на нормално однесување, но истите во себе ја носат криминалната умисла која е водечка во извршувањето на делото.

Анализа се дефинира како процес на собирање, прегледување и интерпретирање на одреден збир на податоци и донесување на заклучоци и препораки. Анализата идентификува шаблони (модели и форми) во информации и доаѓа до заклучоци преку расудување врз основа на она што се случува за да им овозможи на оние кои ги донесуваат одлуките во инстиуциите за спроведување на законот да одлучат за соодветна понатамошна активност спроведување на информации или стратегија за редукција на криминал или нереди. Анализата го поддржува стратешкото донесување на одлуки и тактичкото распоредување на ресурси за да превенира, редуцира и детектира криминал и неред и игра важна улога во идентификување на ефективна пракса преку прегледување на тактичката и стратешката активност.

[1] Потекнува од американскиот криминолог Edwin Sutherland од 1939 година, Sutherland, страница 38

## 2. ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

### 2.1 ПОИМ И ДЕФИНИРАЊЕ

Организираниот криминал секогаш привлекувал најголемо внимание од сите видови на криминал затоа што како сторители кои ги извршуваат ваквите кривични дела се лица-припадници на организирани криминални групи (злосторнички здруженија[2]) чија цел е остварување профит и стекнување со моќ над институциите на државата, па затоа и овој вид на криминал е една од главните закани по безбедноста на државите. Освен што е закана за државната безбедност овој вид на криминал прави попречување и на социјалниот, политичкиот, економскиот и културниот развој, ги напаѓа јавните, финансиските и безбедносните институции и ја поткопува моќта на државата во целта да се заштити редот, мирот и стабилноста. Појавата на криминалните групи е реална појава и нивното формирање значи создавање на опасен човечки потенцијал, посебен криминален ентитет чии криминални капацитети се енормно повисоки од збирот на поединечните криминални капацитети на нивните членови.

Во многу случаи токму организираниот криминал е оној кој буквално ги уништува бизнисите, особено приватните, ги уништува економиите на сите земји во светот без исклучок и остава разорни последици на долгорочно ниво.

„Организираниот криминал" е многу значаен термин кој стана дел од речникот на многу политичари, но и на пошироката јавност. Овој термин е многу неодреден и неретко применуван без јасна референтна точка,[3] а овој недостаток на одреденост влијае и на многу постоечки академски дебати. Овој термин се користи за означување на одделни видови на софистицирани криминални активности вградени во една или друга форма, во сложени недозволени пазари, на пример недозволената трговија со оружје, дрога и трговија со луѓе, најчесто се поврзани со сетот на „овозможување на активности" како што е заканата од насилство, корупција и перење пари.[4] Една група автори претпоставува дека првоспоменатите претставуваат основни активности на организираниот

[2] Според Кривичен Закон на Република Македонија (Службен Весник на Рм бр.37/96 и измени и дополненија 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 09/09, 114/09, 51/11, 166/12, 55/13 и 82/13).

[3] Michael Woodiwiss and Dick Hobbs, 'Organized evil and the Atlantic Alliance: moral panics and the rhetoric of organized crime policing in America and Britain' , во *British Journal of Criminology*, Vol. 49, 2009, pp. 106–128.

[4] Alan Wright, *Organised Crime*, Willan Publishing, Cullompton, Devon and Portland, OR, 2006, p. 49.

криминал[5]; а другата ги посочува подоцнежните[6], но и во двата случаи, прекршувањата на законите обично можат да се категоризираат како „сериозни кривични дела", иако можеби попрецизно е да се користи терминот „организиран криминал".

Еден проблем на овој пристап е тоа што тој е поставен само врз основа на индикаторот на криминалитет. Насилството против лица, може да биде важно средство и карактеристика на некои нелегални активности, но и не мора да постои.[7] Исто така, постојат бројни нелегални пазари, почнувајќи од трговијата со криумчарени цигари и украдени автомобили, со изнудувања од мултинационални корпорации, коцкање, проституција и така натаму.[8] Сепак, од примерот на проституцијата, се гледа дека тоа не е можно да се наведе во општи црти, односно дека оние кои се ангажирани во соодветните активности се вклучени и во организираниот криминал. Можеме да заклучиме дека едноставното набројување на кривични дела не ни кажува многу за организираниот криминал.[9] Оттука, прифатлив е алтернативниот пристап кој го става организираниот криминал на ниво со ограничен професионален криминал[10] - и на тој начин се намалува неопходната широчина што мора да ја има секој дефиниран концепт на организирано кривично дело.

Од друга страна, поимот „организиран криминал" може да се користи во смисла на криминалните организации[11] како што се Колумбискиот и Мексиканскиот „картел на дрога", Јапонската „јакуза", Кинеските „тријади" или Италијанската и

---

[5] Види Jan van Dijk, 'Mafia markers: assessing organized crime and its impact on societies', во *Trends in Organized Crime*, Vol. 10, 2007, p. 40; Allan Castle, 'Transnational organized crime and international security', Institute of International Relations, University of British Columbia, Working Paper No. 19, 1997, p. 2; Stefan Mair, 'The world of privatized violence', во Alfred Pfaller and Marika Lerch (eds), *Challenges of Globalization: New Trends in International Politics and Society*, Transaction Publishers, New Brunswick, NJ, 2005, p. 54.

[6] Edgardo Buscaglia and Jan van Dijk, 'Controlling organized crime and corruption in the public sector', во *Forum on Crime and Society*, Vol. 3, Nos. 1 and 2, 2003, p. 6; Donald Cressy, *The Theft of the Nation*, Harper and Row, New York, 1969, p. 1.

[7] R. Thomas Naylor, 'Violence and illegal economic activity: a deconstruction', in *Crime, Law and Social Change*, Vol. 52, No. 3, 2009, pp. 231–242; H. Richard Friman, 'Drug markets and the selective use of violence', in *Crime, Law and Social Change*, Vol. 52, No. 3, 2009, pp. 285–295.

[8] Види Cyrille Fijnaut, 'Transnational crime and the role of the United Nations in its containment through international cooperation: a challenge for the 21st century', in *European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice*, Vol. 8, No. 2, 2000, p. 121; Michael D. Lyman and Gary W. Potter, *Organized Crime*, Pearson Prentice Hall, Upper Saddle River, NJ, 2007, pp. 148–185.

[9] James O. Finckenauer, „Problems of definition: what is organized crime?", in *Trends in Organized Crime*, Vol. 8, No. 3, 2005, p. 75.

[10] Edwin H. Sutherland, *The Professional Thief*, University of Chicago Press, Chicago, 1937; see further, Mary McIntosh, *The Organisation of Crime*, Macmillan, London, 1975, pp. 9ff.

[11] Hagan предлага дека „Организиран Криминал" ќе се однесува на криминалните организации, додека „организиран криминал" ќе се однесува на дејствија, кривични дела кои често бараат степен на организираност како дел за нивно извршување" и забележува „дека не секој „организиран криминал" е извршен од „Организирани криминални групи". Види Frank E. Hagan, ' "Organized Crime" and "organized crime": indeterminate problems of definition', in *Trends in Organized Crime*, Vol. 9, No. 4, 2006, p. 134.

Американската „мафија“.[12] Сепак, како што се комплексни и различни недозволените пазари, така се дефинираат и карактеристиките на групите кои ги снабдуваат. Тие варираат од мали, лабаво поврзани мрежи и можат да се состојат од мал број лица, до големи, хиерархиско поставени организаци[13]. Сите тие без разлика, дали се големи групи или не, високо организирани или неорганизарани, користат тајни кодови, како и професионалци од различни области (економисти, правници, или техничари) и се инфилтрирани во легалните бизниси преку легални правни лица кои се најчесто во нивно владение.

Поради сето ова тешко да се постигне консензус за соодветна употреба и значењето на терминот „организиран криминал“.[14]

Со дефинирањето на организираниот криминал, како и со другите „нови форми" на криминал (корупцијата, перењето пари итн.), главното влијание во борбата против овие појави доаѓа од страна на меѓународната заедница, што е несомнено реакција не само на неизедначениот пристап на државите, туку и на фактот дека тоа е единствениот начин и државите кои се и самите криминализирани да се присилат да преземат определени мерки за превенција и за сузбивање на криминалот. Напорите на меѓународната заедница во тој правец се финализирани со усвојувањето на Конвенцијата на Организацијата на обединетите нации (ООН) против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Конвенцијата од Палермо), во која како организиран криминал се дефинира активноста на криминалните групи.

Европската Унија во Конвенцијата на ОН против трансанационалниот организиран криминал[15] дава прецизна дефиниција на организираниот криминал и организираните криминални групи, кои се состојат од широк спектар на различни шверцери и трговци и нивните мрежи. Членот 2 од оваа Конвенција ги дефинира транснационалните организирани криминални групи како: „Структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски

---

[12] Дали Италијанската мафија може да се класифицира како организиран криминал е контраверзно. Против оваа класификација види Mario Bezotti, ‘Organisierte Kriminalitat: zur sozialen Konstruktion einer Gefahr’, во *Angewandte Sozialforschung*, Vol. 22, Nos. 3 and 4, 2002, p.136; види исто и Douglas Meagher, *Organised Crime: Papers presented by Mr Douglas Meagher, Q.C., to the 53rd ANZAAS Congress, Perth, Western Australia, 16–20 May 1983*, AGPS, Canberra, 1983, pp. 3ff.

[13] Phil Williams, „Transnational criminal networks“, in John Aquilla and David F. Ronfeld (eds), *Netwars and Networks: The Future of Terror, Crime, and Militancy*, RAND, Santa Monica, CA, 2001, p. 65; United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC), *Global Programme against Transnational Organized Crime: Results of a Pilot Survey of Forty Selected Organized Criminal Groups in SixteenCountries*, Geneva, 2002, p. 30.

[14] За комплетна листа на дефиниции, видете ја збирката на Klaus Von Lampe, достапна на: http://www.organized-crime.de/OCDEF1.htm.

[15] UN Convention against Transnational Organized Crime (2000) – Конвенција на ОН против трансанационалниот организиран криминал (2000), 40 ILM (2001), 335 (влезена во сила од 29.09.2013год.)

период и дејствува во согласност со целта на извршување на едно или повеќе сериозни кривични дела или прекршоци утврдени согласно оваа конвенција, со цел директно или индиректно да се стекнат со финансиска или друга материјална корист".

На ниво на Европската Унија, во чиишто рамки постои специјализирано тело наречено Работна Група на ЕУ за наркотици и организиран криминал (European Union's Working Group on Narcotics and Organized Crime) постигната е согласност за Листа на единаесет карактеристики за идентификација на организираниот криминал :

1. учество на повеќе од две лица,
2. секој од нив мора да има одредена улога,
3. делување во подолг или неодреден период,
4. користење на некои облици на дисциплина и контрола,
5. осомничени се за потешки кривични дела,
6. делуваат на меѓународно ниво,
7. користење на насилство или други средства за заплашување,
8. користење трговски структури или структури за слични работи,
9. инволвираност во перење пари,
10. влијание врз политиката, јавната управа, правосудните органи или стопанството и
11. стремеж за стекнување моќ.

Се потенцира дека за извршено кривично дело да се третира како организиран криминал, мора да бидат застапени најмалку шест од наведените единаесет елементи од кои се задолжителни оние под редните броеви 1, 5 и 11.

Тргнувајќи од тоа дека поимот на организиран криминал е различно и по правило, пошироко определен во националните казненоправни системи, Советот на Европа ги истакнува следниве изедначени критериуми од кои треба да тргнуваат државите-членки во неговото дефинирање, поделени во две категории: *задолжителни и опциони*.

Како задолжителни критериуми се земени:

- соработка на три или повеќе лица;
- дејствување на групата во подолг или недефиниран временски период;
- извршување на сериозни кривични дела;
- извршување казнени дела со цел за стекнување профит и /или моќ.

Веќе последниов критериум, со внесување на остварувањето моќ како цел на криминалните активности, значи исчекор во однос на Препораката која се ограничува на остварување финансиска или друга материјална корист.

Како опциони критериуми се истакнати:

- постоењето специфична задача или улога на припадниците на групата;
- користење на одредени форми за воспоставување на внатрешна дисциплина и контрола; користење насилство или други средства на заплашување;
- вршење влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, полицијата и судството, или врз економијата со корупција или пак со други средства;
- користење на комерцијални или други бизнис-структури;
- ангажирање во перење пари; и
- дејствување на меѓународно рамниште.

Покрај задолжителните карактеристики, најмалку два опциони критериуми се нужни за да се смета активноста на криминалната група за организиран криминал. [16]

Потребата од редефинирање на поимот на организираниот криминал, е наметната од сознанијата за брзите промени во појавните облици, целите и подрачјата на дејствување на организираните криминални групи, пред сè, тоа дека нивната структура не е секогаш ригидна, дека наместо цврсти организирани структури сè почесто е дејствувањето на вмрежени структури, како и сознанието дека наспроти користољубивите цели сè поактуелен е проблемот на влијанието и поврзаноста на организираниот криминал со економијата, медиумите, политиката, јавната администрација и судството.

## 2.2 ПОДЕЛБА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Организираниот криминал станува проблем со кој се соочуваат сите држави во светот, а организираните криминални групи растат, се шират и стануват се понасилни и без оглед на тоа дали се работи за локални улични банди или меѓународни организирани криминални мрежи, евидентно е дека тие се инволвирани во сите криминални активности што побарува нивно разбирање и дефинирање, а се со цел успешна борба во сузбивањето на организираниот

[16] види Organised crime situation report, 8.

криминал. Оттука и потребата организираниот криминал да се подели на неколку начини.

Според застапеноста, организираниот криминал може да се подели на: локален, национален и меѓународен.[17]

- **Локален организиран криминал** – го определуваат локални криминални организации или групи кои оперираат на локално ниво (град, општина, регион). Тие може да се инфилтрирани во локалните институции на државата и да контролираат дел од локалните бизниси, преку кои нелегално стекнатите добра (криумчарена стока, недвижен имот и сл.) ги легализираат, стекнувајќи се со огромна финансиска корист, моќ и влијание на локално ниво.
- **Национален (државен) организиран криминал** – кога организирани криминални групи или организации оперираат на територијата на цела држава. Тие се инфилтрирани во државните институции и често користејќи се со коруптивни методи успеваат да се наметнат како „недопирливи" за органите на прогон. Овој тип на организиран криминал претставува огромна закана за државата во целта на воспоставување ред, мир и стабилност.
- **Меѓународен (транснационален) организиран криминал** – се идентификува кога криминалната организација ги преминува границите на сопствената држава. Овие криминални организации често се поврзани со криминални организации во други држави создавајќи моќни организирани криминални мрежи кои остваруваат профит во глобални рамки и чие сузбивање претставува проблем на меѓународно ниво.

Според начинот на извршување на кривичните дела организираниот криминал може да го поделиме на: насилен, ненасилен и комбиниран.

- **Насилен организиран криминал** - кога криминалните активности се извршуваат со насилство, закани и заплашување (убиства, вооружени грабежи, насилна наплата/ рекет, уцени и др.)
- **Ненасилен организиран криминал** – кога при извршување на криминалните активности не се користат насилни методи (даночно затајување, злоупотреба на службена положба и овластување, перење пари, измами со инвестиции, мито и корупција и др.)

[17] Митко Котовчевски, „Национална безбедност" Филозофки Факултет Скопје, Скопје 2011 година, страница321

- **Комбиниран организиран криминал** – криминалните активности обично се извршуваат без намера да се употребат насилни методи, но тоа не е исклучено доколку е потребно или наметнато во текот на извршувањето на криминалната активности (трговија со луѓе, криумчарење мигранти, недозволена трговија со дрога и оружје, лихварство, проституција и др.)

Според криминалните активности во кои се инволвирани поделбата се прави по однос на кривичните дела за кои организираните криминални групи и организации се специјализирани да ги извршуваат. Во овој труд ќе бидат наброени криминалните активности кои се идентификувани дека ги вршат криминалните групи/ организации од Р.Македонија (на национално и меѓународно ниво).

- **Криумчарење мигранти** – спаѓа во групата на меѓународен организиран криминал. Во вршењето на оваа криминална активност се инволвирани повеќе од една криминална група/организација кои се од различни држави (од земјите на потекло на илегалните мигранти, земјите транзит и земјите крајна дестинација), а често овој вид на криминална активност е во „режија“ на големи меѓународни организирани криминални мрежи. Овие криминални организации како членови во своите редови често имаат лица кои работат на граничните премини (полициски и цурински службеници) како и лица кои живеат во пограничните делови кои ги користат како логистика при преземањето на криминалните активности.
- **Нелегална трговија со дрога и оружје** – спаѓа исто така во групата на меѓународен организиран криминал во чии активности се инволвирани повеќе криминални групи или криминални мрежи. Оваа криминална активност носи огромна заработувачка, а криминалните организации се често инфилтрирани (обично користејќи коруптивни методи) во државните институции-царински и полициски служби кои се задолжени за контрола на увозот и извозот од државата. Ваквите криминални групи имаат високо развиена трговска мрежа за набавка, транспорт и продажба на дрогата или оружјето, а карактеристично за овој дел од светот е тоа што ваквите криминални организации се етнички поврзани, хомогени и со висок степен на доверба помеѓу членовите.
- **Вооружени кражби** – најчесто ги извршуваат помали криминални групи кои оперираат на локално ниво и чија цел е брза и лесна заработувачка, но исто

така постојат и големи хомогени криминални организации кои вршат вооружени кражби во повеќе држави и кои се стекнуваат со голема материјална корист и претставуваат меѓународна закана. (како пример ќе ја земеме актуелната криминалната организација со псевдоним „пинк пантер“ која врши вооружени грабежи во цела Европа).

- **Убиства** – кога се работи за организиран криминал, убиствата може да бидат платени или нарачани, потоа убиства како производ на пресметки помеѓу ривалски криминални групи, како и убиства извршени во текот на одредена криминална активност.
- **Проституција** – се дефинира како криминална активност со посредување и вршење на сексуални услуги за одредена цена. Организираниот криминал и проституцијата наоѓаат честа поврзаност со трговија со бело робје, односно идентификувани се криминални групи кои се занимаваат со пронаоѓање и регрутирање девојки од сиромашни земји кои преку измама и ветување за подобар живот ги носат во други држави каде се присилуваат на проституција.
- **Организиран финансиски криминал и перење пари** - потребно е да се има предвид дека овде воедно говориме за т.н„криминал со бели јаки“ извршуван од страна на припадници на угледни, високи владејачки и деловни кругови кои ги користат врските и влијанијата во општеството за вршење на криминални активности, кои им носат голема материјална корист. Организираниот финансиски криминал ги уништува економиите на сите земји во светот и остава разорни последици на долгорочно ниво, преку некоја од следните нелегални активности: осигурителни измами, берзански измами, корупција на државни службеници-особено на политичари или лица вработени во полицијата или судството, перење пари, фалсификување на пари (посебно на доларот и еврото) и кредитни картички, лихварство итн.
- **Даночно затајување** – е криминална активност од областа на финансискиот криминал која е често поврзана со други кривични дела, како што се злоупотреба на службена положба и овластување и перење пари, а го вршат криминални групи кои изнаоѓаат начини да ги избегнат законските регулативи во однос на плаќањето даноци кон државата. Оваа криминална активност ја користат криминални групи и организации кои стопанисуваат со легални правни лица кои ги користат како параван за задскривање на постоечкиот

криминал и освен затајувањето данок или прикажување помал профит на правните лица, истите се користат и за перење пари, односно легализирање на нелегалните профити.

- **Корупција** - е најчесто користен метод на организираните криминални групи и организации, насочен најчесто кон функционери и политичари, како и вработени во државни институции, а заради изведување криминални активности под нивна „заштита“ и со единствена цел-инфилтрација во државните институции, стекнување со моќ и влијание врз донесувањето на одлуки на локално и државно ниво.

## 2.3 ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ

Криминалците се категорија на луѓе кои многу брзо изнаоѓаат заеднички јазик без оглед на националноста, религијата или идеолошката определеност. Она што делува како извонреден сврзувачки фактор и тоа не само помеѓу членовите во рамките на една криминална група, туку и што овозможува две или повеќе криминални групи да воспоставаат заедничка меѓусебна соработка и покрај тоа што не се од иста националност, религија и што се почесто се со државјанство на повеќе земји, секако е моќта на она што од најстари времиња и до ден денешен е двигател на сите случувања во светот-парите. Организираниот криминал, претставува феномен кој е најголема закана за опстанување на државите, па дури и животите на луѓето и тоа не само на национално и регионално, туку и на глобално ниво. Затоа и не изненадува тенденцијата земјите соочени со овој современ вид на закана се повеќе да се здружуваат во сузбивањето на организираниот криминал, согледувајќи дека апсолутно е невозможно секоја земја одделно и независно од другите да му се спротивстави. Заради успешно сузбивање на организираниот криминал неопходно е да се разбере начинот на функционирање на криминалните организации што би било најостварливо доколку навлеземе во суштината на нивното организирање, односно законитостите кои владеат меѓу членовите на една група/организација и во односите на групите/организациите меѓу себе. Согласно направеното истражување во 2002 година од страна на Организацијата на Обединетите Нации со кое се направени напори да се разграничат различните организациони форми на групите на организираниот криминал во целиот свет, успешно се

разграничени пет идеални типови на криминални организации. Тие се протегаат од најтрадиционалните форми на организиран криминал до поновите, модерно организирани мрежи:

- Стандардна хиерахрија;
- Регионална хиерархија;
- Кластерна хиерархија;
- Криминална мрежа.[18]

Ова е сепак една идеална класификација (на хартија) и воопшто не значи дека сите криминални групи се вклопуваат во некој од наведените пет типови. Сепак да напоменеме дека првите три типа ја детализираат хиерархиската структура и воедно се најблиски до традиционалните форми на организиран криминал, четвртата и петтата пак од друга страна се најблиски до организационите форми за кои се очекува дека ќе бидат најдоминантни во догледно блиско време.

**Стандардна хиерархија** – претставува организирана криминална група која ја раководи едно моќно лице. Во ваквите криминални групи членовите имаат прецизно одредени улоги, а воспоставена е и хиерархија на командување која обезбедува цврст систем на внатрешна дисциплина.[19] За стандардните хиерархии карактеристично е што секогаш се со изразен етнички или социјален идентитет, односно нивните членови се од иста етничка припадност (албанци, италијани, руси) или пак станува збор за лица кои имаат слично или исто искуство (затворски банди). Уште една карактеристика за овој вид на криминална група е што тие делуваат на строго дефинирано подрачје – земја или регион.

**Регионална хиерархија** – претставува цврсто контролирани организирани криминални групи во кои постојат силни системи за внатрешна дисциплина[20]. Главната разлика помеѓу стандардната и регионалната хиерархија се состои во тоа што кај регионалната хиерархија на локалните криминални организации кои постојат во нејзини рамки им се дава значителна независност. Регионалните како и стандардните се со изразен етнички или општествен идентитет, а насилството го користат како главно средство не само за одржување на дисциплината, туку и за решавање на споровите.

---

[18] Мајкл Д Лајман, Гари Б. Потер, Организиран криминал, Четврто издание, Магор, Скопје, 2009 год. Страница11

[19] GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries", United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002, страница34

[20] GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries", United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002, страница36

**Кластерна хиерархија** – е вид на организирана криминална група (организација) во која криминалните активности се координираат преку повеќе помали организирани криминални групи. Кластерните хиерархии се составени од голем број криминални групи над кои е воспоставен начин на управување со нивните (криминални) активности[21]. Како организацијата се развива, така кластерот (организацијата) развива посилно влијание врз членовите отколку помалите групи во кои тие се вистински членови. Овде се работи за оргомни криминални организации кои оперираат на меѓународен план и кои се длабоко навлезени во општеството со развиени сопствени разузнавачки мрежи и инфилтрирани во безбедносните и судските системи на државите. Нивните членови се професионалци од висок ранг кои се признати во општеството и се речиси непробојни за службите за спроведување на законот.

Кластериранта хиерархија ги покажува следниве тенденции:

- Соработува со голем број други криминални организации;
- Длабоко е навлезена во легитимната економија;
- Има огромно политичко влијание преку корупција и
- Позната е по употреба на насилство.[22]

**Јадрена криминална група** – претставува форма на организиран криминал чија карактеристика е тоа што лесно се прилагодува на водењето на активностите во глобалната економија. Јадрената криминална група е неструктурирана група на организирани криминалци опкружена со голема мрежа на поединци вклучени во сериозни криминални активности[23]. За разлика од хиерархиските криминални групи, јадрената група има рамна организациска структура во која сите учесници ја делат моќта. Бидејќи овие групи обично се составени од мал број членови, истите релативно лесно ја одржуваат внатрешната безбедност и лесно ја избегнуваат инфилтрацијата на службите за спроведување на законот. Идентитетот на групата се идентификува според криминалните активности со кои се занимава истата и ваквите групи не се поврзани по етнички или социјален идентитет. Ретко ваквите организации се познати по имиња на пошироката јавност и на службите за спроведување на законот.

---

[21] GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries", United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002, страница37

[22] Мајкл Д.Лајдман, Хари В.Потер, Организиран криминал, страница12

[23] GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries", United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002, страница39

**Криминални мрежи** – карактеристика на 21-от век. Тоа се групи со лабава организација, исклучително прилагодливи, а воедно се состојат од флуидни мрежи на поединечни учесници кои се организирани околу одредена тековна криминална активност. Како кај јадрените групи и кај криминалните мрежи не постои чуство за социјалнен или етнички идентитет, туку само лојалност кон самата активност (конкретна криминална акција/ операција). Лицата кои членуваат во мрежата се менуваат (доаѓаат и си заминуваат од неа) така што организацијата се преобликува од еден до друг криминален проект[24]. Јадрото на криминалните мрежи го сочинуваат неколку лица кои никогаш директно не се инволвираат во криминалните активности, туку тоа за нив го прават нивните соработници-флуктуирачки членови.

## 2.4 НАДЛЕЖНИ СЛУЖБИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

### 2.4.1 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно чл.2 од Законот за внатрешни работи (Сл.Весник на Р.М бр.92 од 24.07.2009 год.) во делокругот на работата на Министерството за внатрешни работи спаѓаат:

- Остварување на системот на јавна и државна безбедност;
- Спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Р.Македонија;
- Заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- Спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост;
- Спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со Закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- Граѓански работи и
- Други работи утврдени со овој и посебен Закон.

[24] GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries", United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002, страница41

Со членот 3 од истиот Закон, дадено е појаснување дека под поимот „Биро за јавна безбедност“ се подразбира орган во состав на Министерството кој ги врши полициските работи во Министерството и чија организација и надлежност е уредена со Законот за полиција.

Во 2005 година во рамките на Бирото за јавна безбедност е формиран **Оддел за организиран криминал** чија цел е планирање, подготвување и спроведување криминалистички обработки над организирани криминални групи и анализирање на состојбата со организираниот криминал во Р.Македонија со цел изнаоѓање најсоодветни методи за превенција и сузбивање на организиран криминал. Во текот на годините систематизацијата на Одделот за организиран криминал се менуваше неколку пати, за да во 2013 година Оделот за организиран криминал прерасне во **Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал**, надлежен да постапува за спречување и откривање кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност и кои се извршени од организирани криминални групи кои дејствуваат на територијата на Р.Македонија, но и на меѓународно ниво, а чија цел е стекнување со финансиска корист и кои извршиле повеќе кривични дела за кои со Кривичниот Закон на Р.Македонија е предвидена казна затвор од најмалку четири години. Во рамките на Одделот за сузбивање организиран и сериозен криминал постојат пет оперативни Сектори со одделенија по област на криминал, како и Сектор за криминалистичко-разузнавачка анализа, Сектор за прикриени човечки извори на информации и Сектор за прикриени операции.[25] Посебно го нагласувам Секторот за криминалистичко-разузнавачка анализа чија работа е тема на овој магистерски труд и кој е основен двигател со чија помош и поддршка се организираат и насочуваат активностите на оперативните сектори и без чија работа не би можела да се оствари често истакнуваната ефективност и ефикасност на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, како и успешноста во сузбивањето на организираниот криминал во Р.Македонија.

[25] види органограм на ОСОСК




Слика 1, Органограм на Одделот за сузбивање организиран и сериозен криминал

## 2.4.2. АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ

Агенцијата за разузнавање како специјализирана разузнавачка установа во рамките на државната управа, формирана е согласно Законот за Агенцијата за разузнавање од 1995 година.[26] Кога станува збор за безбедноста на земјата оваа служба тесно соработува со Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, со кои разменува информации од доменот на нивните надлежности, па и не редок случај на меѓусебна координација на активностите во борбата против организираниот криминал во Р.Македонија. Она што е особено важно да се наведе во оваа прилика е дека во рамките на Агенцијата за разузнавање, меѓу останатите организациони единици, постои и Дирекција за разузнавање на меѓународен тероризам и организиран криминал. Во согласност со своите ингеренции, Агенцијата за разузнавање собира, документира и анализира разузнавачки информации важни за безбедноста и одбраната на државата, како и стопанските, политичките и другите интереси на Р.Македонија, меѓу кои спаѓа и организираниот криминал дефиниран како една од асиметричните, неконвенционални закани по безбедноста на државата.

[26] Службен Весник на РМ бр.19/95 од 06.04.1995 година

## 2.4.3 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ (ЦАРИНСКА УПРАВА, УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА И УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ)

Во рамките на Министерството за финансии на Р.Македонија како служби во чија надлежност спаѓа заштитата на финансискиот поредок на државата (финансиите, даночното и царинското работење) формирани се Царинската Управа, Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање. Согласно делокругот на работата на Царинската Управа и Управата за финансиска полиција и согласно Законот за кривична постапка на Р.Македонија надлежни се за откривање и гонење сторители на сложени појавни форми на финансиски криминал во Р.Македонија.

Управата за финансиско разузнавање е формирана со цел финансиски мониторинг, односно следење на токот на парите. Истата функционира како посредник помеѓу приватниот сектор од една страна и органите за прогон од друга страна и е од големо значење за откривање појавни облици и докажување на перење пари во Р.Македонија.

Сите три служби, многу блиску соработуваат со Министерството за Внатрешни работи и Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, а работата на Секторот за финансиски криминал во рамките на Одделот не би можел да се замисли без соработка и поддршка на овие служби, и тоа:

- Царинската управа[27] - за откривање и сузбивање на криминални групи кои се занимаваат со прекуграничен криминал (криумчарење акцизна и друг вид стока, криумчарење мигранти, недозволена трговија со дрога и оружје)
- Управата за финансиска полиција[28] - за откривање кривични дела од областа на финансискиот криминал кои се гонат по службена должност (даночно затајување, злоупотреба на службената положба и овластување, перење пари, потоа, даночни, банкарски, осигурителни, берзански и други измами со износи од значителни размери, тешки форми на корупција, предизвикување лажни стечаи, фалсификување исправи и даночни книги и др.)

---

[27] Чии надлежности и делокруг се дефинирани во Царинскиот Законик, објавен во Службен весник на Р.М бр.39 од 30.05.2005 година.

[28] Чии надлежности и делокруг се дефинирани во Законот за Финансиската полиција, објавен во Службен весник на Р.М. бр.55 од 04.05.2007 година.

- Управата за финансиско разузнавање[29] – за откривање перење пари. Таа е специјализирана установа за спречување перење пари (како еден од облиците на организиран криминал), односно легализирање на приходи кои се генерирани од нелегални активности, како што се: трговија со дрога и оружје, акцизна стока (цигари и алкохол) трговија со луѓе, даночна евазија, трговија со украдени возила, банкарски и финансиски измами, корупција и др.

## 3. ОРГАНИЗИРАН ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ И ПЕРЕЊЕ ПАРИ

### 3.1 ФИНАНСИСКИ ЗЛОУПОТРЕБИ И ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ

Додека постои согласување за значењето на концептите како што се перење пари, корупција и даночно затајување, термините финансиска злоупотреба и финанасиски криминал се далеку непрецизни и често се заменуваат еден со друг.

Употребата на овие термини сугерираат на тоа дека терминот финансиска злоупотреба има најшорка употреба, односно ги опфаќа не само нелегалните активности кои може да им наштетат на финасиските системи, туку и други активности кои ги користат даночните и регулаторните институции со непожелни резултати. Кога финансиската злоупотреба инволвира финансиски институции (или финансиски пазари) тоа понекогаш сугерира на злоупотреба во финансискиот сектор. Финансискиот криминал кој е подкатегорија на финансиските злоупотреби може да се однесува на било кој ненасилен криминал кој обично резултира со финансиска загуба, вклучувајќи и финансиска измама, притоа вклучувајќи опсег на илегални активности како што се перење пари и даночно затајување. Перењето пари се однесува на активности кои вклучуваат „обработка“ на приноси од криминални активности со цел да ја прикријат нивната поврзаност со криминалните активности.[30]

---

[29] Кој како орган се заснова на врз основа на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, објавен во Службен весник на Р. М. бр.4/08 од 10.01.2008 год., а измени и дополнување на законот се објавени во Службен Весник на Р. М. бр.35 од 22.03.2011 година и Службен весник на Р.М. бр. 57 од 26.04.2010 година.

[30] http://www.imf.org/external/np/ml/2001/eng/021201.pdf




Слика 2, Концети на финансиска злоупотреба и фактори кои придонесуваат за финансиска злоупотреба

### 3.1.1 ФИНАНСИСКА ЗЛОУПОТРЕБА

Употребата на термините финансиска злоупотреба и финансиски криминал укажуваат на тоа дека нивните значења варираат под неколку услови. За да се појасни употребата на овие термини потребно е да се направи јасна разлика помеѓу факторите или стимулаторите кои ја олеснуваат или поттикнуваат финансиската злоупотреба, како што се слаби регулаторни или супервизорски институции и слаби даночни системи како и активности кои ја сочинуваат финансиската злоупотреба. Поради ова концептот на финанасиска злоупотреба се толкува во многу широка смисла, вклучувајќи и нелегални финансиски активности меѓу кои многу имаат потенцијал да им наштетат на финансисиките системи и правните активности кои користат незаконски активности во даночните регулаторни системи. [31]

Државите, исто така имаат различна законска легислатива за конкретни кривични дела, како што се перењето пари, корупција и даночно затајување,

[31] Jack Boorman, Stefan Ingves, INTERNATIONAL MONETARY FUND, Financial System Abuse, Financial Crime and Money Laundering—Background Paper, 12.02.2001, страница5.

односно постојат големи варијации помеѓу државите за тоа кои кривични дела можат да придонесат перење пари. Концептот на корупција исто така не е воедначено дефиниран. На пример во некои држави таканареченото „подмачкување" за да се поттикнат странските јавни службеници за да ги извршат своите дејствија не се нелегални, додека во други држави се третираат како поткуп. Некои држави ниските даночни стапки ги сметаат за злоупотреба или штетна даночна конкуренција, додека други не. Разлики исто така постојат и по однос на тоа што е „прекумерно" во „прекумерна банкарска тајност". Разлики постојат и помеѓу јурисдикциите за тоа кои активности конституираат кривично дело што доведува до прашањето кои земји можат да соработуваат во спроведувањето на законот, како на пример, некои земји применуваат широк спектар на контрола на капиталот-повреди кои се финансиски криминал, а кои пак во други земји може да не се сметаат за криминал.[32]

### 3.1.2 ОРГАНИЗИРАН ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ

Не постои меѓународно прифатена дефиниција за финансиски криминал, иако често се дефинира како криминал од ненасилни кривични дела кои резултираат со парична загуба. Ова вклучува и кривични дела каде финансиската загуба е несакана последица на сторителот или каде не постоела намера од страна на истиот да реализира финансиска корист за себе или за поврзани субјекти (на пример, кога сторителот навлегува во компјутерски систем на банката и случајно или намерно брише неповрзани депозитни сметки.) Исто така, терминот се користи за да се однесува само на случаи каде сторителот има намера да се стекне со корист од криминал.

Во секој случај, измамата (односно актот на бесправно мамење или давање погрешни информаци за да се стекне противправна финансиска корист) за лична корист е несомнено една од најчестите. Наместо да ги објаснуваме различните концепти во зависност од надлежностите, во овој труд терминот финансиски криминал ќе се користи во поширока смисла-како секој вид ненасилен криминал кој резултира со финансиска загуба. Секогаш кога финансиска институција е вклучена, терминот финансиски криминал ќе биде употребен.

[32] http://www.imf.org/external/np/ml/2001/eng/021201.pdf

Финансиските институции можат да бидат вклучени во финансискиот криминал на три начини:
- како жртва;
- како сторител;
- како инструмент.

Според првата категорија, финансиските институции можат да бидат жртва на различни видови измами, вклучувајќи и лажно прикажување на финансиски податоци, проневера, злоупотреба на чекови и кредитни картички, измами со хартии од вредност, осигурителни измами и измами во пензиски фондови.

Според втората категорија, финансиските институции се јавуваат како извршители на измами од другите, како на пример, продажба на лажни финансиски производи, проневера на клиенти и фондови.

Во третата категорија се случаите каде финансиските институции се користат за чување или трансфер на средства (намерно или ненамерно), а кога и самите профитираат од кривичното дело без оглед на тоа дали кривичното дело е од финансиска природа или не е. Еден од најважните примери во оваа категорија е перењето пари. Финансиските институции може да се користат како средство за чување или пренесување на приноси од казниво дело. Покрај тоа, кога една финансиска институција е средство (инструмент) на криминал, позадината или предикативното кривично дело е најчесто од областа на финансискиот криминал. Постои растечка перцепција во многу земји дека во пораст е појавата предикативни кривични дела да се делата од финансискиот криминал иако нелегалната трговија со дрога и понатаму останува главно предикативно кривично дело за перење пари. Иако условите варираат од земја во земја назначувањето на финансискиот криминал како предикативно кривично дело, главно се идентификува во: големи финансиски центри и во области на финансиски институции (локации каде криминалните приноси се перат), што може да биде различна локација од таа каде предикативносто дело е сторено.

Финансиски криминал и перење пари се идентификува како т.н„криминал со бели јаки“. Како што веќе спомнавме, таму како сторители на кривичните дела се јавуваат припадници на угледни, високи владејачки и деловни кругови кои користејќи ги влијанијата кои ги имаат во општеството, вршат кривични дела, кои им носат голема материјална корист. Од социолошки аспект ваквите активности кои ги вршат припадниците на организираните криминални групи привидно

создаваат слика на нормално однесување, но истите во себе ја носат криминалната умисла која е водечка во извршувањето на делото.

Поради постоење бројни дефиниции кои го определуваат **финансискиот организиран криминал**, а поради точноста во дефинирањето потребно е да се издвојат следниве карактристики:[33]

- ***организација*** на група за извршување на казниво дело;
- ***хиерархиски односи во групата*** што му допуштаат на нејзиниот водач да ја контролира;
- ***насилство, заплашување и корупција***, како средства за остварување профит или заради контролирање на пазари или цели територии;
- ***„перење" на нелегално стекната корист*** и инфилтрација во легалната економија;
- ***способност за експанзија*** во која било нова активност, надвор од националните граници;
- ***кооперација*** со други организирани транс-национални групи.

Истовремено треба да се посочи и значењето на терминот *професионален криминалитет*[34], кој е во тесна врска со финансискиот организиран криминал и подразбира континуирана криминална активност избрана во вид на постојано занимање и извор на приходи. Исто така, професионалноста на активностите на транснационалните криминални групи, како софистицираноста на криминалните шеми, кои се користат за перење на приносите од различни кривични дела, се повеќе го издвојува перењето пари како независна криминална услуга, но и како неизбежен составен елемент на секоја поголема профитабилна криминална група.[35]

Организираниот криминал во голема мера е мотивиран од остварување на економска корист. Сериозноста на криминалните активности од организираната форма се гледа во:

- Вклученост на мрежа на институции и правни субјекти,
- Над три учесници во криминалните активности, кои поднесуваат кривична одговорност,

---

[33] Камбовски Владо „Организиран криминал" Скопје, 2005 година, страница 22

[34] http://www.preservearticles.com/2012050131605/what-are-the-5-characteristics-of-professional-crime-and-criminals.html

[35] Камбовски Владо и Наумовски „Корупцијата-најголемо општествено зло и закана за правната држава", Скопје 2002, страница 53

- Криминалните субјекти остваруваат „значителна имотна корист“.[36]

Од кривично-правен аспект финансискиот организиран криминал во рамките на македонскиот правен систем прави дистинкција помеѓу следниве кривични дела од Кривичниот Закон на Р.Македонија:[37]

- Измама (член 247),
- Измама при добивање кредит или друга погодност (член 249),
- Оштетување и неовластено влегување во компјутерски систем (член 251),
- Компјутерска измама (член 251-б),
- Злоупотреба на доверба (член 252),
- Оштетување или повластување доверители (член 257),
- Лихварство (член 260),
- Фалсификување пари (член 268),
- Фалсификување на хартии од вредност (член 269),
- Перење пари и други приноси од казниво дело (член 273),
- Издавање чекови без покритие и злоупотреба на кредитна картичка (член 274),
- Издавање акцептен налог без покритие (член 274-а),
- Измама при работење со хартии од вредност и удели (член 275),
- Недозволена трговија (член 277),
- Даночно затајување (член 279),
- Фалсификување и уништување на деловни книги (член 280),
- Оддавање и неовластено прибавување деловна тајна (член 281),
- Злоупотреба на овластување во стопанството (член 287),
- Злоупотреба на службената положба и овластување (член 353),
- Несовесно работење во службата (член 353-в),
- Измама во службата (член 355),
- Противзаконито посредување (член 359),
- Прикривање потеклно на несразмерно стекнат имот (член 359-а),
- Фалсификуавње службена исправа (член 361),
- Противзаконита наплата на исплата (член 362),

Токму законската поставеност од аспект на обезбедување на превентивни системи и системи за заштита од незаконитости во финансиското работење ја

[36] КАРПО (проект за развој на сигурни и функционални полициски системи и зајакнување на борбата на главните криминални активнсоти) „Нацрт-регионална стратегија за средства против организираниот економски криминал“ превод од англиски, септември 2005 година, страница 4.

[37] Според Кривичен Закон на Република Македонија (Службен Весник на Рм бр.37/96 и измени и дополненија 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 09/09, 114/09, 51/11, 166/12, 55/13 и 82/13).

потенцира огромната улога на правната рамка во секој национален систем во борбата против сите појавни облици на финансиски организиран криминал. Опфатноста, конкретноста и доследната имплементација на правната рамка обезбедуваат услови за спроведување на посебна финансиска политика на превенција и спречување на перење пари и појавните облици на финансиски организиран криминал.[38]

Во бројната социолошка литература при дефинирањето на поимите перење пари и организиран финансиски криминал забележливи се два доминантни пристапи:

- *Прв пристап,* каде за перењето пари и организираниот финансиски криминал се вели дека претставува исклучиво дејност на професионални криминални организации;

- *Втор пристап*, кој го дефинира перењето пари и организираниот финансиски криминал не само како дејност на професионални криминални организации, туку им доделува и други карактеристики, како што се: организирана дејност од стопански вид (криминална корпорација), употреба на насилства, присила и психички притисоци за зачувување на приоритетната позиција за зголемување на профитот, како и за финансирање на терористички активности, а се со цел да се издејствува позиција на лична заштита и донесување на политички одлуки за нивна амнестија. [39]

Овој вид на криминално однесување, етимолошки своите корени ги има во карактерот на општествено-економската структура, отуѓеноста на луѓето, материјалните и духовните услови за живот, индивидуалната потреба, како и потребата проблемите да се решаваат со недозволени средства.

За да се прошири социолошкиот пристап ќе ја наведеме битноста на поимите перење пари и финансиски организиран криминал од криминолошки, криминалистички и кривично-правен аспект.

*Криминолошкиот аспект* говори дека од практика на „case study" во светски рамки, најчесто исти лица се јавуваат како сторители на вакви кривични дела со пречекорување на нивните законски овластувања и позиции и се стекнуваат со противправна имотна корист. [40]

---

[38] Ted Leggett „Crime and it`s impact on the Balkans and affected countries" United Nations, Office on Drugs and Crime, March 2008, страница 96

[39] Ненад Николовски, „Банки и организиран криминал", Нордиа Скопје, Скопје 2011 година, страница65

[40] Џуклески Гоце и Николоска Светлана „Економска криминалистика" Скопје, 2007 година, страница20.

Според *криминалистичкиот аспект*, постојат онолку криминалистички методики, колку што постојат групации на кривични дела со исти или слични криминалистички карактеристики.[41] Уставот како врвен правен акт во сите земји со модерни капиталистички уредувања, дава доследна можност на претприемачката и приватната сопственост, а истиот ја пропишува и кривичната одговорност која е дополнета со други правни акти, каде се дефинира кривичната одговорност на физичките и правните лица. Од овде, како *кривично-правен аспект* се дефинира одговорноста на службеното лице (претседател на држава, државен службеник, овластено лице во правно лице, воено лице, претставник на странска држава), како и засебната одговорност на правните лица (единици на локална самоуправа, политички партии, трговски друштва, здруженија, фондови, финансиски организации, банки и сл.).

Како во бројни земји во транзиција, така и во македонската практика од економски аспект, во време на транзиција се повеќе се трупаа економските проблеми, проблеми со невработеноста, намален животен стандард, постојан буџетски дефицит, праметри кои придонесоа за опаѓање на моралот кај државните службеници и останатите вршители на јавни функции, а поради чуствителноста на нивните позиции биваа подложни на корупција и криминално однесување. Членовите на организираните групи кои се занимаваат со финанскиски криминал се стекнуваат со огромна материјална корист и незаконито богатење, а влијанието на овој тип на криминал задава сериозен удар на буџетите и доведува до нарушување на монетарната стабилност. Ваквата фактичка состојба ја имплицира потребата од постоење ефикасни и модерни превентивни и репресивни државни и меѓународни системи кои ќе можат успешно да се борат против организираниот финансиски криминал и кои ќе можат успешно да воспостават политика на ефикасни национални стопанства кои што нема да овозможат дисбаланс на стопанските односи.

[41] Цитат: Ангелески Методија „Основи на економска криминалистика" Скопје, 1999 година, страница 21.

## 3.2 ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Како што е погоре наведено перењето пари често се нарекува финансиски криминал. Перењето пари генерално се дефинира како „префрлање на незаконски стекнати парични средства или инвестиции преку надворешен фактор со цел да се прикрие вистинскиот извор". Ваквите активности може да ги спречат институциите за спроведување на законот со откривање или одземање на приносите од криминал, или користење на истите како доказ во судска постапка, како и прикривање на стварниот корисник на приносите од криминал или друг имот кој би можел да биде предмет на конфискација. Перењето пари може да се изврши со или без знаење на финансиската институција или договорната страна која треба да ги изврши финансиските трансакции, но за обвинение за перење пари секогаш е потребно да постои знаење за криминал.[42]
Бројот и разновидноста на трансакциите кои се користат за перење пари станаа повеќе комплексни, во случаи кога честопати се инволвирани голем број финансиски институции од повеќе земји и се почесто користење на небанкарски финансиски институции (менувачници, осигурителни компании, брокери, трговци и сл). Покрај тоа, затоа што предикативните кривични дела се често од областа на финансискиот криминал парите може да не се трансферираат во готовина туку со користење на други финансиски инструменти. Исто така употребата на нефинансиски бизниси и пазари за перење пари се чини дека се зголемува, вклучувајќи не само нелегитимни институции-формирање на т.н.„Shell companies"-компании за перење пари[43], туку и легитимни компании кадешто нелегитмно стекнатите средства се мешаат со легитимните. Методите на перење пари се различни и постојано се развиваат. Тие се движат, од трговски операции до он-лајн банкарство. Перењето пари може да биде изведено и надвор од финансиските системи, на пример преку алтернативни парично-доставни системи.

Други видови кривични дела од областа на финансискиот криминал кои може да бидат поврзани или да постојат паралелно со перење пари се: корупцијата, измамите или контрола на финансиски институции од страна на организираниот криминал. Според наведеното, криминалните приноси, криминалците можат да

[42] Jack Boorman, Stefan Ingves, INTERNATIONAL MONETARY FUND, Financial System Abuse, Financial Crime and Money Laundering—Background Paper, 12.02.2001, страница 7

[43] Трајковски Гоце „Улогата на финасиските институции во процесот на спречување на перење пари со посебен осврт на Република Македонија" Скопје, јуни 2008 година, страница 33

побараат парите да бидат пуштени во легален промет, „испрани“ преку финансиските институции што идентификува постоење на серија измамнички активности како што е фалсификувањето на фактури и корупција на вработените во банките, како и развивање на синџир на незаконски активности и проток на криминално стекнати парични средства низ финансиските институции. Даночното затајување како форма на финансиски криминал е олеснето од страна на постоењето на земји кои имаат ниски даночни стапки, одржување релативно лабави финансиски регулативи и практики и го прават тоа за да не ги споделат инфомациите за сметките на клиентите со даночните власти во земјите.

Оттука перењето би се дефинирало како „процес на користење перење пари или предмети од вредност што потекнуваат од нелегални активности, преку криење (прикривање) на идентитетот на поединците кои ги добиле парите или предметите од вредност и нивно претворање во средства што изгледаат како да потекнуваат од легитимни извори“.[44] Ваквата дефиниција може да се поедностави со дефинирање на перење пари како активност на криминалните групи или поединци, валканите пари (стекнати од криминални активности) да ги трансформираат во чисти, односно целта е давање привид дека истите потекнуваат од легитимни извори.

Македонската законска регулатива „перењето пари“ го дефинира во Кривичниот Законик, каде номинално стои дека за перење пари ќе се казни „тој што ќе пушти во промет, ќе прими, ќе преземе, замени или раситни пари од поголема вредност што ги прибавил со казниво дело или за кои знае дека се прибавени од казниво дело, или со конверзија или со пренос на друг начин ќе прикрие дека потекнуваат од таков извор ќе ја прикрие нивната локација, движење или сопственост“ [45].

Конвенцијата на Обединетите Нации за транснационален организиран криминал во чл.6 и 7 дава насоки на државите за заштита од „перење приноси од криминал“ и мерки за борба против перењето пари, односно во чл.6 побарува од националните легислативи да воспостават кривични дела за:

- Замена или трансфер на имот за да се прикрие или сокрие незаконското потекло на имотот;

[44] Медингер Џон „Перење пари“-водич за кривични иследници (превод на македонски јазик), Скопје 2009 година, страница 6.
[45] Член 273 од Кривичниот Законик на Република Македонија (Службен Весник на Република Македонија бр.19 од 30.03.2004 година)

- Прикривање или преправање на реалната природа, локација, употреба и пренесување на имот стекнат на криминален начин;
- Пуштање во промет или користење на противправно стекнати парични средства за вршење на законити дејности или заради стекнување имот во значителна корист;
- Употреба на имот за кој се знае дека е стекнат со криминални активности.

Во чл.7 од истата Конвенција се предлагаат следниве мерки за борба против перењето пари:

- Воспоставување режим на регулативи и супервизија на банките и другите финансиски институции заради откривање на перење пари, со нагласување за чување досиеја и пријавување на сомнителни трансакции;
- На службите надлежни за сузбивање на перење пари да им биде овозможено да соработуваат во смисла на размена на информации на национално и меѓународно ниво, како и воспоставување на единици за чување на финансиски податоци кои ќе претставуваат центар за собирање, анализирање и проценување на информации за потенцијално постоење на перење пари;
- Имплементација на мерки за откривање и следење на готовински средства и платежни инструменти преку границите со ограничен промет, кои мерки ќе вклучат и барање лица и бизниси да го пријавуваат прекуграничниот пренос на позначајна сума готовина и соодветни вредносни инструменти.
- Државите членки да воспостават глобална, регионална и билатерална соработка помеѓу полициските, судските и финансиските институции во целта против перењето пари.

Светската теорија прифаќа дека перењето пари се состои од три фази:[46]

- **Пласман** – кога стекнатите финансиски средства на криминален начин се пласираат во банките или се користат за купување добра;
- **Прикривање** – се прикриваат и сокриваат писмените траги;
- **Интеграција** – нелегалните финансиски средства се интегрираат во легалните финансиски токови.

---

[46] Повеќе на www.fatf-gafi.org

Теоријата од областа на перењето пари препознава повеќе критериуми кои помагаат да се изврши селекција на облиците на перењето пари и тоа :[47]

- Начинот на стекнување на приходите;
- Потеклото на приходите;
- Износот на приходите;
- Начинот на пласман;
- Начинот на прикривање;
- Начинот на интеграција.

Основната претпоставка на која се заснова процесот на перење пари е идентификување на „предикативно кривично дело“[48] – тоа е активност која секогаш му претходи на процесот на перење пари, а се однесува на приход кој е стекнат на незаконит начин, како што се нелегалните трговии (со дрога, оружје, луѓе и разновидна стока) како и приходи стекнати од финансискиот криминал.

### 3.2.1 НАЧИНИ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Во зависност од начинот на кој криминалците (поединците и криминалните групи) ќе решат да ги легализираат нелегалните приходи, се идентификуваат повеќе начини на перење пари и други приноси од казниви дела. Се делат на Традиционален и современи начини на перење пари.

- **Традиционалениот начин на перење пари**, претставува перење пари преку готови финансиски средства и е наједноставен и најупотребуван начин на перење пари кој претставува извлекување на финансиски средства кои во фазата на пласман биле внесени како готови пари. Овој начин е високоризичен за криминалните групи затоа што готовинските средства во финансиските институции неможат да се пласираат како депозит, па затоа тие ги користат банките во неразвиените земји и земјите во развој преку т.н.offshore центри кадешто не се контролира потеклото на парите. Со цел да го направат безбеден ваквиот начин организираните криминални групи при внесот на нечистите парични средства во финансиските институции како депоненти на готови пари во вид на штедни влогови користат правни лица кои припаѓаат на одредена стопанска гранка и за кои ваквата активност е сосема нормална, а со цел да ја сокријат

[47] Levi Michael and Reuter Peter "Money Laundering" University of Chicago, 2006 (страница121-123)

[48] Кривично дело со кое се создава нелегалниот приход кој претставува предмет на „перење“

својата трага користат техника која е наречена *структурирање на трансакцијата*[49] која преставува поделба на готовинската трансакција на повеќе мали готовински трансакции во релативно краток период, а износите се приближни до оној кој налага задолжително пријавување на готовинска трансакција.

- **Современи начини на перење пари**, претставуваат начини на перење пари преку безготовински плаќања, односно перење пари преку електронски трансфер на пари, употреба на кредитни и парични картички, кредитни задолжувања, хартии од вредност, гаранции, како и реализација на заложни права.

*Перење пари преку електорнски трансфер на пари*- овозможува за краток временски период од само неколку минути да од една до друга страна на светот се трансферираат пари. Брзиот трансфер на пари е услуга која ја овозможуваат сите банки и финансиски институции за одредена провизија и е често користен од „перачите на пари". Идентификувана шема на перење пари е префрлање на паричните средства од правни кон физички лица по различни основи кое се извршува преку членовите на криминалната група или организација или преку нивни полномошници коишто депонираните средства во правните субјекти ги подигаат од нивните тековни сметки или платежни картици во готово по што вршат „поврат" во правниот субјект.

*Перење пари преку платежни картички*- се остварува преку вршење серија на кривични дела-злоупотреба на платежни картички, кражба на идентитет, употреба на фалсификат и сл.[50] Еден од наједноставните начини на перење пари преку платежни картички е подигање на финансиски средства преку вршење фиктивно плаќање производ или услуга, но и преку реално плаќање кое станува предмет на препродажба. Платежните картички можат да бидат злоупотребени и во втората и третата фаза од процесот на перење пари, интеграција и прикривање, на пример ако субјектите кои вршат перење пари успешно ги депонираат средствата во банка (депозит во готовина или сл.) тие со помош на картичката можат да

---

[49] Во тероијата се сретнуваат и термините:делба на трансакција, сечење на трансакција, шрумфување на трансакција и сл.

[50] KH.Spencer Pickett and Jennifer Pickett, „Financial Crime Investigation and Control"JOHN WILEY & SONS, INC, USA 2002, страница3

набават одредени производи или услуги и да им дадат легитимитет на криминалните приноси.[51]

Во денешни услови феноменот на „перење пари“ зазема заканувачки размери, особено со адаптирањето на новонастанатите услови на интензивна глобализација и технолошка трансформација и интеграција. Проблемот на перење пари добива на значење во услови кога се знае дека новата глобална финансиска структура, односно меѓународните финансиски институции се повеќе излегуваат од контролата и регулацијата на националните економии и добиваат меѓународен карактер, а сето тоа е резултат на континуираниот процес на глобализацијата. Со оглед на тоа што во секојдневната банкарска практика неминовно се воведуваат нови оперативни техники, методи, програмски системи и сл. со цел зголемување на ефикасноста и рентабилноста на банкарските институции, истите се почесто се жртви на најразновидни начини на злоупотреби од странаа на клиентите, деловните соработници, акционерите, полномошниците и другите субјекти. Сето ова доведува до зголемување на пропустите во безбедносните политики и постапки за заштита на услугите и производите пласирани од страна на банкарските институции, а банкарските финансиски активности да станат поврзани со постоење на одреден ризик од оперативното работење кој е наметнат и од современите финансиски тенденции на незаконско работење, преку злоупотреби, фалсификати, измами и се почестиот облик на перење пари.

## 3.3. ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ

Финансиската истрага е специјализирано криминалистичко истражување која има цел да се утврдат и документираат приходите од криминалот, односно да се пронајде целокупниот противправно стекнат имот и имотна корист стекната со извршување на кривично дело и во пропишана правна постапка истиот да биде конфискуван.[52]

Како дел од генералната превенција за спречување на извршување на кривични дела каде економскиот профит е водечки мотив за извршување на кривичното дело, со чие извршување сторителот се стекнал со противправна имотна корист,

[51] Ненад Николовски „Банки и организиран криминал“ Нордиа Скопје, Скопје 2011 год., страница20-25

[52] Practice advice on financial invastigantion, Produced on behalf of the Association of Chief Police Officersby the National Centre for Policing Excellence, CENTREX, helping to developpe policing,2006, страница12

потребно е органите на прогон, покрај собирањето на докази за извршеното кривично дело, задолжително да поведат и истрага за имотот и имотната корист стекнати од сторителот на тоа кривичното дело.

Со одземањето, замрзнувањето и конфискација на противправно стекнатиот имот и имотна корист од извршување на кривично дело се дестимулираат потенцијалните извршители за извршувањето на кривични дела со што се постигнува и голем ефект во генералната превенција против криминалот.

Заради поефикасно и организирано спроведување на финансиската истрага, неопходно е почитување и примена на стандардните оперативни процедури односно чекорите за водење на финансиска истрага.[53]

При Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во рамките на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал се наоѓа Секторот за финансиски криминал кој е професионална (специјализирана) единица за сузбивање на криминални групи кои се занимаваат со финансиски криминал и водење на меѓународни истраги.

Секторот за финансиски криминал води криминалистички истраги по принципот на формирање работни групи (тимови) со раководител на оперативен тим. Процесот на водење на истрагата вообичаено започнува со таргетирање на најзаканувачките криминални групи, формирање на работен тим во кој се вклучува аналитичар за истраги кој врши профилирање на криминалнаите групи, лица и објекти кои се предмет на работа, како и раководител на тимот кој е задолжен за планирање на мерките и активностите кои се потребни да се преземат, а во координација и соработка со Началникот на Одделот и надлежен Јавен Обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Целта на финансиската истрага е да се идентификуваат, следат, запленат и конфискуваат приходите стекнати од криминал паралелно со кривичната постапка на кривично дело кое резултира во материјална корист. Целта на мерките за спречување детекција на перење пари кои обично се спроведуваат од страна на неспецијализирани одделенија за финанасиски истраги-FIU-Financial investigative unit (во Р.Македонија-Управата за финанасиско разузнавање) е да се набљудуваат и анализираат финансиските трансакции и да се открие постоењето на типови на перење пари.

---

53 http://www.scribd.com/doc/57050379/Finansiski-istragi

Надзорот на сомнителните трансакции го утврдува нивното нелегално потекло. Финансиската истрага води кон сомнеж за постење кривично дело со елементи на перење пари, банкарските сметки веќе не се деловна тајна за органите на прогон согласно Законот на Јавното обвинителство[54], но и согласно чл.144 ст.2 т.6, овозможува увид во деловна документација на правно лице како оперативно тактичка мерка и тоа: хартии од вредност (Централен депозитар за хартии од вредност); подвижен имот-возила, уметнички слики, накит; недвижен имот-катастар; имот во странство (меѓународна полициска соработка на полицијата и правосудните органи); запленување (Полицијата запленува предмети и средства кои произлегуваат од кривично дело или имот стекнат со криминал); Наредба за привремено обезбедување; Предлог за привремено обезбедување на имотот (услови: веројатност, основи за сомнение за постоење кривично дело и на резултирачки приходи, опасност од оттуѓување, криење или уништување на приходите или оневозможување на запленување на било каков начин); Предлог-елементи (наоди и докази во врска со кривичното дело и сторителот, наоди за вид и износ на нелегален приход, наоди за имот кој може да биде запленет, информација за веќе запленет имот, основи за правните предуслови за издавање на Наредба); Процедурални правила; собирање на доказите за сомнение на кривично дело и за кривично дело чл.144 основи на соменение според Законот за кривична постапка, за тоа кога да се спроведе финансиска истрага и утврдување на приходите од криминал кои треба да бидат конфискувани.

Управата за финансико разузнавање при Министерството за финансии има основна надлежност да прибира, обработува и доставува податоци за целите на спречување перење пари. Податоците примени од задолжените субјекти или органите на државата, Управата ги обработува, дополнува со податоци и информации од други извори, ги анализира и резултатите од своите анализи во форма на извештај или известување го доставува до Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција или Јавното обвинителство.

[54] Службен весник на Р.М, бр.150/2007 од 03.12.2007 година

### 3.3.1 ЦЕЛИ НА ФИНАСИСКАТА ИСТРАГА

Цел на финансиската истрага е обезбедување на докази за пронаоѓање, обезбедување, замрзнување и конфискација на противправно стекнатиот имот и имотната корист од извршено кривично дело.

За да се постигнат целите на финансиската истрага треба да се има во предвид дека:

- Финансиската истрага треба да биде стандардна постапка која ќе се примени при истражување на криминалот кој генерира криминална добивка;

- Секој полициски службеник мора покрај податоци и докази за постоење на кривичното дело да обезбедува и податоци или докази за противправно стекнатиот имот и имотната корист од кривично дело;

- Истражувачите мора да бидат обучени и специјализирани во вршењето на финансиските истраги;

- Да има блиска соработка со истражувачите кои се одговорни за криминалистичкото истражување доколку овие мерки и дејствија и финансиската истрага се спроведуваат одвоено од различни извршители;

Со завршување на финансиската истрага се постигнува:

- Генерална превенција за вршење на кривични дела кои генерираат нелегален профит;

- Ја отстрануваат можноста за користење на нелегален профит за извршување на други кривични дела (коруптивни кривични дела, тероризам и др.);

- Го спречува инфилтрирањето на нелегален профит во легалниот платен и правен промет со што се штити економската сигурност на државата;

- Помага да се лоцираат и обезбедат докази за сторителите на кривичното дело, посебно за организаторите на криминалната група каде се концентрира криминалниот капитал;

- Го подржува спроведување на законот за тоа дека никој не може да се стекнува со материјална корист со вршење на кривични дела;

Со одземањето, замрзнувањето и конфискација на противправно стекнатиот имот и имотна корист од извршување на кривично дело, се дестимулираат потенцијалните сторотели за извршувањето на нови кривични дела.

### 3.3.2 ЕЛЕМЕНТИ НА ФИНАНСИСКАТА ИСТРАГА

Елементи на финансиската истрага се следните:

- Обезбедување на докази за постоење на кривично дело;
- Обезбедување на докази за сторителот и за кривичното дело;
- Утврдување на приходи стекнати со криминал, вид, износ и локација каде истите се наоѓаат;
- Утврдување и документирање на сопственоста - имот или имотна корист, која може да биде конфискувана (идентификација на лица, имот кој ќе биде подложен на конфискација или проширена конфискација) и
- Создавање на условите за примена на привремените мерки (заплена и обезбедување) од надлежните државни органи.

Запазувајќи ги елементите на финанасиската истрага, финансиските истражители ќе бидат ефикасни во превенцијата и борбата против организираниот финансиски криминал од каде доаѓа и неопходноста од насочување кон откривање, замрзнување, привремено одземање и конфискација на приходите од криминал. Со цел утврдување и откривање на незаконски стекнатиот имот неопходно е органите за прогон да имаат пристап до податоците за имот (катастар, регистар за правни лица, даночна евиденција и сл.). Исто така од големо значење е и пристапот до банкараски евиденции преку кои може да се следи токот на парите, инволвираните лица и нивните односи, кои претставуваат значаен извор за идентификација, пронаоѓање и конфискација на приходите стекнати од криминал и прибирањето докази за кривично правно санкционирање на сторителите.

### 3.3.3 МЕТОДИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ПРИ ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ

Во текот на работењето и водењето на финансиски истраги во Р.Македонија, Министерството за внатрешни работи често соработува со Финансиската полиција и Управата за финансиско разузнавање при Министерството за финансии.

Методи кои се користат при водењето на финансиските истраги:

- Утврдување на приходите стекнати од криминал (вид и износ);

- Утврдување на сопственоста која може да биде конфискувана (идентификација на лицата, имотот кој е подлежен за конфискација или проширена конфискација);
- Утврдување на условите за привремени мерки (заплена/обезбедување);
- Следење на парите (можат да доведат до клучни личности и настани);
- Користење на посебни истражни мерки;
- Прибирање податоци од различни извори-нивна проценка и техничка обработка, анализа и подготвување извештај за утврдена состојба.

Знаењето на методите кои се употребуваат во текот на водењето на финансиските истраги ќе предизвика зголемена ефикасност и ефективност во прибирањето докази кои ќе бидат неоспорни во судската постапка и ќе резултираат со успешно завршени истраги. Од овие причини неопходно е агенциите за спроведување на законот да вложат во сопствените капацитети, односно организирање обуки и перманентно доспособување на вработените задолжени за водење финанасиски истраги, како едни од најкомплексните истраги кои се судираат со особени потешкотии во докажувањето на кривичните дела од областа на финансискиот криминал.

### 3.3.4 ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ИСТРАГА

Финансиска истрага се започнува во сите случаи кога се води криминалистичко истражување за кривично дело со кое сторителот остварил имотна корист во вид на: пари, подвижни или неподвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, задолжително е спроведувањето на финансиска истрага.[55] Со финансиската истрага се преземаат мерки и активности за пронаоѓање и документирање на секој имот и имотна корист која сторителот ја задржал за себе, ја пренел на трети лица или ја трансформирал во друг вид на вредност.
Финансиската истрага се води паралелно со криминалистичкото истражување.
Финансиската истрага може да биде основ за започнување на друго криминалистичко истражување (доколку со спроведување на истата се добијат информации или обезбедат докази за извршено и друго кривично дело).

[55] Practice advice on financial invastigantion, Produced on behalf of the Association of Chief Police Officersby the National Centre for Policing Excellence, CENTREX, helping to developpe policing,2006, страница 11

Финансиската истрага може да се поведе и во текот или по завршувањето на криминалистичкото истражување.

### 3.3.5 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ИСТРАГА

Во Република Македонија, согласно член 48 од Законот за кривичната постапка (Сл.Весник на РМ бр.150/10 и 100/12) финансиски истраги водат полициските службеници во организационите единици во Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција и Царинската управа, како и припадници на правосудната полиција.

Секој припадник на полициските служби од Министерството за внатрешни работи кој спроведува криминалистичко истражување, доколку има основи на сомненија или основано сомнение, дека сторителот на кривичното дело директно или индиректно се стекнал со имотна корист од кривичното дело кое го сторил, треба да отпочне паралелно и со финансиска истрага согласно член 46 од ЗКП.

Финансиска истрага се води на :

- Локално ниво;
- Регионално ниво и
- Централно ниво.

За финансиски истраги од посложен облик или со елементи од меѓународен криминал, полицискиот службеник кој започнал со финансиска истрага, може да побара вклучување на полициски службеник од истото хиерархиско ниво доколку е потребна поголема стручност од онаа која истиот ја поседува за откривање и документирање (спроведување на финансиска истрага), како и од следното повисоко хиерархиско ниво, кое има надлежност за водење на финансиски истраги.

Финансиските истраги ги водат полициски службеници и организациони единици во состав на Министерството за внатрешни работи, согласно месната и стварната надлежност на кривичните дела што се предмет на истрагата.

### 3.3.6 КОРИСТЕЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ФИНАНСИСКА ИСТРАГА И ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРОВЕРКИ

Квалитетни информации овозможуваат благовремено преземање на мерки и дејствија во истрагата за утврдување на видот на стекнатиот имот или имотна корист од кривично дело (пари, недвижен и подвижен имот или друг вид на имот).

Со таа намена се користат податоците обезбедени од :

- Јавни извори;
- Судски пресуди;
- Информации од граѓани;
- Податоци со кои располагаат во своите бази на податоци институциите или агенции во РМ (со закон овластени да собираат или чуваат ваков вид на податоци);
- Банки во Р.Македонија во постапка предвидена со Закон;
- Приватни компании во постапка предвидена со Закон;
- Бази на податоци и евиденции кои ги води или со кои располага МВР;
- Податоци кои во законски постапки биле констатирани од други агенции за спроведување на законот во Р.Македонија или институции овластени да вршат одредени проверки и да собираат податоци за имот во Р.Македонија;
- Обезбедени со примена на посебни истражни мерки согласно Законот за
- кривична постапка;
- По пат на меѓународна полициска соработка со соодветни полициски органи во други држави или меѓународни полициски организации;
- Проверки во анкетни листови со кој се пријавува имотната состојба за одредени категории на граѓани и
- Други податоци обезбедени со други методи и постапки кои се преземаат врз основ на закон.

Обезбедените информации се разгледуваат, проучуваат, анализираат и селектираат, за да истите понатаму во финансиската истрага се потврдат и на законски определен начин се обезбедат како докази во постапката.

Полицискиот службеник или тимот во текот на финансиската истрага, а со цел обезбедување на докази поврзани со финансиската истрага, во постапка

согласно Законот за кривична постапка, задолжително треба да ги направи следните проверки преку кои ќе обезбеди податоци - докази од:

- Банкарски сметки, трансакции и банкарски сефови;
- Недвижен имот регистриран во Агенција за катастар на Р.Македонија;
- Моторни возила во регистар на Министерството за внатрешни работи;
- Регистар за пловни објекти и воздухоплови (доколку се располага со податок дека сторителот или лицето за кое постои сознание дека го прикрива имотот, располага со пловен објект);
- Хартии од вредност регистрирани во Централен депозитар на хартии од
- вредност на РМ;
- Утврдување на сопственост и удели на правни лица, преку Централен регистар на Р.Македонија;
- Утврдување на заложен движен и недвижен имот во Заложен регистар;
- Утврдување на имотот и приходите пријавени за оданочување преку Управата за јавни приходи;
- Утврдување на имот врз основа на записници или други документи изготвени од надлежни државни институции или судови, а кои содржат податоци поврзани со имотната состојба;
- Јавни извори на податоци (интернет страници, социјални мрежи и сл.);
- Користење на разузнавачки податоци;
- Проверки, за кои Наредба издал надлежен Јавен обвинител или Суд;
- Претрес на дом и други простории, претрес на деловен простор, претрес на моторни возила;
- Проверки во податоци со кои располага Министерството за внатрешни работи или судот, а кои се нотирани во претходно поднесени кривични пријави или донесени пресуди, како и
- Преземање на сите овластувања, мерки и методи кои со Законот за кривична постапка или подзаконски акти се ставени на располагање на полициските служби, заради обезбедување на докази во законска форма.

Обезбедувањето на докази поврзани со финансиската истрага е неопходно да се направи во постапка утврдена со Закон, а обезбедените податоци да се систематизираат, проучат и анализираат со цел утврдување кои од нив ќе се користат како доказ во судска постапка.

# 4. КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И КРИМИНАЛИСТИЧКО-РАЗУЗНАВАЧКА АНАЛИЗА

## 4.1 КРИМИНАЛИСТИЧКОТО РАЗУЗНАВАЊЕ

### 4.1.2 ДЕФИНИРАЊЕ

За криминалистичкото разузнавање може да се каже дека е краен производ на процесот кој е често комплексен, понекогаш физички, но секогаш интелектуален, добиен од информации кои се собираат, анализираат и оценуваат со цел да се спречи кривично дело или да се осигура лишување од слобода на сторителите.[56] Иако, кога ќе спомнеме „разузнавање“ можеби прво што ни доаѓа на ум се Агенциите за национално разузнавање како ЦИА, КГБ, НСА, или пак една од седумте големи разузнавачки дисциплини: гоеграфско разузнавање (GEOINT); разузнавање каде човекот е извор на информации/ човечко разузнавање (HUMINT); сигнално разузнавање (SIGINT); мерно или потписно (обележувачко разузнавање (MASINT); разузнавање од отворени извори (OSINT); техничко разузнавање (TECHINT);[57] и контраразузнавање, сепак, постои уште една разузнавачка дисциплина која игра клучна улога во националната безбедност и која опфаќа опсег од најмалите рурални заедници, до најголемите градови па до регионално и државно ниво. Таа разузнавачка дисциплина е „криминалистичкото разузнавање“ [58] и се дефинира како добивање „информација“ која е собрана, анализирана и/или проследена заради предвидување, спречување или следење на одредена или повеќе криминални активности. Исто така, криминалнистичкото разузунавање се дефинира и како „информации“ добиени од анализа на информации собрани преку истраги, форензика, увиди на лице место и евиденциски процеси со цел идентификување намера, капацитет, ранливост и модус операнди на заканувчки криминални елементи.

Криминалистичко разузнавање не е нов концепт, но за жал повеќето агенции за спроведување на законот немаат разузнавачка способност, односно персонал посветен на интелектуални функции.

---

[56] http://www.chesbro.net/images/Introducing_Criminal_Intelligence.pdf

[57] Митко Котовчевски, „Основи на разузнавање“ Биомат Графикс Скопје, Скопје 2013 год., страница229

[58] International Association of Chiefs of Police in their June 2003 Criminal Intelligence Model Policy,

Сегашниот национален тренд кон информациски водената полицијата (полиција водена од разузнавање и воспоставувањето на Национален разузнавачки модел во полицијата) бара поформален пристап во собирањето, изготвувањето, анализата и ширењето на криминалистичкото разузнавање. Имањето формална криминалистичко разузнавачка функција во рамките на институциите за спроведување на законот помага во донесувањето на одлуки и давањето на приоритет на случаи. Професионалците од областа на криминалистичкото разузнавање помагаат да се решат случаите и се поддршка во гонењето на криминалот, тие прават процени на закани, процени на ранливости и процени на ризик, а развиваат и бази на податоци за структурирање на податоците и информациите. Тие исто така обезбедуваат обуки и насоки за другите службеници (разузнавачи и оперативци) со цел да се обезбеди усогласеност со законите и протоколите од кои се води разузнавачката функција и да развијат ефективност и способност за собирање на информации на сите службеници во рамките на институцијата. Согласно моделот за криминалистичко разузнавање, собирањето на информации е фундаментална и есенцијална функција на институциите за спроведување на законот и нивните службеници. Ваквите информации се собираат со намера да се идентификуваат сторителите, да се превенира криминалот и да се обезбедат докази кои ќе бидат поддршка на обвинението.

Кога информациите се преработени и анализирани од крим-разузнавачите, разузнавачките продукти може да бидат развивани или дисеминирани со фокус на поединци или организации за кои постои основано сомнение дека се инволвирани во криминални активности.

Криминалистичките разузнавачи изработуваат разузнавачки продукти за поддршка на сите нивоа на Институцијата. Ratcliffe (2007) го дели криминалистичкото разузнавање во три главни категории:

• Стратешко разузнавање - фокусирање на разбирањето на поширока криминална средина и поддршка на развојот на проактивна политика за спроведување на законот и процедурите.[59]

• Оперативно разузнавање – поддршка на превенција и сузбивање на регионалната криминалните активности.

[59] Don McDowell, „STRATEGIC INTELLIGENCE& ANALYSIS, Guidelines on Methodology & Application", The Intelligence Study Center, 1997, страница 8

• Тактичко разузнавачање - поддршка на патролните служби и инспекторите и фокусирање на разузнавање поврзано со одредени случаи.[60]

Криминалистичките разузнавачи развиваат широк спектар производи за поддршка на институциите за спроведување на законот, вклучувајќи регионални и биографски досиеја, досиеја за активности, скрининг листи за безбедносно разузнавање, процена на закани, разузнавачки извештаи од отворен извор, BOLO (Be On Look Out) сигнали, потерници, Визуелни прикази-чартови за анализа на врски, мапи, графикони, како и бројни други производи.

### 4.1.3 ЦЕЛ НА КРИМИНАЛИСТИЧКОТО РАЗУЗНАВАЊЕ

Криминалистичкото разузнавање има за цел:

1. *Спречување на криминал* - се остварува преку развивање на криминалистичко разузнавачки продукти од информации поврзани со криминални активности на сторители.

Овие криминалистичко разузнавачки продукти полицијата ги користи за спречување на вршење на кривични дела и откривање и фаќање на нивните сторители и примена на стратегии за елиминирање или намалување на заканите од криминал.

Овие продукти се категоризираат како оперативно разузнавање, кое се употребува како основа за донесување на одлуки за преземање на директни оперативни мерки, првенствено насочени кон поединечни субјекти, лица /групи и нивните активности.

2. *Планирање и распоредување на ресурсите* - се остварува преку развивање на криминалистичко разузнавачки продукти за потребите на донесувачите на одлуки со кои се обезбедуваат информации за карактеристиките и методологиите на криминалните закани, со цел развивање на стратегии за одговор и распоредување на ресурсите.

Овие продукти се категоризираат како стратешко разузнавање, кои врз основа на проценка за криминалот овозможуваат полицијата да развие планови за распоредување на ресурсите во зависност од заканите од криминал.

---

[60] Criminal Intelligence, Manual for Analysits, Unated Nationos, New York 2011, страници 17 и 18

### 4.1.4 РАЗУЗНАВАЧКИОТ ПРОЦЕС

Разузнавачкиот процес се состои од 6 (шест) меѓусебно зависни фази:

***1. Насочување***

Активностите согласно криминалистичко - разузнавачкиот процес во полицијата треба да бидат насочени врз основ на утврдени приоритети и препораки кои произлегуваат од разузнавачките продукти.

Приоритетите и препораките во разузнавачките продукти се засновани на сознанијата за целосната слика за актуелните и очекуваните проблеми кои ги третира полициското работење. Заради ефикасно раководење и управување на полицијата, насочувањето на активностите е долгорочно (стратешко) и краткорочно (тактичко).

Насоченото работење на полицијата се остварува преку формирање на стратешки групи за давање на задачи и координација на национално и регионално ниво и тактички групи за давање на задачи и координација на локално ниво.

Стратешкото насочување го одредува стратешката група за давање на задачи и координација и се однесува на полициските активности кои произлегуваат од приоритетите во стратешката проценка, а се планира за подолг временски период преку контролната стратегија. Одлуките на стратешката група за давање на задачи и координација претставуваат основ за тактичкото планирање.

Тактичкото насочување го одредува тактичката група за давање на задачи и координација и се однесува на полициски активности кои произлегуваат од препораките на тактичката проценка и се планираат на пократок временски период преку плановите за оперативни активности кои можат да бидат: Планирана линиска активност (Криминалистичка контрола или Мрежа на криминални групи) и Планирана интервенција за спроведување (Криминалистичка обработка, Оперативна акција).

***2. Собирање***

Собирањето на информациите се врши согласно законските надлежности и тоа претставува првата точка од понатамошното управување со информациите. Собраните информациите се проценуваат, обработуваат, анализираат и се

користат во понатамошното работење и донесување на одлуки за преземање на мерки и активности кои се во надлежност на полицијата. [61]

Полицијата согласно своите надлежности, информациите ги собира реактивно или проактивно со користење на различни методи и тоа:

- *Секојдневно собирање на информации* – е резултат на извршување на редовните работни задачи кои полицијата ги извршува согласно нејзина надлежност.

Овие информации се релевантни за намената за која се собрани, но полицијата може да ги користи и за разузнавачки цели. Информациите собрани од секојдневното работење на полицијата во форма на стандардизирани обрасци (информациски извештаи) се доставуваат до соодветната организациска единица за криминалистичко разузнавање. Во информациските извештаи се наведуваат само информациите за кои ќе се процени дека во понатамошното работење полицијата може да ги користи за разузнавачки цели. Секојдневните оперативни и полициски активности кои се во надлежност на полицијата од кои се генерираат информации за разузнавачки цели можат да бидат: регистрирани нарушувања на Јавниот ред и мир; регистрирани кривични дела; полициски досиеја; позорна, патролна и мотопатролна служба; обезбедување на државна граница и контрола на преминувања на државната граница; водење криминалистичко истражување; потраги по лица; регулирање и контрола на сообраќајот и други евиденции кои ги води полицијата согласно своите надлежностите (оружје, возила, итн.).

- *Насочено собирање на информации* - претставува собирање на информации за посебна намена. Овие информации се собираат по даден приоритет за одреден проблем или цел која е идентификувана во разузнавачките потреби кои се произлезени од процесот на давање на задачи и координација преку планираните оперативни активности. Насоченото собирање на информации може да биде согласно утврден приоритет на национално, регионално или локално ниво.

Информациите кои се собрани како резултат на насочено собирање произлегуваат од плановите за оперативни активности:

- Планирани линиска активност и
- Планирана интервенција за спроведување

[61] CRIMINAL INTELLIGENCE GUIDEBOOK of criminal intelligence processes, the lawfuland effective use of covert techniques in criminal intelligence processes, organized crime department, criminal intelligence sector, страница 38

Давањето на задачи за собирање на информации треба да биде дел од секојдневно информирање (брифирање) на полициските службеници кои се опфатени во плановите за планирани оперативни активности.

Информацијата собрана по дадена задача се доставува преку повратно вербално информирање (дебрифинг) и полицискиот службеник задолжен за реализирање на планираната оперативна активност и со пополнување на оперативен извештај (5х5х5), кој се доставува до надлежната организациска единица за криминалистичко разузнавање.

- *Информации дадени на доброволна основа (волонтерски)* - се сите информации кои ги добива полицијата, а не се собрани како резултат секојдневното собирање или по дадена задача. Информациите добиени на доброволна основа можат да се добијат во различна форма и истите вклучуваат: контакти со полициските службеници; анонимни информации дадени на полицијата; партнерски организации (социјални служби итн.).[62]

Овие информации се добиваат од граѓани на доброволна основа, како резултат на нивно забележување на одреден настан кој се случил во нивното окружување/близина, во случај самите да се обратат на полицијата или полицијата тоа да го побара тоа од нив. Сите полициски службеници имаат обврска информациите собрани преку методот на собирање на информации на доброволна основа да ги забележат во оперативен извештај и да ги проценат според системот 5Х5Х5.

***3. Проценување на информации***

Сите информации подлежат на одредена форма на проценување соодветно на намената за која информацијата била собрана и регистрирана. Секоја информација се проценува за да се одреди нејзиното потекло (провинентност), точност, продолжување на релевантноста за намената и каква активност треба да биде превземена.

Провинентност е способноста да се одреди сигурноста и кредибилитетот на изворот и вредноста на содржината на информацијата.

Процесот на проценување го одредува видот на активност која треба да се преземе во однос на добиената информација. Активноста може да вклучи непосреден одговор, понатамошно развивање на информацијата, донесување на одлука дали да се сподели информацијата со други или се одлучува да не се

[62] CRIMINAL INTELLIGENCE GUIDEBOOK of criminal intelligence processes, the lawfuland effective use of covert techniques in criminal intelligence processes, organized crime department, criminal intelligence sector, страница 40

прави ништо со информацијата во тој момент. Проценувањето на информацијата вклучува и пребарување и поврзување на информацијата со други записи.

Со проценување на информацијата се овозможува идентификување на приоритети за преземање на соодветни активности, со цел управување на активност како средство за идентификување на ризик фактори кои бараат непосреден одговор.[63] Преземање на активност по било која полициска информација може да резултира со следниот одговор:

- Започнување на активност – непосреден оперативен одговор по информацијата, одлука да се сподели информацијата со партнерски организации или да се упати до групата за давање на задачи и координација.
- Генерирање на понатамошно истражување и развивање – развивање на разузнавачки продукт;
- Донесување на одлука да не се превземаат мерки и активности во моментот.

Од особена важност е секоја добиена или документирана информација да се процени дали е и колку е сигурна. Тоа проценување се прави со употреба на објективна, професионална проценка и вредноста на информацијата не смее да биде преценета со цел охрабрување на преземање на акција по истата. Проценувањето на информацијата се врши од страна на лицето кое ја документира и врз основа на неговите познавања на околностите во тоа време.

***4. Обработка***

Собраните информации се евидентираат (регистрираат) со цел понатамошно полесно управување со полициските информации.

Фазата на обработување има за цел структурирање, дополнување и систематизација на информациите кои пристигнуваат во организациска единица за криминалистичко разузнавање. Информациите треба да се проценат, верификуваат и регистрираат заради осигурување дека истите се точни и комплетни. Со ова се осигурува дека информациите можат да се користат како основ за преземање на мерки и активности и истите да се регистрираат во еден или повеќе регистри (евиденции/ бази на податоци) на полицијата заради нивно повторно пребарување и анализа.

Фазата на обработка на информациите опфаќа:

[63] Don McDowell, „STRATEGIC INTELLIGENCE& ANALYSIS, Guidelines on Methodology & Application", The Intelligence Study Center, 1997, страница 28

- Контрола на содржината на информацијата (дали се точни личните податоци, адреса, регистарски податоци, итн.);
- Пребарување во регистрите заради подредување, поврзување и дополнување со други информации;
- Наведување на услови на користење на информацијата (детално појаснување дадени во рубрика за услови на користење);
- Проценување каде/ на кого информацијата треба да се достави и
- Регистрирање/ евидентирање.[64]

Обработката на информациите се спроведува од страна на организациска единицата за криминалистичко разузнавање каде тие претставуваат централен дел во разузнавачкиот процес.

Во оваа фаза се врши пребарување во регистрите (евиденции/ бази на податоци) и документирање со цел обезбедување на квалитет на податоците. Обработката на информациите овозможува подобри услови за ефикасност и вредност на анализата. Необработените и непотполни информации се несигурни и таквите информации мораат да бидат со дополнителен коментар во врска со тоа.

При обработката на информациите треба да се почитуваат следните принципи:
- Полициската информација мора да биде креирана само за полициски цели;
- Сите записи мора да ги задоволат принципите за квалитет на податоци;
- Записот на полициска информација мора да идентификува кој го креирал записот, кога го креирал и за каква цел;
- Пред евидентирање на информацијата мораат да се направат проверки во други области за да се види дали информацијата веќе постои за да се избегне непотребно дуплирање;
- Доколку информацијата се однесува на лице кое е предмет на постоечки запис, тогаш новата информација треба да се поврзе (нови информации);
- Доколку е очигледно дека информацијата која се евидентира е поврзана со друга информација, тогаш таа треба да биде соодветно поврзана;
- Полициската информација мора да биде евидентирана на практичен начин во согласност со организациските стандарди според кои се чуваат информациите;
- Пред евидентирањето на информацијата мора да се земе во предвид нејзината чувствителност и да се осигура дека е дадена соодветна

[64] Criminal Intelligence, Manuel for Analysts, New York 2011, страница 89

класификација и каде што е соодветно, треба да се евидентира изворот на информацијата заради обезбедување на прецизност и потреба од дополнителни информации.

- Доколку информацијата во рок од 60 дена не се доразвие и надополни со нови информации од страна на оној на кого е наменета, истата веднаш се брише.

Квалитетот на регистрирање на информациите овозможува понатамошно успешно управување со информациите и ја зголемува можноста од понатамошно поврзување со други информации.

За да може информацијата да биде споделена каде што е потребно и зачувана соодветен временски период потребно е да ги исполнува принципите за квалитет на информации:

- Прецизност;
- Соодветност;
- Релевантност и
- Правовременост.

Информациите се регистрираат во различни формати и се чуваат во различни области во согласност со потребите на организацијата и намената за која информацијата е регистрирана. Полициското делување бара информациите меѓусебно да бидат поврзани во рамките на една организациска единица и помеѓу различни организациски единици, а регистрирањето на информациите за разузнавачки цели треба да ги задоволи стандардите согласно Законот за заштита на личните податоци.

Информациите кои полицијата ги собира секојдневно, во криминалистичко разузнавачкиот систем на информации се внесуваат преку Информациски извештаи кои се базираат на развиени универзални стандарди за регистрирање како метод со кој полициските единици ги евидентираат секојдневните оперативни и полициски активности.

Овие стандарди промовираат поголема конзистентност помеѓу полициските единици и при регистрирањето потребно е:

- Сите обрасци за кривично дело да резултираат во регистрирање на извештај за кривично дело од страна на полицијата (од жртва, сведок или трета страна);
- Кривично дело да биде регистрирано како криминал доколку постои веројатност:

- Околностите за кои се известува се дефинирани како кривично дело со Закон и не постои веродостоен доказ за спротивното.

- Откога е регистриран, криминалот ќе остане регистриран освен ако не постојат дополнителни информации за да се докаже како невистинит.

Информациските извештаи треба да регистрираат детали за:

- Име и презиме;
- Време и датум на инцидентот (настанот);
- Време и датум кога е евидентиран;
- Единствен референтен број на кривичното дело;
- Како е известено за кривичното дело;
- Кој известува за кривичното дело ;
- Локација на извршување на кривичното дело и
- Начин на извршување (modus operandi).

Обработката на податоци е структуриран процес чија главна цел е да се добие комплетна слика за криминалните активности и криминалните организации, која се разбира ќе се менува како што ќе пристигнуваат нови информации. Се состои од идентификување и проценување на карактеристиките на одредена криминална група како што се нивните членови и водачи, географска покриеност, познати незаконски активности, финансиски статус и асоцијации со други криминални организации. Подеталните информации за природата и опсегот на криминалната активност, модус операнди, трендови, поврзаност со легални бизниси и можна поврзаност со корумпирани владини лица. Обработката на податоците претставува критична фаза од процесот на разузнавање. Огромен број на податоци, информации и досиеја се генерираат во работата на агенциите за спроведување на законот, меѓутоа потребите од ефективност во работењето, заштита на приватноста и заштитата на човековите права налагаат собраните, складирани и употребени информации да ги исполнуваат највисоките стандарди на релевантност.

***5. Анализа***

Фазата на анализа се спроведува во сите полициски организациски единици надлежни за криминалистичко разузнавање од страна на обучени аналитичари и преставува процес на собирање, прегледување и интерпретирање на одредено подрачје на информации и донесување на заклучоци и препораки.

Процесот на анализа има за цел да идентификува поврзување во информациите, заради развивање на заклучоци преку расудување врз основа на она што се случува, за донесување на оперативни одлуки за соодветна понатамошна активност која ќе го фокусира разузнавачкото работење во планираните оперативни активности.[65]

Аналитичкиот процес е единствен и однапред предвиден со одредени методи и техники и се состои од:

- Давање на насоки за анализа;
- Собирање на информации;
- Обединување на информациите и идентификување на празнини;
- Толкување на информациите;
- Развивање и тестирање на хипотези;
- Извлекување на заклучоци и
- Развивање на препораки.

Излезните резултати од процесот на анализа треба да одговорат на шест прашања (кој, што, кога, каде, како и зошто) и да бидат презентирани во пишан документ, и тоа:

- Разузнавачки продукт и
- Аналитички извештај.

За содржината на разузнавачките продукти е предвидена стандардизирана минимум содржина.

Разузнавачки продукти кои се предвидени со разузнавачкиот модел на полицијата се:

- Стратешка проценка;
- Тактичка проценка;
- Профил на проблем и
- Профил на субјект.[66]

Во процесот на анализа на податоците Предвидени се 9 (девет) различни аналитички техники и тоа:

- Анализа на шема на криминал;
- Анализа на демографски/социјални трендови;
- Анализа на мрежа;

---

[65] Don McDowell, „STRATEGIC INTELLIGENCE& ANALYSIS, Guidelines on Methodology & Application", The Intelligence Study Center, 1997, страница 30

[66] National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis", UK, 2008, страница 92

- Профили на пазар;
- Профили на криминален бизнис;
- Анализа на ризик;
- Анализа на таргет профил;
- Проценка на оперативно разузнавање;
- Анализа на резултати;

Анализата е всушност научен пристап кон решавањето на проблеми и се потпира на идуктивно и дедуктивно расудување, проценка на необработени податоци, објективно толкување на факти, тестирање на хипотези, критичко размислување и донесување на одлуки врз основа на докази. Опфаќа интегрирање, анализа, синтеза и толкување на податоците и независно од намената и целите треба во суштина да даде одговор на криминалистичките прашања Што, Каде, Кога, Зошто, Кој и Како.

Криминалистичко-разузнавачката анализа е централна фаза во криминалистичко разузнавачкиот процес и претставува додавање вредност на информациите собрани во разузнавачкиот циклус. Преку анализата се идентификуваат модели и форми на криминал и се доаѓа до заклучоци и проценки за закани преку расудување врз основа на она што се случува. *Истражувањето, анализата и изготвувањето на аналитички продукти* се процесите кои ја чинат аналитичката функција. Претпоставка за ефективна анализа кажавме дека претставуваат квалитетните податоци кои се резултат на прецизен и ефикасен режим на собирање, меѓутоа ефективното и квалитетно вршење на анализа е неможно без користење на различните аналитички методи, пристапи и техники. Поаѓајќи од клучните цели на разузнавањето – *проценка на можности, ранливост, ограничувања и намери* кои вклучуваат квалитативни и квантитативни особини, во анализата се вклучуваат аналитички методи за квантитативни и квалитативни податоци. Квантитативни методи се оние кои вклучуваат секаков вид на мерење и со оваа метода ги мериме можностите. Квалитативни методи се оние кои се потпираат на мудроста, личниот став, интуицијата и искуството за да достават разузнавачки податоци за *ризиците, намерите и способностите*.

Ефективната анализа овозможува ефективен и оперативен одговор по заканите. Квалитетот, квантитетот и прецизноста на информациите користени за

донесување на одлука, се суштинските фактори кои овозможуваат со поголема веројатноста да се идентификуваат суптилните елементи на една закана.

***6. Проследување (Дисеминација)***

Проследувањето на разузнавачките продукти во полицијата се базира на развиен систем за споделување на информации кој обезбедува навремено доставување на релевантните информации до полициските службеници кои имаат овластување да одлучуваат.[67]

Системот на проследување на разузнавачки продукти во полицијата потребно е да обезбеди стандарди за дисеминација кои исполнуваат критериуми за евидентирање на разузнавачките податоци, за заштита на приватноста, информациски безбедносни системи, систем за оперативна безбедност на споделените информации, средства за дисеминација и прашања за интероперабилност помеѓу различните бази на податоци.

Ефективното полициско работење се потпира на комуникација и споделување на информации помеѓу сите организациски единици.

Споделувањето на информации во полицијата овозможува:

- Двонасочен процес преку кој се прават поврзувања помеѓу лица, објекти, локации и настани кои не може да се направат на друг начин;
- Зголемување на ефикасноста на службата;
- Професионализам и разбирање на процесот на споделување на информации;
- Донесување на одлуки базирани на информации.

Споделувањето на информациите се заснова на три различни принципи за споделување информации:

- По основ на законска обврска (потребно е да знае);
- По основ законско овластување (треба да знае) и
- Согласно обичајно право за поддржување на полициски цели.

Кога се дискутира за проследувањето (дисеминацијата) на информации треба се опфатат и треба да се споменат повеќе прашања, како што се системите за евидентирање на разузнавање, прашања за приватноста, прашања за информациски безбедносни системи, оперативна безбедност на споделени информации, средства за дисеминација, прашања за интероперабилност и стандарди.

---

[67] Criminal Intelligence, Manual for Analysits, Unated Nationos, New York 2011, страница 34

Криминалистичко-разузнавачките производи кои обезбедуваат информации за индикатори и методологии на криминал се наменети за широка дистрибуција, така што ќе овозможи персоналот да биде свесен за овие фактори во текот на нивните секојдневни активности. Како општо правило, може да се претпостави дека оние кои работат во спроведување на законот го исполнуват правото „да знае“ и „има потреба да знае“ за овие видови на разузнавање. Сепак, разузнавачките извештаи во врска со одредена криминална истрага кои идентификуваат поединци или организации, ќе има значително повисоко ограничена дисеминација. Иако сите полициски службеници ќе имаат право да ја знаат оваа информација, само оние службеници кои работат на некои аспекти на истрагата ќе имаат потреба од информацијата.




Слика 3-Разузнавачки процес во полицијата[68]

## 4.2 КРИМИНАЛИСТИЧКО-РАЗУЗНАВАЧКА АНАЛИЗА

Криминалистичко-разузнавачка анализа во најширока смисла на зборот претставува систем за собирање на поврзани и неповрзани податоци кои ставени во аналитички процес можат да откријат планирање, подготовка и изведување на кривични дела и нивни сторители односно да предвидат, попречат и откријат криминални активности со цел нивно дестабилизирање и кривично гонење на извршителите. Секогаш се почнува со поставување насока

[68] Графички приказ на разузнавачкиот процес во полицијата, согласно Упатството за разузнавачки процес во полицијата на МВР на РМ

за анализа и креирање опис на проектот, за потоа да се започне со прибирање информации за анализа (од затворени и отворени извори), проценување на информациите, потоа преку примена на аналитички техники до развивање заклучоци и препораки, пишување на анализата и нејзино проследување (дисеминација). [69]

Описот на проект треба да ја опфати зададената задача и да ги дефинира рамката и методите на истражување за тој дел од анализата. Описот на проект ќе осигура дека резултирачкиот (излезниот) продукт:

- Ќе постави јасна насока која води до фокусираната анализа;
- Ќе осигура дека аналитичкото задавање на задачи е во линија со тековните приоритети;
- Ќе се фокусира на прашањата кои е потребно да бидат одговорени од страна на анализата;
- Ќе биде договорена помеѓу аналитичарот и корисникот.

Описот на проектот треба да се фокусира на прашањата кои е потребно да бидат одговорени од анализата. Целта на тој дел од анализата е можноста да биде развиена слика и разбирање на проблемот поврзан со криминалот кој ќе се анализира. Меѓутоа, финалниот извештај може да вклучи поддржувачки материјал (во прилог) во форма на мапи, визулени прикази-чартови, дијаграми и сл.[70]

Аналитичарите мораат да знаат од каде е дојдена информацијата употребена за анализа. Ова помага да се разбере намената за која информацијата била оригинално собрана и можното влијание на нејзината прецизност. Новите информации треба да бидат споредени со информациите кои се веќе собрани. Ова ќе потврди дали било која од нив потврдува/поткрепува други информации или идентификува аномалии. Аналитичарот исто така треба да има предвид дали било која од новите информации е вредна, споредувајќи со испитување како таа придонесува за анализата. Навременоста на информациите е исто така важен аспект во проценувањето. Ќе мора да биде направена проценка на ефектот од староста на информацијата наспроти користа од чекање на нови информации. Ова ќе зависи од потенцијалното одолговлекување на анализата и дали тоа одговара со временскиот период одреден во описот на проект. Стара

[69] Criminal Intelligence, Manual for Analysits, Unated Nationos, New York 2011, страница 12
[70] ICPO-Interpol Guidelines on Criminal Intelligencce Analysis, version 4, December 2002, страница16

информација е исто така корисна информација и таа може да биде употребена како индикатор или да идентификува долгорочни шаблони и трендови на кои може да се базира предвидување на криминал во иднина, но да биде и употребена за да обезбеди објаснување за моменталната ситуација. Анализата мора да се базира на најдобрите можни информации кои се достапни во одредениот временски период. Било кое прашање кое е идентификувано со информациите мора да биде зафатено во воведот на финалниот аналитички извештај.

Криминалистичко-разузнавачката анализа во основа е насочена кон извршителите на кривични дела со задача:

- Да собира информации за лица и криминални групи;
- Да ги утврдува врските помеѓу нив, а особено улогата на секој поединец во криминална група и криминален настан со цел да бидат идентификувани главните лица;
- Да ги утврдува способностите на криминалците, но и нивните слабости заради предлагање на конкретни оперативни мерки и дејствија што ќе доведе до нивно апсење, дестабилизирање и сузбивање на криминалната организација.
- Да развие претпоставки преку пронаоѓање на соодветни одговори на прашањата: *ШТО*, *КОЈ*, *КОГА*, *КАДЕ*, *КАКО*, *ЗОШТО*, *СО КОГО*;
- Да анализира и поврзува разузнавачки информации и податоци;
- Да идентификува криминални шеми;
- Да профилира криминални групи, лица и објекти кои се предмет на истрага;
- Да таргетира заканувачки криминални групи од одредена област;

***Главна цел на анализата е***:

- Поврзување информации и давање приоритет на одредени информации;
- Проучување на криминалот и профилот на осомничените ентитети;
- Анализирање на криминалистичките податоци заради предвидување на денот, времето и местото на извршување на одреден вид кривично-правен настан за којшто постојат индиции дека ќе биде извршен со цел негово навремено осознавање и превентивно делување;
- Идентификување на криминални шеми на делување заради правилно насочување при преземањето на координирани мерки и активности;

- Проучување на меѓусебни криминални врски и поврзување на осомничените во криминална организација или случаи, со цел детерминирање на улогата на секој член на криминалната организација поединечно и нивната внатрешна меѓусебна поставеност;
- Анализирање на начинот (modus operandi) на извршување на кривичните дела;
  - таргетирање на најзаканувачките криминални групи од одредена област;
  - профилирање на криминалните групи, лица и објекти кои се предмет на истрага;
- Развивање, потврдување или отфрлање хипотези (верзии);
- Поддршка на истрагата.

При изработката на анализата се користат податоци и информации од внатрешни и надворешни извори.

*Внатрешни извори:*

- Бази на податоци и документи во писмена и електронска форма

*Надворешни извори:*

- Државни и правосудни органи;
- Правни лица;
- Меѓународни организации (СЕЛЕК, Европол, и сл.);
- Отворени извори (електронски и пишани медиуми и сл.);
- Податоци од странски државни и безбедносни органи добиени преку меѓународна полициска соработка.

Во процесот на расветлување на кривичните дела аналитичарот врши:

- Обработка, проценка и анализа на податоците и информациите од административни (евиденциски) или разузнавачки извори преку нивно резимирање/сублимирање, спротивставување, споредување и комбинирање;
- Идентификување на потенцијални сомнителни лица, утврдување на нивната улога во криминалната група, утврдување на структурата на групата како и утврдување на јаки или слаби страни на нејзините членови;
- Анализирање на начинот на извршување на кривични дела заради евентуално поврзување на серии на кривично – правни настани;

- Профилирање на поединци или криминални групи и таргетирање на најзаканувачки криминални групи;
- Давање насоки/препораки како и изведување хипотези заради добивање целосна слика и извлекување на заклучоци;
- Анализа на криминални активности заради идентификување на суштината, карактерот, степенот и моменталните трендови на поединечен криминал, меѓусебно поврзан криминал и криминални жаришта како и заеднички карактеристики на сторителите на кривичните дела;
- Анализа на криминални активности, методи на извршување, временски периоди и локации на нивно извршување со цел да се прикаже логичен редослед на активностите и нивна меѓусебна зависност.
- Проценка на степенот/големината на одреден ризик за кој постојат сознанија дека би произлегол од криминална активност на поединци, криминални групи или организации насочени кон потенцијални жртви;
- Проценка на степенот на ефикасност на превземените мерки и активности во рамките на одредена истрага;
- Утврдува разузнавачки празнини, несовпаѓања во материјалот (информациите) и дава насоки на истражителите со цел да се пополнат празнините и да се утврдат приоритети;
- Анализира изјави на сведоци кои се од значење за понатамошното криминалистичко истражување;
- Донесува одлуки за изведување на:

  ***хипотези:*** објаснување кое бара дополнителни информации со цел да се потврди или негира некој податок или сознание;

  ***заклучок:*** објаснување поткрепено со доказ;

  ***предвидување:*** сомнение дека нешто ќе се случи во иднина;

  ***проценка:*** предвидување дека нешто ќе се случи во иднина;

### 4.2.1 ОСНОВИ НА КРИМИНАЛИСТИЧКО–РАЗУЗНАВАЧКА АНАЛИЗА

Пред да се пристапи кон изготвување на аналитичките продукти потребна е соодветна разузнавачка обработка, односно проактивен период за оперативната анализа, преку планирање на активностите.

Да ги дефинираме основните поими на криминалистичко разузнавачката анализа:

- **Информација** е описен материјал, вклучително и оној кој произлегува од опсервација, следење, известување, медиуми и останати извори. Информациите може да бидат вистинити и лажни, точни или неточни, потврдени или непотврдени, важни/значајни или неважни/незначајни[71].
- **Разузнавање** е информација којшто ставена во контекст има одредено значење. **Анализа** е внимателно разгледување на информацијата (или разузнавачкиот податок) заради откривање на значењето и основните карактеристки. Анализата не е било какво сознание или факт, туку тоа е резултат на смисла или заклулок кој го изведува аналитичарот, врз база на анализирањето, што значи информацијата е резулатат на работата која произлегува од творечките идеи на аналитичираот. Сето друго што се става на маса е само материјал кој допрва треба да се обработи.[72]
- **Разузнавачки податок** е производ кој резултира од насочено собирање на информации и подоцнежна процена и интерпретација на собраните информации. Разузнавачките податоци можат да се воочат како *информации кои имаат нешто дополнително*. Тоа *нешто дополнително* е резултат на анализата т.е објаснување што значи информацијата.
- **Изведен заклучок** е главниот производ на аналитичкиот процес. Тој е објаснување на она што собраните информации значат. Целта на анализата е да се развијат, што е можно повеќе најпрецизни и непобијно изведени заклучоци од било кои достапни информации. Освен тоа, анализата служи да се идентификуваат потребни податоци и на тој начин помага да се фокусураат и обезбедат насоки за понатамошно собирање на информации.
- Производот од овој процес се нарекува **известување.** Известувањата по природа можат да бидат *општи* или *посебни*. *Општите известувања* се фокусираат на широки подрачја на криминални активности, што е типично за агенциите или јурисдикциите. *Посебните известувања* се фокусираат на одреден тип на криминална активност како што се проневери, индустриска шпиунажа или организиран криминал. Известувањето има и

[71] Don McDowell, „STRATEGIC INTELLIGENCE& ANALYSIS, Guidelines on Methodology & Application", The Intelligence Study Center, 1997, страница 6

[72] CRIMINAL INTELLIGENCE GUIDEBOOK of criminal intelligence processes, the lawfuland effective use of covert techniques in criminal intelligence processes, organized crime department, criminal intelligence sector, страница 9

*тактички и стратешки* примени. *Тактичкото известување* е насочено кон краткотрајни цели на спроведување на законот или активен случај, имајќи на ум моментално делување: апсење, одземање, заплена. *Стратешкото известување* се занимава со поголеми, долгорочни прашања и цели, како што се идентификација на поединци или група кои извршиле тешки кривични дела, нацрти за раст и видови на криминални активности и воспоставувањето на принципите и приоритетите за спроведување на законот.

*Разузнавачкиот циклус* опфаќа процес на собирање, проценување, средување, анализирање и проследување (дисеминација) на продуктите, меѓутоа друго ниво на проблемот е идентификување и пополнување на празнините преку повторување на циклусот.[73] Традиционално, разузунавачкиот циклус е опишан како следен или секвентивен метод, но во практиката се покажа дека истиот е динамичен процес соодветен на промените и разузнавачките потреби и дека сите фази се подеднакво значајни, внатрешно поврзани и меѓусебно зависни.




Слика 4 –Разузнавачки циклус

### 4.2.1.1 ИНИЦИЈАЛНИ СТАДИУМИ НА АНАЛИТИЧКАТА ЗАДАЧА

Задачите можат да бидат дефинирани на повеќе начини, односно како дел од аналитичкиот процес, како резултат на политичката одлука, поради тоа што корисникот побарал специфичен продукт или пак задачата произлегува од генерални директиви гледано од перспектива на аналитичката единица. Со цел

[73] Митко Котовчевски, Основи на разузнавање, Бомат Графикс, 2013 Скопје, страница 62

анализата да биде правично насочена и да има правилен пристап кон проблемот, протребна е комуникација помеѓу изготвувачот на аналитичкиот продукт и корисникот на којшто му е потребен продуктот. Доколку корисникот не го добие тоа што го побарал, продуктот нема да ја исполни својата цел и намена. Аналитичарот пред да отпочне со работа на конкретна задача потребно е да се идентификуваат актуелните прашања за коишто е потребен соодветен одговор. Процесот на дефинирање на задачата на аналитичкиот проблем и дискусиите со корисникот се непосредно поврзани, поради тоа што потребно е дефинирање не само на целта на поставената задача, туку воедно дефинирање и на она што не претставува задача.

#### 4.2.1.2 ПРОЕКТ НА ПЛАНИРАЊЕ

Процесот на планирање и насочување се состои од менаџирањето на целокупниот криминалистичко разузнавачки процес, од идентификување на потребата од податоци, анализа се до финалната достава на аналитичкиот продукт до корисникот.[74] Процесот може да бидат потикнат од одговорните за креирање на политики и донесување на одлуки и се остварува на локално, регионално и национално ниво во рамките на една служба за спроведување на законот, а се разбира на сите нивоа може да бидат вклучени и партнерски организации. Тоа е всушност дел од еден бизнис процес кој го претставуваат групи за давање на задачи и координација кои се одговорни за утврдување на приоритети за работа и проактивно распоредување на ресурсите.

За изготвување на сите задачи/продукти потребно е истите глобално да се испланираат, меѓутоа посериозните и обемни задачи треба да бидат подетално и експлицитно испланирани.

Исто така, ултимативна е одговорноста на аналитичарот одговорен или задолжен за изготвување на ваков вид на продукт. Оваа фаза е од особено значење бидејќи резултатите од анализата се целосно зависни од информациите со кои се располага, односно кои се достапни. При изготвување на продуктот/материјалот, аналитичарот треба да води сметка за врската, односно информацијата врз основа на којашто е креиран продуктот. Отсуството на референца за изворот на материјалот во разузнавањето нуди доза на

[74] ICPO-Interpol Gueigelines on Criminal Intelligence Analysis, version 4, December 2002, страница 16

несигурност и се става во прашање кредибилитетот на продуктот. Погрешно е мислењето, односно да се верува дека само поради тоа што еден извор е класифициран како сигурен, еден материјал е класифициран со подобар квалитет, меѓутоа треба да се истакне дека тие извори исто како и другите извори можат да бидат со различен квалитет поради што е потребно иситите да се проценат. Во овој процес може да се издвојат две фази: План за работа (Plan work) и работа согласно планот (Work the Plan)[75].

## 4.2.2 КОМПОНЕНТИ НА АНАЛИТИЧКИОТ ПРОЦЕС

За да би се разбрал овој процес, корисно е да се опишат неговите основни компоненти, како одвоени и различни фази или функции, меѓутоа треба да се има на ум дека сите компоненти се меѓусебно суштински поврзани и треба да се сметаат како интегриран систем.




Слика 5 – компоненти на аналитичкиот процес

Аналитичкиот процес е серија активности или процедури кои водат до најпрецизниот и најнеоспорниот заклучок кој може да се изведе од достапните

[75] Don McDowell, „STRATEGIC INTELLIGENCE& ANALYSIS, Guidelines on Methodology & Application", The Intelligence Study Center, 1997, страница 15

информации. Информациите се собрани, проценети и обработени. Аналитичкиот дел на процесот започнува со враќањето на релевантните податоци и организирање на истите, за полесно разбирање. Овој чекор, *опис на податокот* помага во идентификација на информациите кои недостасуваат и помага во фокусирање напори за следно собирање на информации со цел да се прибават информациите кои недостасуваат. Исто така дава темели за примена на индуктивно расудување во развивањето на една или повеќе хипотези за клучните аспекти на криминалните активности.[76]

Хипотезите се тестираат со повторување на циклусот на собирање на податоци, проценка на податоците, средување на податоците, описот на податоците и индуктивното расудување. Секојпат кога циклусот ќе се повтори, потесно се фокусира на специфичните видови на информации неопходни да ја потврдат или отфрлат хипотезата и води кон добро-поддржан изведен заклучок. Крајната цел на процесот е да даде таков изведен заклучок, предвидување или процена на основа на кој ќе може сигурно да се делува.

#### 4.2.2.1 СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

Планирањето на Собирање на податоци е фаза од разузнавачкиот процес кој бара примена на строга дисциплина и уредни процедури и принципи кои се однесуваат на сите нивоа на разузнавање. Тоа е круцијална фаза од криминалистичко разузнавачкиот процес и претпоставува континуирана проценка на веродостојноста, точноста и релевантноста на информациите.

Комплексната и променлива природа на организираниот криминал и потребата од проценка и особено прогноза на заканите, наметнаа нови методологии и пристапи во истражувањето, превенирањето и сузбивањето на криминалот:

- Научен пристап, кој претпоставува ригорозно планиран и структуриран процес на собирање на информации по претходно развиени хипотези и индикатори.
- Собирање на информации врз основа на утврдени разузнавачки потреби, како метод за одредување, кои видови необработени информации се потребни за вршење на сеопфатна анализа на заканите од различните облици на организиран криминал. Потребите се утврдуваат врз основа на

[76] Criminal Intelligence, Manual for Analysits, Unated Nationos, New York 2011, страница 36

информациите кои недостигаат и кои се потребни за да се изврши ефективна разузнавачка анализа, или како се нарекуваат – разузнавачки празнини. Суштинско за оваа методологија е да се идентификуваат и дефинираат и празнините и потребите.

И двата пристапи претпоставуваат, најпрвин интеграција на информациите кои ги имаме за да се одреди што точно знаеме за заканите, а потоа и да развиеме планови за пополнување на разузнавачките празнини. Утврдувањето на она што се знае, се утврдува со одговор на криминалистичките прашања кој, што, каде, кога и како. Понатаму е потребно да се балансира помеѓу барањето да се разбере она што се случува сега, значи да се разберат основните елементи на проблемот во сите можни пермутации со потребата за предвидување на заканите. Заканите се динамични, а во областите на организираниот криминал и тероризмот и асиметрични, така што е потребно постојано да се следат и потврдуваат за во случај да дојде до одредена промена. Пополнувањето на разузнавачките потреби, обезбедува критични информации врз основа на кои се донесуваат стратешки или оперативни одлуки за тоа како да се одговори по заканата. Пристапот воден од потребите е понаучен, пообјективен, пофукусиран и селективен, поефикасен и помалку проблематичен од аспект на граѓанските права. Тоа е пристап кон собирањето и анализирањето на информации за да се добие најдеталната слика за една закана, како и за алтернативите кои може да се искористат во справувањето со заканата. Не постои еден унифициран стандард за опишување на различните видови потреби. Тие во основа произлегуваат од надлежностите и може да бидат за тактички, оперативни или стратешки цели. Основно за собирањето на информации според разузнавачките потреби е развивањето индикатори кои во суштина го поврзува разбирањето за дефинираната задача со поставување на прецизни барања во врска со собирањето показатели. Разузнавачките показатели или индикатори се видливи траги или знаци кои овозможуваат контрола и ефикасност на процесот на собирање на информации. Помагаат во пополнување на празнините за она што се случува, како функционира криминалниот пазар и кој се е инволвиран. Значењето на индикаторите произлегува од нивниот двоен капацитет: да служат

како предвидувачи на настани кои допрва треба да се случат и да докажат зошто е развиена одредена хипотеза или заклучок[77].

Оваа техника е соодветна за согледување на можностите од евентуални криминални закани, а помалку за утврдување на намерите. Тоа е така затоа што обично, намерата може внимателно да се чува и за неа не може да се извлече заклучок од разузнавачките информации кои се однесуваат на капацитетите на одреден субјект или криминална група. Меѓутоа тоа е важно за оправдување на одлуките за употреба и примена на поинвазивни разузнавачки извори, како регрутирање на информатори и примена на посебни истражни мерки. Ограничувањата на техниката е и заради тоа што следењето на заканите е само еден аспект, од суштинска важност е и да се разбере како функционира криминалната активност или пазарот како и основите на одлуките на криминалците (одговор на прашањето „зошто").

Заеднички карактеристики на различните видови собирање информации се планирањето и користените извори кои може да бидат тајни, прикриени и отворени. Собирањето треба да биде строго планирана рамка која ќе го води процесот доколку се сака соодветен одговор на одредена криминална закана[78]. Тоа е формално дефиниран метод за опишување на потребните информации и средствата, односно начините да се добијат. Потребно е во рамките на планирањето да се утврдат изворите на податоци, да се обезбеди собирање само на точни, веродостојни, релевантни и комплетни податоци, а се со цел да се обезбеди квалитет на податоците.[79]

Изработката на План за собирање информации е структуриран процес чија главна цел е да се добие комплетна слика за криминалните активности и криминалните организации која се разбира ќе се менува како што ќе пристигнуваат нови информации.

Се состои од идентификување и проценување на карактеристиките на одредена криминална група како што се нивните членови и водачи, географска покриеност, познати незаконски активности, финансиски статус и асоцијации со други криминални организации. Подеталните информации за природата и

[77] McDowell, Don. 1998. Strategic Intelligence: A Handbook for Practitioners, Managers, and Users. Cooma, Australia: Istana Enterprises Pty. Ltd.

[78] National Criminal Intelligence Service UK. 2005. The National Intelligence Model. London, England: National Criminal Intelligence Service

[79] McDowell, Don. 1998. Strategic Intelligence: A Handbook for Practitioners, Managers, and Users. Cooma, Australia: Istana Enterprises Pty. Ltd

опсегот на криминалната активност, модус операнди, трендови, поврзаност со легални бизниси и можна поврзаност со корумпирани владини лица. Ваквите потреби го насочуваат процесот на собирање.

Минатите и сегашните активности ќе бидат документирани, а идните ќе бидат проектирани. Планот ги воспоставува параметрите за процесот на собирање на информации и овозможува на агенцијата да предвидува и да одговара по закани кои што се појавуваат. Повремено, меѓу агенциите за спроведување на законот можат да бидат дистрибуирани формални прашалници - анкети за да се идентификуваат најкритичните криминални проблеми во еден регион. Пример, разузнавање за наркотици со цел да се добијат информации за моменталната цена на дрогата, степенот на чистота и најпродаваните дроги, локалните и државните агенции можат да бидат вклучени во ова прибирање на информации за да бидат основа за развивање на профил за областа.

Квалитетот на процесите во рамките на криминалистичкото разузнавање и процесите во рамките на криминалистичката истрага, суштински се детерминирани од квантитетот, квалитетот на информациите и особено од ширината на изворите од каде се прибираат информациите. Изворите на информации кои се користат во криминалистичко разузнавачкото работење се категоризираат како отворени, затворени и прикриени извори на информации.

*Затворените извори*[80] на информации се основен и изворен материјал за анализа и треба да биде директно достапен на аналитичарот. Најчесто употребувани Полициски затворени извори на информации: документи за извршени кривични дела, криминалистички истраги, разузнавачки извештаи, лишување од слобода, притвор, извештаи за сомнителни активности (полицајци, информатори, граѓани), извештаи за сомнителни трансакции, полициски бази на податоци. Освен од полициските единици, затворени извори на информации се достапни и од други органи со полициски овластувања: специјализирани затворени извори на информации, на пример, финансиско разузнавање од други области, затворско разузнавање, Управа за јавни приходи, постоечки разузнавачки и аналитички продукти и информации од странски партнерски полициски.

Во *прикриените* извори се: користењето на информатори, полициски или други лица со прикриен полициски идентитет и останатите посебни истражни мерки.

---

[80] National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis", UK, 2008, страница 22

*Отворените извори* се широко достапни и како ресурс ќе бидат огромен предизвик за органите за спроведување на законот особено заради ширината и достапноста.[81]

Примери на извори за собирање на податоци:

- **Доверливи информатори** - поединци со директен пристап на информации за легални активности или системи кои ги даваат овие информации на агенциите за спроведување на законот.
- **Тајни операции** – намерно и планирано поставен персонал (не е нужно да бидат од силите на законот) во незаконски систем со цел стекнување специфични елементи на информации поврзани со системот.
- **Претходна истрага** – развиени изведени заклучоци од претходно собирани информации и анализи поврзани со криминални активности, организации или поединци.
- **Законски инструменти** – употреба на инструменти како што се Наредби за претрес и судски покани, за да би се собрале информации од заштитени извори или некооперативни субјекти.
- **Чување на информации и повратни системи** – податоци кои се веќе собрани и зачувани во архив или компјутерски бази на податоци.
- **Физички доказни материјали** – информации за физичките услови добиени од местото каде кривично дело се случило, од жртва или осомничено лице како и неговата околина.
- **Личен надзор** – лично дискретно следење и бележење на активности.
- **Технички надзор** - дискретно следење и бележење на активности со помош на технички уреди.
- **Интерна размена** – информации добиени од, или разменети со друго лице или агенција за спроведување на законот.
- **Регионални разузнавачки мрежи** - агенции кои олеснуваат размена на информации и даваат одредени услуги за поддршка во одредено подрачје/ регион.
- **Слободни извори** – прибирање информации кои се веќе собрани од владини агенции и други институции, вклучувајќи ги и јавните гласила.
- **Отворени референци** – научна документација и друг референтен материјал, како што се весниците и научните списанија.

[81] Criminal Intelligence, Manual for Analysits, Unated Nationos, New York 2011, страница 18

- **Интервјуа** – информации добиени преку планиран, но неформален дијалог каде учесниците обично не се однесуваат непријателски еден кон друг.
- **Испрашување** - слично на интервјуирањето со таа разлика што може да настане состојба на непријателско однесување помеѓу учесниците.
- **Краток брифинг** - формален состанок „прашање-одговор" помеѓу членовите на иста единица, агенција или професија.
- **Компјутерска технологија** – постојат многубројни методи за добивање информации од компјутерски извори. Интернет, електронска пошта, веб портали-се само некои од нив.[82]

Значи собирањето на податоци е насочено, концентрирано собирање на податоци преку јавни и тајни средства, од сите можни извори, вклучително и агенции и поедници кои се занимаваат со кривично право како и не-кривично право.

### 4.2.2.1.1 Принципи на собирање

Принципот за собирање се заснова на изработката на План за собирање информации чија главна цел е да се добие комплетна слика за криминалните активности и криминалните организации. Идентификувани принципи на собирање на информации:

1. Потребно е да се направи список што е потребно да се знае. Овој мошне значаен дел од проектот на планирање е познат и како „Барање за собирање".

2. Да се изготви список на извори од коишто би можела да се обезбеди потребна информација согласно принципот „потребно е да знае".

3. Евиденција на сите извори коишто биле контактирани со конкретни зададени задачи за постапување и добиени повратни информации. Доколку некој податок што е веќе побаран не е обезбеден, потребно е да се пристапи кон негово повторно побарување и обезбедување.

4. Да се направи план со прашања пред да се пристапи кон изворот со цел да се избегнат натамошни конфликти.

[82] National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis", UK, 2008, страница 24

5. Информацијата и изворот секогаш се чуваат заедно, поради тоа што доколку исите се одвоени може да настане проблем при нивното повторно поврзување.

6. Доколку постои причина за извесна доза на резервираност за изворот или за информацијата, истото да се предочи при проследувањето до корисниците.

7. Доколку информацијата е обезбедена преку интернет (или друг јавен медиум) потребно е да се изврши проценка на изворот и да се изврши соодветно поврзување со материјалот.

Почитувајќи ги принципите за собирање на информации, се овозможува минатите и сегашните активности да бидат документирани, а идните да бидат проектирани. Планот[83] ги воспоставува параметрите за процесот на собирање на информации и овозможува на агенцијата да предвидува и да одговара по заканите кои што се појавуваат. Овие податоци може да бидат основа и за насочување на работата на агенцијата. Се тргнува од тоа дека ресурсите се ограничени што налага еден разумен и фокусиран пристап кон нивно користење. Мандатот што го утврдуваат агенциите за спроведување на законот за испорачување на различни разузнавачки производи и начинот како тие треба да се однесуваат едни кон други претставува решавачки фактор кој го обликува процесот на собирање на разузнавачки информации на организационо ниво.

### 4.2.2.2 ПРОЦЕНКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Еднаш штом ќе се соберат информациите, истите мораат да се **проценат**. Вистинската проценка подразбира проценка на доверливоста на изворот на информации и **непобитност**, или вистина на содржината на информацијата. Проценката е *пресудна* за аналитичкиот процес и за развивање на изведени заклучоци. Нивото на доверливост на изведениот заклучок зависи од квалитетот на податоците кои довеле до изведениот заклучок. Лицето кое ги собира информациите мора и да ги процени. Делотворната проценка побарува одредени показатели за веродостојноста на изворот и доверливоста на информацијата за натамошно проследување.

---

[83] National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis“, UK, 2008, страница 25

Најчесто употребуван систем за проценка на информацијата е т.н 5X5X5 принцип за проценка на информацијата, изворот и достапноста на информацијата.

Согласно овој принцип изворот на информацијата се проценува во пет категории.

**Изворот** се проценува како :

**А - Доверлив во сите случаи**, што значи дека нема сомнение за доверливоста и способноста на изворот на информацијата или информацијата е добиена од таен извор кој во минатото се докажал за доверлив во сите случаи. Добиените информации во минатото секогаш биле точни 100% точна.

**Б – Доверлив во повеќе наврати,** кога изворот на информацијата во минатото се докажал како доверлив во поголемиот број на случаи, но не доволно да биде наведен како >А<.

**В – Понекогаш доверлив**, што значи дека изворот на информацијата во минатото во поголем број на случаи се докажал како недоверлив. Информацијата треба дополнително да биде проверена пред да се превземаат дејствија.

**Г – Недоверлив во повеќе наврати**, што значи дека изворот на информацијата во минатото во поголем број на случаи се докажал како недоверлив и има сомнение дека информацијата не е точна, или информацијата е добиена од втора или трета рака. Информацијата треба дополнително да биде проверена пред да се превземаат дејствија.

**Д – Неможе да се процени**, што значи дека не може да се одреди веродостојноста, автентичноста и компетентноста на изворот (анонимни и др.) Ова не значи дека информацијата не е точна, но сепак мора да се провери.

**Информацијата** се проценува како:

**1 – Со сигурност се знае дека е вистина**, однодно информацијата е добиена со технички средства или лично видена од овлатено службено лице. Секоја информација добиена со технички средства не може да се оценува како А-1.

**2 – Изворот е лично запознат меѓутоа не и ОСЛ**, ова е информација од прва рака од извор кој лично го видел настанот.

**3 – Не е лично позната на изворот, но е потврдена**, информација која изворот ја добил од втора рака, и потврдена од други разузнавачки извори. (Пример истата информација се добива од два независни извори).

**4 – Не може да се потврди**, информација која изворот ја добил од втора рака, меѓутоа истата не може да биде потврдена од други разузнавачки извори. (Проценката на изворот може да помогне при општата проценка на оваа информација).

**5 – Постои сомнение дека е погрешна**, информација треба да се документира, но таа мора јасно да се рангира и процени заради можните ризици од прифаќањето на истата.

**Достапноста** за проследување се проценува како:

**1 - Дозволено е проследување на институции кои спроведуваат закон во РМ,** Пример: Судови, Јавни обвинителства, Финансиска полиција, Царинска управа и др.

**2 - Дозволено е проследување на институции кои не спроведуваат закон во РМ,** Пример: Завод за статистика, банки, осигурителни компании, адвокати универзитети, новинари и др.

**3 - Дозволено е проследување на институции кои спроведуваат закон надвор од РМ,** Пример: ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ, СЕЛЕК, ДЕА, ФБИ, СОКА и др. (но само за полициска употреба)

**4 - Достапна за сите организациони единици во МВР**

**5 - Достапна само за организационите единици кои се наведени,** информацијата е достапна само за организациони единици до кои е доставена. Секое умножување или давање на друг, мора да биде направено со согласност на изготвувачот.

Употребата на стандарден образец на извештај за разузнавачки податоци 5X5X5[84], претставува почеток на следење и проверување на информацијата, обезбедува конзистентност помеѓу службите, им овозможува полесно разменување на информации и ефективност во полициското работење. Заради унификација и доследна примена на критериумите за ракување, евалуација на изворите на информации, на самите информации како и заради соодветно раководење со ризиците при размената на информации, развивањето и постапувањето со нив, потребно е за сите аспекти да се креираат обрасци – формулари за постапување. Со стандардите се обезбедува соодветно документирање на доверливите информации во полициското работење, како што се информациите добиени од граѓани, од анонимни извори, информација од

---

[84] National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis", UK, 2008, страница 29

лична или доверлива природа добиена од некој кој има пристап до истата како резултат на неговата професија.

Националните стандарди за евалуација предвидуваат и методологија за вршење на дополнителна проценка на ризиците, во случаи кога постои загриженост во врска со изворот, содржината на информацијата, нејзиното користење, проследување и согласност со законските надлежности и целите на полициската служба. Процесот на проценување на ризикот вклучува *етички, лични и оперативни* ризици. Суштината на овој процес е оправдување на донесените одлуки, земајќи ги во предвид пропорционалноста, одговорноста и потребата од документирање, проследување и задржување на информацијата.

| | | |
|---|---|---|
| Проценка на извор | | А доверлив во сите случаи |
| | | Б доверлив во повеќе наврати |
| | | В понекогаш доверлив |
| | | Г недоверлив во повеќе наврати |
| | | Д не може да се процени |
| Проценка на информација | | 1 веродостојна без сомнение |
| | | 2 лично позната на изворот |
| | | 3 не е лично позната на изворот, но е потврдена |
| | | 4 не може да биде потврдена |
| | | 5 постои сомнение дека е погрешна |
| Дозволено проследување на информацијата | | 1 дозволено проследување на институции кои спроведуваат закон во Р. Македонија |
| | | 2 дозволено е проследување на институции кои не спроведуваат закон во Р. Македонија |
| | | 3 дозволено е проследување на институции кои спроведуваат закон надвор од Р. Македонија |
| | | 4 достапна за сите организациони единици во МВР |
| | | 5 достапна само за орг. единици кои се наведени |

Слика 6 – Стандаризиран образец за проценка на информација по принцип 5X5X5

### 4.2.2.3 СРЕДУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

Средувањето на податоците вклучува подредување на информациите во одередена низа. Сортирање и организирање на инфорамциите по категории и логички целини. Кои и да се средствата за средување кои ќе се користат, целта е да се задоволи брз и точен пристап до информациите кои се потребни и неопходни за анализа.

При средувањето на податоците и комбинирањето на информациите од различни извори може да се употребат различни техники за да се прикажат информациите, а најупотребувани се техниките на графичко поврзување:

- Визуелен приказ-Чарт на врски, ги прикажува релациите помеѓу ентитетите на идната криминалистичка истрага;
- Визуелен приказ-Чарт на настани, прикажува хронолошки врски помеѓу ентиетите во след на настани;
- Визуелен приказ-Чарт на движење на средства, истражува дрвижење на пари, наркотици, украдени стоки или други добра;
- Визуелен приказ-Чарт на активности, служи да се идентификуваат активностите поврзани со одредена криминална операција;
- Визуелен приказ-Чарт на финансиско профилирање, помага да се идентификуваат скриените приходи на поединци или правни лица и да се идентификуваат индикатори на економскиот криминал;
- Визуелен приказ-Чарт на фрекфенција, служи да се организираат, сумираат и инетрпретираат квантитативните информации;
- Визуелен приказ-Чарт на корелција на податоци, се корист за да се илустрираат односите помеѓу различни варијабли.[85]

Средувањето и евалуацијата на податоците претставува критична фаза од процесот на разузнавање. Огромен број на податоци, информации и досиеја се генерираат во работата на агенциите за спроведување на законот, меѓутоа потребите од ефективност во работењето, заштита на приватноста и заштитата на човековите права налагаат собраните, складирани и употребени информации да ги исполнуваат највисоките стандарди на релевантност. [86]

### 4.2.2.3.1 Опис на податоците

Целта на описот на податоците е достапно важните информации да се соберат и состават во целина така што нивното значење ќе стане појасно за аналитичарот. За таа цел делови и делчиња од информации се организираат во формати кои олеснуваат разбирање и кои му помагаат на аналитичарот или тимот за анализа да се фокусира на дополнителни информации кои можеби ќе бидат потребни.

[85] https://www.unodc.org/documents/organized-crime/Law-Enforcement/Criminal_Intelligence_for_Analysts.pdf
[86] Criminal Intelligence, Manual for Analysits, Unated Nationos, New York 2011, страница 20

### 4.2.2.4 АНАЛИЗА

Криминалистичко-разузнавачката анализа е централна фаза во криминалистичко разузнавачкиот процес и претставува додавање вредност на информациите собрани во разузнавачкиот циклус. Преку анализата се идентификуваат модели и форми на криминал и се доаѓа до заклучоци и проценки за закани преку расудување врз основа на она што се случува. Истражувањето, анализата и изготвувањето на аналитички продукти се процесите кои ја чинат аналитичката функција.[87]

Истражувањето, подразбира собирање бројни информации и проценување на нивната вредност (валидност и веродостојност) и релевантност со проектната задача. Истражувањето вклучува добивање информации кои појаснуваат прашања и проблеми и обезбедуваат различни погледи врз еден предмет од интерес, преглед на извештаи или кој било вид на податоци кои даваат подетален увид, а не докази за едно прашање. На пример, пребарување на карактеристики за транспорт на дрога, криумчарење на луѓе, кражба на луксузни возила. При тоа, аналитичарот мора да има проактивен пристап во дефинирањето на разузнавачките потреби за да ги пополни разузнавачките празнини со цел да се направи посеопфатна анализа на закана, како и проактивен пристап во извлекувањето на информации од бројни извори. Истражувањето и собирањето на информации се различни процеси, кои се преклопуваат и надополнуваат.

Анализата е всушност научен пристап кон решавањето на проблеми и се потпира на индуктивно и дедуктивно расудување, проценка на необработени податоци, објективно толкување на факти, тестирање на хипотези, критичко размислување и донесување на одлуки врз основа на докази. Опфаќа интегрирање, анализа, синтеза и толкување на податоците и независно од намената и целите треба во суштина да даде одговори на криминалистичките прашања Што, Каде, Кога, Зошто, Кој и Како.

Претпоставка за ефективна анализа кажавме дека претставуваат квалитетните податоци кои се резултат на прецизен и ефикасен режим на собирање, меѓутоа ефективното и квалитетно вршење на анализа е неможно без користење на различните аналитички методи, пристапи и техники.

---

[87] Deborah Osborne, MA and Susan Wernicke, MS, „Introduction to Crime Analysis Basic Resources for Criminal Justice Practice“, The Haworth Press 2003, страница 33

Поаѓајки од клучните цели на разузнавањето – проценка на можности, ранливост, ограничувања и намери кои вклучуваат квалитативни и квантитативни особини, во анализата се вклучуваат аналитички методи за квантитативни и квалитативни податоци. Квантитативни методи се оние кои вклучуваат секаков вид на мерење и со оваа метода ќе ги измериме можностите. Квалитативни методи се оние кои се потпираат на мудроста, личниот став, интуицијата и искуството за да достават разузнавачки податоци за ризиците, намерите и способностите.

Оваа фаза е комплексна и вклучува неколку подактивности, како што се:

- Расцепкување на постоечките групи податоци во засебни информации релевантни за стратешко-разузнавачкиот проблем;
- Селекција, корелација и преструктурирање на адекватните елементи од информациите;
- Разбирање, идентификување и селектирање на соодветните аналитички техники за работа со различните типови/групи податоци;
- Утврдување на разумни и одржливи ставови и мислења кои даваат значење и увид во разузнавачкиот проблем.

Аналитичкиот пристап се состои од збир на критериуми за селектирање на перспективата која ќе се искористи за решавање на проблемите. Во зависност од специфичните карактеристики на областа или проблемот кој се истражува, тие може да бидат:

- Историски пристап;
- Социолошки пристап;
- Економски пристап;
- Правен пристап.

Селектирањето на одреден пристап, овозможува целосно согледување на еден проблем низ збир од параметри и една единствена перспектива врз предметот на истражување.

Ефективната анализа овозможува ефективен и оперативен одговор по заканите. Квалитетот, квантитетот и прецизноста на информациите користени за донесување на одлука се суштинските фактори кои овозможуваат со поголема веројатност да се идентификуваат суптилните елементи на една закана.

Во процесот на развивање на аналитичките извештаи, неопходно е користење на бројни статистички методи, аналитички алатки и аналитички техники.

Статистиката за криминал е од суштинско значење, независно какви показатели изразува, дали зголемување, намалување на криминал, во одреден временски период. Започнувањето на било кој дел од анализата може да вклучи основни статистики или посложени статистички показатели, квалитативни или квантитативни. Изработката на квалитетна анализа подразбира и компетенции за разбирање и интерпретација на статистичките податоци како и разбирање за тоа како тие можат да ја поддржат анализата.

Анализата, значи подвојување на информацијата и на нејзините составни делови и нејзино синтетизирање преку повторно поврзување на истите на различни начини, како и извлекување значење и изготвување криминалистичко разузнавачки податок.

Користењето на аналогијата за укажување на веројатноста поврзана со одредена појава за некој нареден период е мошне природен начин на размислување во секојдневниот живот. Доколку аналогијата се користи за анализа на предвидување, особено е значајно да се идентификува соодветна аналогна ситуација преку фокусирање на детерминирачките фактори или одредени вредности. При изготвуавње на анализа на повремените предвидувања се користат повремени објаснувања коишто инволвираат повеќе или помалку автоматски ефекти, потврдување дека конкретна состојба се случила како резултат на нешто претходно. [88]

Критичниот елемент на анализата е примената на *индуктивна логика*[89] со цел да се развијат заклучоци за криминалните операции, вмешани клучни поединци, методот на операција и обемот на криминалните активности и влијанија. Индуктивната логика е процес на умно расудување кое се применува за да се укаже на значењето на специфичностите и деталите. Тоа е особено корисно кај криминалистичко разузунавачката анализа каде што главна цел е да се развие на значењето на делови од информации од различни извори. Аналитичката компонента редуцира податоци во форма која може да се ракува така што ја трансформира во графички формат/ графикон. Графиконот му помага на аналитичарот во интерпретација на податоците кои се често непотполни и ја олеснува идентификацијата на значењето или важноста на податоците.

---

[88] Семинар на тема »Стратешко разузнавачка анализа«во рамките на Проектот ОКТА за земјите од Југоисточна европа, 06 do 11 april 2008 година, Готеница, Р.Словенија, излагање на g-din Roberto Gonela

[89] Donald G.Hukle and Thomas M.Vanderhoof, „An Introduction to Intelligence Analysis", Joint Military Intelligence Traning Center, Washington, DC

### 4.2.2.5 РАЗВОЈ НА ХИПОТЕЗИ

Развојот на хипотези е составен дел на секое истражување. Потојат повеќе причини поради коишто им се става акцент на хипотезите, односно дека истите можат да дадат објаснување за некое набљудување или да предвидат нешто коешто сеуште не било предмет на набљудување. Хипотезите постојат само за да би потврдиле или демантирање преку тестирање/проверување.

Хипотезата може да се дефинира како пробно објаснување, теорија за која се потребни повеќе информации да би ја потврдиле или отфрлиле. Повеќе хипотези може да се развијат за да се објасни иста серија на податоци.[90]

- Хипотезата дава теорија која може да се фокусира на натамошни напори за собирање на податоци;
- Хипотезата постои само да би се потврдила или отфрлила преку тестирање.

При поставувањето хипотеза/и важно е да се даде одговор на следните прашања:

- Кој? – клучни поединици, организација итн,
- Што? – природата на криминалната активност,
- Зашто? – мотивот,
- Кога? – време,
- Како? – метод на операција (вршење на делата)
- Каде? – географското подрачје.[91]

Хипотезата или било кој изведен заклучок се состои од два дела – самата теорија и нивото на сигурноста со кое теоријата се поддржува. Теоријата значајно ни говори за навдените шест аспекти (прашања) на ситуацијата. Нивото на сигурност се утврдува во облик на веројатност (со тоа да се шансите за заклучок точни) слично на начинот на кој метеоролошкиот завод дава извештај за временската прогноза-„постои 70% да заврне".

[90] Criminal Intelligence, Manual for Analysits, Unated Nationos, New York 2011, страница 21
[91] Criminal Intelligence, Manual for Analysits, Unated Nationos, New York 2011, страница 37

#### 4.2.2.5.1 Тестирање на хипотези

Натамошно собирање на информации е потребно за хипотезата да се потврди или отфрли, или да се избере една од алтернативните хипотези. Хипотезата му помага на аналитичарот да се фокусира на специфични ставки кои се бараат од дополнително собраните податоци. Како?

- Се собираат само потребни податоци,
- Повеќе податоци се собираат за пократок период,
- Се унапредува координацијата и разбирањето.

Хипотезите се тестираат со повторување на циклусот на собирање на податоци, проценка на податоците, средување на податоците, описот на податоците и индуктивното расудување.

### 4.2.2.6 ИЗВЕДУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ, ПРЕДВИДУВАЊА И ПРОЦЕНКА

Конечниот производ од логичкото расудување ќе биде заклучок, предвидување или проценка. Описот на податоците и техничката интеграција, како што е анализата на врски, не се сами по себе цел, туку претставуваат еден чекор во процесот на доаѓање до заклучок од анализираните информации. Најпрво сакаме да изведеме заклучок за природата и обемот на целните криминални активности и за посебни лица и организации во кои тие се инволвирани. Заклучокот е објаснување изведено од голем број поврзани информации[92]. Целта на аналитичарот е да развие заклучоци за кои ќе биде сигурен и на основ на кои ќе се донесуваат одлуки за преземање акција.

Срцето на процесот во изведувањето на заклучоците е индуктивната логика. Заклучокот сепак има ограничена вредност без да се направи проценка за неговата веројатност (вистинитост). Постапките кои треба да се превземат, а се врзани за заклучокот, се разликуваат во зависност од тоа колку можеме да се потпреме на точноста на заклучокот. На пример, заклучокот во чија точност малку веруваме, може да послужи само за насочување на собирањето на дополнителни информации. Од друга страна, високото ниво на уверливост и точност на заклучокот може да доведе до одредени постапки насочени кон водечките луѓе (организаторите) во некоја криминална активност.

---

[92] National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis", UK, 2008, страница 80

***Видови заклучоци:***

Постојат четири видови на залклучоци:

- **Хипотеза** : пробно објаснување, теорија која побарува дополнителни информации да би се потврдила или негирала;
- **Заклучок** : објаснување кое има добра поддршка, хипотеза која е потврдена и на чија основа може да се делува;
- **Предвидувње** : заклучок дека нешто ќе се случи или може да се случи во иднина;
- **Проценка** : (Мислење) - направена кога постојат ограничен број на премиси[93] на кои може да се изгради потполна слика, но анализата има способност да информира за состојба на криминалитетот. Тоа е заклучок сочинет од причини кои се по природа значајно кванитативни (износ на парични средства, потребно време, големина на операција итн.)[94]

***Логичка основа:***

Заклучоци кои се изведуваат на логичка основа и чии елементи на основа се:

- **Аргумент** – листа на изјави од кои секоја одразува клучна ставка или предлог кој води до заклучок. Овие изјави се нарекуваат *претпоставки или премиси.*
- **Логика** – врската помеѓу препоставката и заклучокот е *аргумент*[95]**.**

Постојат два вида логика – дедуктивна и индуктивна[96].

- **Дедуктивна логика** : Процес на расудување од општо кон специфично, односно процес на одземање нешто од претпоставка - заклучокот мора да произлезе од претпоставка. Значи, ако се претпоставките точни, заклучокот мора да биде точен. Аргументот оди од општа состојба кон специфични околности. Нема ризик.
- **Индуктивна логика** : Процес на расудување, од делови кон целина, или од специфично кон општо. На тој начин нема гаранција дека претпоставките се точни. Сепак нас не интересираат случаите во кои ако се претпоставките точни, односно, точен е и заклучокот. Ризик постои.

---

93 Премиса се дефинира како „претходна изјава која служи како основа или како аргумент“

94 Criminal Intelligence, Manuel for Analysts, New York 2011, страница 74

95 Donald G.Hukle and Thomas M.Vanderhoof, „An Introduction to Intelligence Analysis“, Joint Military Intelligence Traning Center, Washington, DC, страница 89

96 National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis“, UK, 2008, страница 81

***Дедуктивна против индуктивна логика***

| **ДЕДУКТИВНА** | **ИНДУКТИВНА** |
|---|---|
| Заклучокот не оди подалеку од претпоставките – неможе да дојде до нешто ново | Заклучокот оди подалеку од претпоставките – можност за **откривање и предвидување** |
| **Без ризик**: ако се претпоставките точни, заклучокот мора да биде точен | **Ризик** - ако се претпоставките точни, заклучокот може да биде и точен и неточен |
| Не бара проценка на веројатноста | Бара проценка на веројатноста |
| Од општо кон специфично | Од специфично кон општо |
| Не е од корист за анализа на крим-разузнавачки податоци | Корисна за анализа на крим-разузнавачки податоци |

***Проценка на аргумент***

Кај двата вида логика аналитичарот одлучува ДАЛИ се претпоставките точни пред да даде било каква изјава за точноста на заклучокот. Во реалниот свет на разузнавањето аргументот се проценува низ процес кој се состои од два чекора:

1. Кај првиот чекор мора да се одговори на прашањето „колку се вредни премисите (претпоставките)?“ Ова е функција на **проценката на податоците.**
2. Кај следнит чекор мора да се одговори на прашањето „колку е јака врската помеѓу претпоставките и заклучокот?“ Ова е функција на **индуктивната логика.**

***Практичен пристап на изведување на заклучок***

- Да се искористат сите релевантни информации;
- Да се опишат и интегрираат раздвоените информации (пр.анализа на врски);
- Да се формулираат заклучоци;
- Да се избегнат логички грешки;
- Да се воспостават хипотези (една или повеќе);
- Да се користи проценка на веројатност;
- Да се тестираат хипотезите;
- Да се донесат заклучоци, предвидувања и проценки.

Значи, заклучок е објаснување кое е добро поддржано, хипотеза или претпоставка која се чини веројатно да биде потврдена, се појавува приоритет

за потврда или е сублимат на последиците кои произлегуваат од некоја од поставени хипотези, предвидувања и/или проценки.[97]




Слика 7 – графикон на ток на изведување заклучок

***Проценка на заклучокот***

Последниот чекор кај процесот на изведување заклучок е користење вредност на веројатност како би се проценил степенот на извесност на точноста на заклучокот. Заклучок без проценка на неговата точност е некомплетен. Степенот на извесност може да биде изразен вербално на неколку начини, како на пример: „многу возможен", „голема веројатност", „речиси сигурен", „неверојатен" и „слабо веројатен". Сепак секој од овие изрази за различни луѓе ќе има различно значење. Генерално гледајќи, веројатноста е децимална фракција која покажува колку е возможно постоењето на некој услов или колку е можно да се случи одреден настан. Веројатноста се користи да се објасни колку е можно еден заклучок да е точен.

Постојат три извори на проценка на веројатноста:

- Релативни фрекфенции на настани од минатото;
- Теоретска проценка;
- Субјективна проценка.

Постојат три вида вредности на веројатноста:

- Едноставна проценка-веројатност дека ќе се случи само еден настан;

[97] Criminal Intelligence, Manual for Analyst, New York 2011, страница 74

- Поврзана веројатност-веројатност дека два настана ќе се случат во исто време;
- Условна веројатност-веројатност на следен настан, под услов првиот настан веќе да се случил.

Концептот на условна веројатност се користи за да се проценат заклучоци кои се изведени по пат на индуктивниот логички процес. Ако претпоставките беа „градежни тули“ кои не водеа до заклучоците, тие исто така мора да бидат и градежни тули на кои мора да го засноваме нивото на сигурност и валидност на заклучоците. При примената на условната веројатност претпоставките се услови на чија основа се врши проценката. Дефиниција за условна веројатност е веројатноста за следен настан под услов првиот настан веќе да се случил. „Првиот настан“ е збир на претпоставки, а „следниот настан“ е заклучок, значи сакаме да ја процениме веројатноста на точноста на заклучокот под услов збирот на претпоставки да е точен. Еден од начините за проценка на валидноста на заклучоците би бил едноставно разгледување на сите заклучоци одеднаш и одговарање на следниве прашања: Доколку збирот претпоставки е точен, колку заклучоци од 100 би биле точни? Доколку одговорот е 90 од 100, може да одредиме дека веројатноста на тој заклучок ќе биде 0,90, односно би рекле дека заклучокот е точен со 90% сигурност. Покрај ова може да се изведе и по точна порценка доколку систематски се направи проценка така што ќе се додаваат претпоставките една по една и на тој начин ќе се гради вредност на веројатност во секој чекор од процесот на додавање.

### 4.2.2.7 ЛОГИЧКИ БРИФИНЗИ И ПИШАНИ ИЗВЕШТАИ

Логичката рамка дадена на овој труд служи и како модел за претставување на резултатите од анализата на усмени брифинзи или писмени извештаи.

***Усмени брифинзи***

Усмениот брифинг е најефикасен кога се користи да се претстави преглед на анализата која треба да биде основа за итна акција, како што се резултатите кои ќе се прикажат при важна или итна истрага. Главна предност на усмениот брифинг е што обезбедува интеракција „лице во лице“ помеѓу корисникот и изработувачот на аналитичката информација, поради што е многу важно брифингот да го отсликува логичкото резонирање на направената анализа.

Дефиниција: *Усмен брфинг е кратка усмена и визуелна презентација на клучните елементи на ситуацијата или анализата пред одредена „публика“.*[98]

Предности на усниот брифинг:

- Заштеда на време – излагачот може да пренесе максимална количина на информации на корисникот за краток временски период.
- Директен контакт – усмениот брифинг овозможува директен контакт помеѓу личноста која ја изработила анализата и корисникот на истата. Корисникот на анализата може да го праша аналитичарот за изворот на податоците, проценката на нивната сигурност и како се поврзани со слични информации. Преку директниот контакт, корисникот може прецизно да го процени значењето на резултатите од анализата кога тие се однесуваат на други информации на оваа тема.
- Up–to-the-minute – До последен момент – ова не е возможно со пишаниот извештај. Брифингот може брзо да биде сменет кога информацијата добиена во последен момент ќе стане достапна. Брифингот може ефективно да биде опис на ситуација која се случила кратко пред брифингот.

*Структура на брифингот* – внимателната подготовка и логичката презентација се есецијални за ефеткивноста на усмениот брифинг. Логичкото резонирање кое влегло во анализата треба да биде евидентно на брифингот.[99]

*Редослед на презентација на брифингот:*

- Претставете се и запознајте ги останатите
- Наведете ја целта на брифингот
- Опишете го резулатот на заклучоците (кратко)
- Поддршка : премиси и останати податоци
- Дадете препораки
- Држете ја под конторола дискусијата и прашањата
- Завршете го брифингот.

Бидејќи аналитичките продукти може да бидат комплексни, ефективната усмена презентација овозможува да се презентираат заклучоците на јасен и логичен редослед дел по дел. Тоа е од клучно значење поради тоа што брифинзите го одразуваат логичкото расудување на аналитичарот кое поминало низ аналитичкиот процес изведен за да ги продуцира.

---

[98] Criminal Intelligence, Manual for Analysits, New York 2011, страница 77
[99] Criminal Intelligence, Manual for Analysits, New York 2011, страница 78

### *Пишани извештаи*

Структурата обезбедена со помош на индуктивната логика за анализа и за усмените брифинзи може исто така добро да послужи во подготовката на пишаните аналитички извештаи. Бидејќи веќе зборувавме за оваа логичка структура не е неопходно да ја елаборираме нејзината примена и во пишаните извештаи, туку едноставно ќе посочиме една или две дополнителни идеи:

- Компонентите на аналитичкиот пристап се врзуваат директно за деловите на пишаниот извештај.
- Премисите и информациите од кои се добиени стнауваат главни делови на извештајот.
- Аналитичките производи како што се дијаграми на врски и финансиски профили, стануваат компоненти на главните делови од извештајот.
- Завршниот дел на извештајот може да вклучи повторување на заклучокот со давање препораки.

Во подготовката на пишаниот извештај треба да се има на ум дека читателот сака да ја дознае поентата, која е всушност заклучокот на аналитичарот. Аналитичарите грешат кога при пишувањето на извештајот ја чуваат понатата до крајот на извештајот. За да биде извештајот поедноставен за читање и за пишување најдобро е прво да се даде поентата, а потоа да следи приказната со детали кои го поддржуваат заклучокот.[100]




Слика 8, Аналитички процес

[100] https://www.unodc.org/documents/organized-crime/Law-Enforcement/Criminal_Intelligence_for_Analysts.pdf

### 4.2.3 АНАЛИТИЧКИ АЛАТКИ

Аналитички алатки во основа се софтверски апликации за табеларни пресметки, специјално дизајнирани аналитички програми вклучувајќи географски софтвери за мапирање и софтвери за изработување на визуелни прикази-чартови, кои помагат за организирање, интегрирање, корелација и илустрација на суровите информации. Користењето на алатките на иновативен и креативен начин е важно за раководење и разбирање на голема количина на информации. Карактеризација (опишување) е продуктот од употребата на овие алатки со вклучување на табели, графикони, чартови, мапи и матрици. Излезниот производ од аналитички алатки може да биде употребен за поддршка на заклучоците во финалниот аналитички продукт, или како алатка за информирање (брифинг). Се употребуваат за поддршка на заклучоци во финалниот аналитички продукт и како алатки за информирање.
Аналитичките алатки помагаат во развивањето и примената на аналитички техники.

#### 4.2.3.1 КОНЦЕПТУАЛЕН МОДЕЛ/ ОБЕМ

Концептуалниот модел се користи како аналитичка алатка, а се однесува на изготвувачот – аналитичарот којшто има за цел да обезбеди соодветен модел за начинот на работа. Истиот не мора да биде целосно точен, меѓутоа потребно е да биде доволно точен така што ќе помогне за сфаќање на операцијата и справување со ситуацијата.

Што е концептуален модел?

- Ментална слика (генерално објаснување)
- Витална алатка за припрема
- Широк опис (не посебен)
- Компилација на новото со старото знаење
- Категории на информации

Содржина на концептуалниот модел:

- Што се случило?
- Која е целта на поединечните делови?
- Кој е инволвиран? (лица и групи)

- Интеракција помеѓу иститe
- Специјално разгледување (политичко, социјално)

Креирање на концептуален модел:

- Да се размисли и дискутира
- Моментални идеи (Brainstorming)
- Мисловно мапирање (Mind mapping)

Дополнително истражување/прашања

- Кои дополнителни информации се потребни? (План за дополнително обезбедување на податоци/информации).

Концептуалниот модел е кориснички ориентиран, а неговата дефиниција одредува начини и принципи на категоризација на податоците користејќи систем за поддршка кој информациите ги става во функција и кој започнува уште во фазата на проектирање, а целта е да се опишат состојбите на креативен, едноставен, јасен и разбирлив начин.

### 4.2.3.2 ТАБЕЛАРНИ ПРЕГЛЕДИ, ШЕМИ И ГРАФИЧКИ ПРИКАЗИ

Бидејќи луѓето се генерално визуелно стимулирани, табеларните прегледи, визулените прикази и шеми, изготвени од криминалистичко-разузнавачките аналитичари се едни од најважните придонеси на аналитичкиот процес. Од суштинско значење е аналитичарот да може да го земе комплексниот збир податоци и да го претстави на визуелен начин, а сето тоа да има смисла за нарачателите на анализата. Подготовката на аналитичката информација бара познавања во одредени видови на шеми, графикони и други визуелни додатоци кои може да бидат потребни, како и софтвери дизајнирани да помогнат во креирањето на визуелниот приказ. Колку и да е важен софтверот не е апсолутно неопходен при изработката на визуелните прикази туку способноста на аналитичарот визуелно да ги претстави врските помеѓу луѓе, места, предмети, локации и бизниси.[101] Ваквите визуелни прикази им служат и на аналитичарите да можат да ги видат индиректните врски помеѓу информациите што на друг начин би изгледале неповрзливи или расчленети, односно врските помеѓу ентитетите (луѓе, места, настани и сл.) лесно ќе бидат воочени.

[101] Истражување на криминалистичката анализа, Меѓународна асоцијација на крим-аналитичари, страница448, Магор, Скопје 2009 година

#### 4.2.3.2.1 Табеларни прегледи

Примарна алатка за повеќето криминалистичко разузнавачки аналитичари се табеларните прикази, кои се користат речиси за се. Аналитичарите се потпираат на своите табеларни прегледи многу повеќе од било која софверска апликација достапна за анализа. Табеларните прегледи во аналитичката работа се користат за водење статистика, (најчесто во однос на стапките на криминал од година во година), потоа како помагало за структурирање и систематизација на податоците, но и како начин како да ги пренесат тие податоци од една во друга база на податоци пред нивно претставување на графички прикази и анализирање.[102]

Користењето на табеларните прегледи во криминалстичко разузнавачката анализа завзема важна улога, особено при водењето на финанасиски истраги, каде од круцијално значење е структурирањето и категоризирањето на огромниот број податоци добиени од документација која се обезбедува при финансиските истраги. Табеларните прегледи при водењето на финансиски истраги исто така многу често се користат за да се направат пресметки во текот на водењето на истрагата, во смисла на прибавена противправна имотна и материјална корист, направената финансиска штета, но и при изготвување на комплексни финанасиски анализи, како што е анализата на скриени приходи.

Најпопуларни алатки за изработка на табеларни прегледи во аналичката работа се microsoft excel i microsoft access. Ако micosoft excel служи за категоризирање на податоците и правење пресметки заради големиот број формули кои се достапни во истиот, microsoft access, кој по дефиниција е алатка за креирање бази на податоци, во аналитичката работа се користи за креирање сопствени бази на податоци, зависно од истрагата на која ќе се работи со креирање табели (прегледи) и можности за пребарувања на внесените податоци.

[102] Истражување на криминалистичката анализа, Меѓународна асоцијација на крим-аналитичари, страница437, Магор, Скопје 2009година

| | | Uplati na smetki na xxx od fizickichki lica po godini (vo denarska valuta) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2011 | | | | 2011 | 2012 | | | | 2012 | zbir smetki site godini |
| sopst. smetka | Smetka broj | Lice X | Lice X | Lice X | Lice X | vkupno | Lice X | Lice X | Lice X | Lice X | vkupno | |
| Lice X | Smetka X | | | | | | 84000 | 118000 | 20000 | | 222000 | 222000 |
| Lice X | Smetka X | | | | 55352 | 55352 | | | 73716 | | 73716 | 129068 |
| Lice X | Smetka X | 3067500 | | 1240000 | 116864 | 4424364 | | | | | | 6455488,5 |
| Lice X | Smetka X | | 12000 | 830000 | | 842000 | | | | | | 3866705 |
| Lice X | Smetka X | | | | | | | | | 3000 | 3000 | 3000 |
| Lice X | Smetka X | | | | | | | | | | | 75221 |
| Lice X | Smetka X | | | | 105235,5 | 105235,5 | | | 34920 | | 34920 | 193729,5 |
| Lice X | vkupno na smetki | 3067500 | 12000 | 2070000 | 277451,5 | 5426951,5 | 84000 | 118000 | 128636 | 3000 | 333636 | **10945212** |

Слика 9, Пример 1: Табеларен преглед на извршени транскации на сметка на физичко лице




Слика 10, Пример 2: Користење бази на податоци за структурирање и пребарување на податоците (microsoft access) креирана за водење на криминалистичка истрага

#### 4.2.3.2.2. Аналитички шеми и графички прикази

Аналитичките шеми и графичките прикази се користат заради поедноставување на процесот на презентација на информациите, односно врските помеѓу ентитетите (лица, возила, настани, сметки и др.) кое би било многу потешко при усмена презентација. Исто така подготовката на аналитичката информација побарува познавање на одредени видови шеми, графикони и други визуелни податоци кои може да бидат потребни, како и користење на различни софтверски апликации за дизајнирање или импортирање на информациите со кои се располага. Значи, графичката презентација подразбира визуелизација, односно визуелна презентација на информациите достапни на аналитичарот. При работа на случаи поврзани со организирани криминални групи, неопходно е користење визуелна презентација заради комплексниот збир на податоци со кои аналитичарот располага, како и заради нивно структурирање, следење и подобро разбирање, но и најефективно претставување на нарачателите на анализата. За таа цел аналитичарите корстат и софтерски апликации, специјално креирани за анализа.

Во Р.Македонија, Министерството за внатрешни работи на Р.Македонија, Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање, за анализа и вузелизација на податоците користи продукти од фирмата i2 и тоа: IBase и Analyst's Notebook. Овие софтвери овозможуваат на лесен начин и за релативно кратко време да се изготват визуелни прикази при изработката на анализите.

Во овој труд ќе бидат претставени визуелизациите кои се изработуваат со оваа софтверска апликација при изготвувањето на различните видови анализи при работа на финансиски истраги, односно криминални групи и организации инволвирани во криминални активности поврзани со организиран финансиски криминал и перење пари.

***Визуелен приказ –Чарт на криминален настан*** – се изготвува по случен криминален настан за полесно воочување на криминалната активност, лицата и објектите поврзани со истиот, релацијата помеѓу нив, како и претходни информации за лицата учесници во истиот. Исто така Чартот на криминален настан е соодветна алатка и при развивање на значењето на поврзани повеќе настани, кога ја покажува временската рамка кога настаните се случиле, релациите помеѓу настаните и лицата инволвирани во истите. Чартот на

криминален настан треба да се развива од самиот почеток на анализата, особено при работа на комплексни истраги.




*Слика 11, Визулен приказ-Чарт на криминален настан - злоупотреба на јавни набавки*




*Слика 12, Визуелен приказ-Чарт на случени повеќе криминални настани*

***Визуелен приказ-Чарт на криминални врски*** – се изготвува за да ги прикаже односите помеѓу ентитетите (лица, објекти, возила, настани, организација, бизниси итн). Се изготвува и за прикажување шема на криминална група или сопственичка структура на правни субјекти инволвирани во криминални активности.




*Слика 13, Визуелен приказ-Чарт на сопственичка структура на криминална група која преку повеќе правни лица во нивно владение извршиле кривично дело перење пари.*

***Визуелен приказ-Чарт на криминални активности*** - се изготвува да го прикаже текот на криминалните активности на одредена криминална група или поединци за одреден временски период. Ваквите визуелни прикази многу често се користат и за прикажување на доказите со кои се располага за одредена криминална активност на членови на криминална група или организација.




*Слика 14, Визулен приказ-Чарт на организирана криминална група која повеќе лица и фирми ставиле во неликвидна економска состојба, а потоа за помирување на долговите нуделе пари на заем со огромни каматни стапки и со уцени и закани ги принудувале да склучат нотарски договори за купопродажба заради преземање на имотот во нивна сопственост.*

***Визуелен приказ –Чарт на криминални финансиски транскации*** - се изготвува за да се прикажат криминалните финансиски трансакции на поединци или членови на организирана криминала група, со цел идентификување и визуелено прикажување на незаконито префрлање на парични средства.




*Слика 15, Визуелен приказ –Чарт на извршени сомнителни уплати (приливи) на сметки на посочени физички и правни лица со кои стопанисуваат физичките лица со цел докажување кривично дело перење пари.*

***Визуелен приказ-Чарт на движење на предмети или парични средства*** – во финансиските истраги се изработува за да се даде приказ на текот на паричните средства за одреден временски период за физички и правни лица кои се предмет на истрага.




*Слика 16, Визуелен приказ-Чарт на движиење на парични средства од сметките на повеќе сопственички поврзани правни и физички лица-членови на криминална група која во временски период од 5-6 години со цел, доведување во заблуда на упрвителот и сопственик други правни лица, по пат на реализирање на голем број позајмици, го злоупотребиле кредитниот потенцијал и ниската кредитна изложеност, со цел стекнување со криминални приноси за лични цели.*

***Визуелен приказ-Чарт на телефонски контакти*** **–** се изработува во текот на сите криминалистички истраги. Чартот на телефонски контакти е производ на телефонска анализа, која претставува најчесто употребувана аналитичка техника во криминалистичките истраги. Со телефонската анализа може да се постигне: идентификување на телефонските броеви кои преставуваат излезни повици од таргетираните телефонски броеви (корисници се лица предмет на истрага). Ова помага во насочување на истрагата и кон други лица; идентификување на шеми на остварена комуникација (одреден дел од денот, неделата или месецот помеѓу одредени лица) како и заедничките (поврзувачките тел.броеви) кои се повикани од тел.броеви дадени на анализа. Ја прикажува фрекфенцијата на повиците (влезни и излезни). Претставува потенцијал за идентификување на поврзувања; локација на повикувачот, потоа следење на движење по базни станици за конкретни денови заради поврзување на лица во одредена криминална активност и др.




*Слика 17, Визуелен приказ-Чарт на остварена комуникација на лице предмет на истрага за конкретен датум на остварена комуникација со критериум време на остврана комуникација*

## 4.2.3 АНАЛИТИЧКИ ТЕХНИКИ И АНАЛИТИЧКИ ПРОДУКТИ

Аналитичките техники се употребуваат за да се развие анализа и е потребно да бидат сумирани во аналитички излезен продукт. Клучни се за подржување на анализата и им додаваат вредност на информациите кои се собрани за време на истражувањето, може да бидат употребени самостојно и при тоа секоја дава свој допринос во комплетирањето на сликата и во утврдувањето на разузнавачките потреби, но употребени во комбинација овозможуваат да се развие анализата согласно описот на проектот.[103] Најчесто користените аналитички техники утврдени од меѓународната асоцијација на криминалистичко разузнавачки аналитичари ќе бидат објаснети, но основно е да се знае дека тие всушност претставуваат одговор на криминалистичките прашања што, кога, каде, како, кој и зошто.

Аналитички техники се применуваат за да се идентификуваат шаблони (модели, начини) на криминал – поврзан со информација. Тие се користат во различни варијации од комбинации за да се развие анализата која се користи при донесување на одлука. Со користење на дефинирани аналитички техники, аналитичарите можат да издвојат значење (смисла) и да развијат заклучоци и теории од големиот спектар на информации. Излезниот производ од анализата мора да биде повеќе од презентирање на факти и фигури кои само потврдуваат што е познато и нешто малку информирање. Доколку анализата само презентира она што е веќе познато тогаш таа не успеала во тоа да биде корисна во нејзината подршка при донесување на одлука. Алатка за развивање на вештини за размислување е 4КШЗ (Кој, Што, Каде, Кога, Како и Зошто). Ова се клучните прашања кои треба да се земат во предвид кога се насочува било која нова анализа и можат да бидат употребени кога се организираат brainstorming сесии и се собираат и презентираат информации.

Криминалистичко-разузнавачката анализа се спроведува во криминалистичко разузнавачките единици од страна на криминалистичко разузнавачки аналитичари, а врз основ на писмено поднесено барање за анализа, кое треба да ги содржи следните податоци: корисник на анализата, вид на анализа, временски период за анализирање, рок на завршување на анализата, оправданост на задачата, поврзаност со планирана оперативна активност (со

[103] Deborah Osborne, MA and Susan Wernicke, MS, „Introduction to Crime Analysis Basic Resources for Criminal Justice Practice", The Haworth Press 2003, страница 63

која доколку има), намена и цели на анализата, препораки на корисникот, фокус на телефонска анализа, листа на прашања на кои корисникот бара одговор и забелешка.

Аналитички продукт треба да се состои од најмалку овие делови: вовед; преглед на анализата; анализа и прилози.

***Профил на субјект***

Со примена на аналитичката техника „Профил на субјект" аналитичарот треба да даде детална слика за одреден поединец, негови соработници, превозни средства, комуникациски средства, финансии и инволвираност во криминални активности.

Профилот на субјект опфаќа аналитички техники чија цел е да се опише криминалецот, неговата криминална активност, животен стил, здружувања, ризикот кој го претставува, неговите силни страни, неговите слабости, со цел да се даде фокус на истрагата во која истиот е цел.[104]

Профилите можат да се фокусираат и на жртви и на ранливи лица. Се изготвува при започнување или во тек на одредена истрага и овозможува детална анализа (јасна слика) за одредено лице кое претходно е идентификувано како:

- *осомничен* дека подготвува или извршил одредено кривично дело;
- *жртва* каде преку анализирање на степенот и видот на нејзината инволвираност овозможува да се идентификува сторителот на одредено кривично дело и
- *сведок* каде преку негово анализирање овозможува да се идентификуваат нови сведоци, осомничени или жртви;

При изготвување на овој продукт се користат:

- сегменти (делови) од разузнавачки сознанија кои се проценети како корисни;
- личното и криминално досие на субјектот;
- физички опис (изглед) и животен стил на субјектот;
- податоци од комуникации и финансии;
- разузнавачки извештаи, полициски записи (службен материјал), податоци од други служби (финансиски, затворски, царински и др.).

*Бидејќи содржи податоци кои постојано се менуваат, особено важно е непрекинато да се ажурира и да се датира со најнов датум на изготвување.*

---

[104]National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis", UK, 2008, страница 58

Профилот на субјект овозможува:

- да се определи степенот на заканата која ја предизвикува субјектот;
- да се обезбеди јасна слика за субјектот преку анализа на неговите претходни криминални активности, соработници, возилата кои ги користи, на кој начини и преку што комуницира, големината и потеклото на неговите финансиски средства;
- помага при определување во кој правец да се насочи понатамошното разузнавачко собирање и дава насоки за одредени активности во рамките на истрагата;
- детектира потенцијални или нови извори на информации;
- нагласува разузнавачки празнини како и други сознанија кои недвосмислено укажуваат или предупредуваат за употреба на огнено оружје или насилничко однесување;

Оваа аналитичката техника може да биде прикажана во аналитичкиот продукт, кој ги содржи следниве податоци: Општи податоци за документот; за кое лице е профилот на субјект; субјектот е предмет на; псевдоним; главна област на криминал; намера; цел; основни карактеристики за субјектот; причина за означување како цел; оперативни цели; детали за субјектот; заклучок; информациски празнини; предлози за натамошно дејство; забелешка; достапност; додаток (визуелни и табеларни прикази); податок за индивидуални податоци и план за собирање информации.

***Анализа на криминална мрежа***

Со примена на аналитичката техника „Анализа на криминална мрежа" аналитичарот треба да го прикаже разбирањето за криминална група, значењето на поврзувањата кои ја формираат криминалната група и организации кои меѓусебно се поврзуваат.[105]

Со примената на оваа аналитичка техника се дава детална слика за улогите на поединците во групата, хиерархијата и здружувања во групата, поврзувања на поединците со други поединци, локации, финансии, средства за комуникација и настани. Исто така се идентификуваат членовите на криминалната група, нивната поединечна улога во групата, јаките и слабите страни, како и нивна поврзаност со поединци или други криминални групи.

[105] Council of Europe „CRIME ANALYSIS Organised crime - Best practice" survey no. 4, Strasbourg, 22 July 2002, страница 34

Аналитичката техника може да биде прикажана во аналитичкиот продукт, со следниве податоци: општи податоци; достапност; вовед; заклучоци; информации за мрежата; географско поставување на мрежата и влијае на подрачјето; средби и поврзувања на соработниците; организирање на групата; информациски празнини; препораки и прилози (визуелни и табеларни прикази).

***Анализа на шаблон на криминал***

Со примената на аналитичката техника „Анализа на шаблон на криминал" треба да се идентификува суштината, карактерот и нивото на криминал, моменталните трендови на криминал, меѓусебно поврзани криминални активности, активни локации на криминал, взаемни карактеристики на сторители на криминал и нивно однесување.[106] Оваа аналитичка техника може да биде прикажана во аналитичкиот продукт, кој може да ги содржи следниве податоци: општи податоци; достапност; вовед; заклучок; клучни информации; податоци поврзани со местото, објектот или локацијата каде се вршат кривичните дела или прекршоци; можни извршители (осомничени лица); предвидувања; влијание на криминалот врз жртвата, оштетениот, јавноста–средината; разузнавачки празнини; препораки и прилози (визуелни и табеларни прикази).

***Анализа на социјален и демографски тренд***

Аналитичката техника „Анализа на демографски и социјален тренд" се однесува на демографски промени и нивното влијание врз криминалитетот. Исто така ги опфаќа анализите на социјалните фактори како што се невработеноста и бездомништвото, а го зема во предвид и значењето на промените кај населението, однесувањата и активностите. [107]

Аналитичката техника може да биде прикажана во аналитичкиот продукт, кој може да ги содржи следниве податоци: општи податоци; достапност; подрачје/област; вовед; анализа на т.н. ПЕСТЕЛ фактори; заклучок и прилози.

***Анализа на криминален пазар***

Со примена на аналитичката техника „Анализа на криминален пазар" аналитичарот треба да го прикаже криминалниот пазар на одредена стока или услуга, да даде преглед на нивото на активност на пазарот, да идентификува трендови и нивна застапеност (ниво) на пазарот, да селектира субјекти за

[106] National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis", UK, 2008, страница 33
[107] Council of Europe „CRIME ANALYSIS Organised crime - Best practice" survey no. 4, Strasbourg, 22 July 2002, страница 42

таргетирање и можности за превенција, редукција и спречување, како и нови извори на информации.[108]

Аналитичката техника може да биде прикажана во аналитичкиот продукт, кој може да ги содржи следниве податоци: општи податоци; достапност; вовед; заклучоци; информациски празнини; препораки и прилози.

***Анализа на криминален бизнис***

Со примена на аналитичката техника „Анализа на криминален бизнис" се прикажува начинот на делување на криминалната активност[109], треба да се прикаже разбирање за начинот на кој криминалците делуваат, инволвираните лица, временските периоди и локациите и настаните поврзани со криминалниот бизнис, да се одредат одреди клучни точки за спречување на криминалните активности и да даде сугестии за можностите за спречување и намалување на криминалниот бизнис, како и да се добие еден логичен редослед на активностите и нивната меѓусебна поврзаност.

Аналитичката техника може да биде прикажана во аналитичкиот продукт, кој може да ги ги содржи следниве податоци: општи податоци; достапност; вовед; заклучоци; информации за субјектите на бизнисот; информации за бизнисот; информациски празнини; препораки и прилози.

***Анализа на ризик***

Целта на анализата на ризикот е идентификување и испитување на слабостите коишто се присутни во општеството и може да бидат експлоатирани. Само преку испитување на слабостите и ранливи области можно е да се дадат препораки за бројот на различните исходи како потенцијални контра-мерки.

Со примена на аналитичката техника „Анализа на ризик" се проценува обемот на ризици кои претставуваат индивидуални лица или организации за индивидуални потенцијални жртви, јавноста и за институциите надлежни за спроведување на законот. [110]

Аналитичката техника може да биде прикажана во аналитичкиот продукт, кој може да ги содржи следниве податоци: општи податоци; достапност; проценка на ризик; веројатност и влијание на матрицата; матрица за анализа на ризик на одредени видови криминал;  разузнавачки празнини и препораки.

---

[108] Council of Europe „CRIME ANALYSIS Organised crime - Best practice" survey no. 4, Strasbourg, 22 July 2002, страница 48

[109] National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis", UK, 2008, страница 33

[110] National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis", UK, 2008, страница 53

***Анализа на заканата***

Целта на анализата на заканата е да се анализира и процени карактерот, резултатот и влијанието на криминалот во општеството. Многу често овој продукт опфаќа подолг временски период ориентиран кон нареден иден период. Потребно е истиот да содржи анализа, односно објаснување на различни взаемни фактори. При изготвување на овој продукт потребно е да се предвидат и разберат причините што предизвикале појава на одреден феномен. Поради тоа, мошне значајно е да се проучат релевантните политички фактори, социјалните, демографските и други различни фактори со цел разбирање на нивното значење и корелација. Анализата на заканата вообичаено се користи во процесот на планирање во рамките на Службите за борба со криминалот.

Основни компоненти на концептот на заканата се:




*Слика 18, Поврзаност помеѓу анализата на заканата и анализата на ризикот*

Разликата помеѓу ализата на заканата и анализата на ризикот е фокусот на проценката/анализата. Имено, при анализата/проценката на заканата фокусот се заснова на заканата, а кај анализата /проценката на ризикот фокусот се заснова на објекти коишто се ранливи и постои можност истите да бидат цел на закана.

***Анализа на резултати***

Со примена на аналитичката техника „Анализа на резултати" се проценува ефективноста на полициското работење за одредена полициска оперативна

активност[111], се истакнуваат областите за подобрување и идентификува неефективни стратегии, иницијативи за намалување на криминалот или посебен метод на истрага.

Аналитичката техника може да биде прикажана во аналитичкиот продукт, кој може да ги содржи следниве податоци: општи податоци; достапност; вовед; позадина на анализата; надворешни фактори; влијание; последици; анализа на трошоци; заклучоци и препораки.

***Оперативна разузнавачка проценка***

Со примена на аналитичката техника „Оперативна разузнавачка проценка“[112] аналитичарот треба да прикаже дали одредена оперативна активност е фокусирана на првично поставените цели, да ја фокусира оперативната активност, да го фокусира разузнавачкото работење и даде насоки понатамошни активности.

Аналитичката техника може да биде прикажана во аналитичкиот продукт, кој може да ги содржи следниве податоци: општи податоци; достапност; преглед на истрагата; нови прашања; оперативна активност; разузнавање; финансиски истраги; соработка во рамки на Министерството за внатрешни работи; надворешни фактори; проблеми; иден оперативен фокус; разузнавачки празнини и препораки.

***Анализа на случај***

Со примена на аналитичката техника „Анализа на случај“ аналитичарот треба да прикаже одреден настан или серија на настани, да идентификува нови текови на оперативните активности поврзани со тоа и да идентификува потенцијални нови извори на информации.

Анализата на случај опфаќа обработка (испитување) на детали за:

- настан (целосниот временски период на настанот или специфични временски
- интервали во рамките на настанот);
- рути (движење на осомничените, пронаоѓање на сведоци и рути на движење);
- идентификување на нови насоки во истрагата (*нови потенцијални сведоци*);
- пропусти и противречности во информациите;

[111] Council of Europe „CRIME ANALYSIS Organised crime - Best practice“ survey no. 4, Strasbourg, 22 July 2002, страница 34

[112] Council of Europe „CRIME ANALYSIS Organised crime - Best practice“ survey no. 4, Strasbourg, 22 July 2002, страница 33

Се користат различни извори на информации како што се: изјави од сведоци, записи за телефонски комуникации, записи за финансиски трансакции, видео записи, разузнавачки извештаи и останата полициска документација;
Во содржината се врши:
- анализа на специфични временски интервали што помага во идентификување на нови приоритети во истрагата (откривање нови или фокусирање на одредени сведоци, документирање на настани и сл.),
-анализа на празнини каде се утврдуваат разузнавачките празнини и несовпаѓања во материјалот (информациите) при што се даваат насоки на истражителите со цел да се пополнат овие празнини, да се дадат приоритети за да се утврдат клучните информаци;
-анализа на изјави од сведоци (граѓани) во одредени временски интервали што е од суштинско значење за понатамошниот тек на истрагата.[113]
Анализата на изјави дадени од сведоци може да поддржи развој и да даде насоки во понатамошната истрага (со податоци од телефонска комуникација или финансиски трансакции се потврдуваат или отфрлаат изјави од клучни сведоци или сведоци што дава можност да се даде насока на случајот против конкретно лице субјект). Затоа, во текот на сослушувањето на сведоци (осомничени) од големо значење е да се одржуваат врски (комуникација) со аналитичарот кој врши анализа на изјавите, со цел да се даваат насоки во текот на испрашувањето и директно да се потврдуваат или отфрлаат делови од изјавите.
Аналитичката техника може да биде прикажана во аналитичкиот продукт, кој може да ги содржи следниве податоци: општи податоци; достапност; вовед; опис на случајот; лица поврзани со настанот; разузнавачки празнини; заклучоци; препораки и прилози.

При изработка на аналитички продукти изработените дијаграми, визуелни прикази (чартови) и табели кои се во прилог на аналитичкиот продукт треба да бидат означени со: наслов; соодветна класификација; легенда за значењето на иконите и знаците; детали за аналитичарот кој го изработува; детали за корисникот и код за ракување; административен број; датум на изработување; со која планирана оперативност е поврзан, доколку има.

[113] National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis", UK, 2008, страница 69

## 5. ПРИМЕНА НА КРИМИНАЛИСТИЧКО–РАЗУЗНАВАЧКАТА АНАЛИЗА ВО СУЗБИВАЊЕ ОРГАНИЗИРАН ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ И ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Криминалот обично има мотив, како што се омраза, страст, гнев или алчност. Кога го прашале познатиот американски ганстер Вили Сутон, зашто ограбил банка, неговиот славен одговор гласел :„затоа што таму се парите“. Алчноста е силен мотив и како таква создала креативна и интелегентна категорија криминалци кои често нанесуваат повеќе штета на општествата од многу други криминалци.

Кривичната истрага во случаите на финансиски криминал може да доведе до огромен број на документи и важно е да се знае да се управува со огромната документација на еден разбирлив и смислен начин. Криминалците кои се занимаваат со овој вид на криминал често работат под закрила на претприемиштвото и бизнисот, па е многу важно да се разбере како се основа претпријатие, како може да се смени и како може да функционираат големите корпорации. Штом ова се разбере многу лесно ќе се сфати како корпорациите, банките или некоја друга голема организација може да биде злоупотребена. Круцијално е и да се разберат финансиските принципи за да се сфати начинот на кој дошло до појавата за вршење на кривично дело. Таквите принципи вклучуваат разбирање на финансискиот ризик, процедурите за давање позајмици, профит, загуба, камати и друго. Термините и принципите водат до анализирање на доказите што најчесто е работа на полицискиот аналитичар се со цел обезбедување докази за кривично-правно санкционирање на извршителите на ваквите кривични дела.

Постојат два вида на докази кои докажуваат постоење финансиски криминал: *наративни и книговодствени докази*. Наративните се едноставно докази кои ја обраснуваат финансиската трансакција или состојба, како што се електронска пошта, договор, писмо, фактура или извештај. Книговодствените докази се помалку јасни и многу често содржат изводи од сметки, банковни податоци или други податоци за движење на паричните средства. Аналитичарите често изготвуваат табеларни и графички прикази на кои се наоѓаат резимирани податоци до кои се дошло во текот на истрагата и кои можат да укажат или лесно да покажат одредено мислење и област. Сепак не е неопходно аналитичарот да даде мислење, наместо тоа доволно е да ги објасни

финансиските трансакции од кои произлегуваат причините или аргументите дека е случено кривично дело. Многу често доказите за случен финансиски криминал се наоѓаат во компјутерите (персонални компјутери, лап-топ компјутери, телефони, таблети и сл.) што подразбира вклучување на компјутерска форензика во таквите криминалистички истраги.

## 5.1 ПРИБАВУВАЊЕ ДОКАЗИ ПОВРЗАНИ СО ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ

Финансискиот криминал не е едноставен затоа што не е секогаш јасно како и дали дошло до криминална активност. Многу често лесно се пронаоѓаат осомничените лица или се знае кој е извршителот, но не се знае дали е во прашање извршено кривично дело и ако е, начинот на кој е делото извршено. Секоја криминална активност поврзана и мотвирана од пари остава зад себе некаква трага, освен ако не се работи исклучиво со готовина. Парите секогаш оставаат трага, независно дали се во банка или во продавница каде е купено нешто, или во даночната евиденција, или телефонска сметка, значи кога и да се употребат во незаконити дејствија веројатно е да постои некаков податок за тоа. Во текот на финансиските истраги важно е да се дојде до податоците и документите за информациите кои ја покажуваат финансиската состојба на осомниченото физичко или правно лице како што се: банкарски податоци, изводи од банковни сметки, депозити/ документи за исплата, чекови, електронски трансфери, внатрешни трансфери (дебитен или кредитен меморандум), документи за заем, линија на кредити, кредитни или дебитни картици, сметководствена и книговодствена документација, сопственички капитал, извешај за доход, извештај за проток на парите, сопственички капитал, даночна евиденција и др.

## 5.2 ВОДЕЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА

Обично документите кои се релевантни во финаснсиските истраги се вклучени во списи. Во сложени или тешки случаи (како што се случаите на организиран финансиски криминал), списите многу лесно можат да станат огромен број класери. Чувањето на материјали во класери прави многу тешко да се дојде до информацискиот и доказниот материјал, затоа е многу важно да се изнајде

лесен начин за раководење и организирање на документите. Најприфатлив начин за аналитичарот е креирање база на податоци (најчесто користен е Microsoft Access) за лесно пребарување, систематизирање, структурирање и дополнување на материјалот. При изработката на базата каде ќе се чуваат материјалите пред нивно архивирање, аналитичарот користејќи ја сопствената креативност и потребата зависно од случајот на кој работи, табелите кои ќе бидат во склоп на базата на податоци може да содржат референци за : вид на документот (писмо, извештај, слип, фактура, цесија, асигнација и др), начинот на кој е прибавен документот (дали е дојдено до него од извршен претрес на лице или објект или е доставен од сведок или жртва), институцијата од каде е добиен, датум на прибавување на документацијата, временскиот период на кој се однесува, регистарски број, опис, организациона единица која го доставила, дали може да се искористи како доказ во постапката и сл.

## 5.3 АНАЛИЗИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ДОКАЗИ

Полициските истражители и аналитичарите не би требало да бараат секаков вид докази, а да не ги согледаат другите докази кои ги имаат. Луѓето многу често доказите ги класифицираат по категории: финансиски докази, пресретнување на телекомуникации, форензика итн. Сите овие се докази кои опишуваат кривично дело. На пример извештајот од банка може да послужи како доказ за финансиски криминал, но исто така и како доказ кој утврдува точност на алиби кое покажува кога одредено лице подигнало готовина на одредена локаци и во одредено време. Со други зборови, доказите може да обезбедат многу различни видови на информации кои може да му помогнат на аналитичарот да го разбере и да докаже како е сторено едно кривично дело, што е многу важно во финансиските истраги.

Кога се докажува како е сторено одредено кривично дело постојат два вида на докази кои треба да се анализираат: докази за извештаи од финансиски трансакции и докази во пишан (наративен) облик. Доказите за извештаите од финансиските трансакции се обично документи кои потекнуваат од финансиски установи, како што се банки, Агенции за брз трансфер на пари (Вестерн Унион и др), или лична евиденција на финансии и обезбедуваат доказ дека нешто се случило. Доказите во пишана облик може да бидат: пишана порака, електронска

пошта, белешка, договор, писмо, меморандум, фактура, извештај па дури и изјава од сведок. Единстевено аналитичарот може да ги види финансиските докази и другите докази заедно, да ги разгледа и да ја даде комплетната слика (да ги спои деловите од сложувалката).

Да разгледаме еден едноставен пример. Во постоечка истрага за криумчарење аналитичарот воочува дека осомничениот користи Агенција за брз трансфер на пари „Вестерн Унион“ за да изврши трансфер на пари во Германија, но незнае зошто. Овој доказ за финанасиска транскација не е доволен за да се каже дека овие трансфери се кривично дело. Натаму, во текот на извршен претрес во неговиот дом се пронаоѓаат парични средства во готовина и компјутер со финансиски извештаи кои покажуваат дека истиот собира готовина и потоа врши трансфер на истата на неговиот брат во Германија. Ниту овој доказ за финанасиска трансакција не објаснува зашто се врши трансфер на парични средства. Пронајдените белешки во неговиот магацин покажуваат продажба на прокриумчарена роба. Аналитичарот ги споредува овие белешки со трансферираната готовина и забележува дека износите се многу слични. Овој доказ за финансиска транскација почнува да му зборува на аналитичарот дека овие трансфери на пари се од криминална природа, но тоа не е од клучно значење. Потоа на одземениот компјутер и телефон наоѓа електорнска пошта и смс пораки на основа на кои гледа дека му пишувал на неговиот брат со инструкции за трансферот на парите. Гледа дека напоменува „употреби го ова да набавиш повеќе телевизори“ или „овие пари се доволни да се купат доста ДВД плејери“. По ова аналитичарот го насочува оперативниот инспектор да изврши разговор со службеникот во Вестерн Унион на кому таа му кажува дека осомничениот секогаш праќал смс пораки по извршениот трансфер на парите, а еднаш остварил и повик со некого и рекол „следната испорака мора да биде извршена преку сервер“.

Финансиските докази се само еден дел од приказната, но секогаш се силни докази и на осомничените им е тешко да се одбранат. Датумите, износите на парични средства и трансферите по пат на Агенциите за брз трансфер на пари (како во наведениот случај) е многу тешко да бидат оспорени. Електронската пошта и смс пораките ја надополнуваат приказната објаснувајќи зошто е извршен трансферот на парите. Изјавата од службеничката на Вестерн Унион

едноставно потврдува дека пратките се движат по одредена рута. Комбинирајќи различни видови на докази аналитичарот добива потполна слика.

Ова не значи дека треба да се престане со анализите. Доказите можат да укажат на други настани или други извори на докази и податоци. Исто така треба да се направи обид што повеќе да се дознае за секоја трансакција. Ова значи дека доколку постои документ кој покажува дека парични средства се пренесени од една банка во друга, треба да се обезбедат податоците од двете банки. Исто така од финансиските иституции треба да се обезбеди сета возможна документација која се однесува на таа трансакција. Аналитичарот треба да биде во можност да го следи движењето на парите од едно место во друго.

Бидејќи трансакциите на готови пари во Р.Македонија се вообичаена пракса, треба да постои сигурност дека при секој извршен важен претрес на истиот ќе биде присутен полициски службеник кој е запознаен со работата со финансиска документација. Многу важни финансиски документи во секоја истрага се направени од самите осомничени. Ако е цел на криминалната активност е да се заработат пари, за осомничениот е важно да води евиденција за тие пари. Секогаш ќе постои некаков вид на евиденција за финансиите иако тоа нема да биде секогаш софистицирано.

На пример, во САД дилерите на дрога никогаш не користат банкарски сметки. Тие работат со готовина, но треба да знаат колку готовина имаат на располагање и колку должат. Затоа тие секогаш прават „листа на долгови“ која е едноставно рачно напишана белешка или понекогаш е тоа белешка на мобилен телефон. Ова е од голема помош во текот на кривичното гонење кога не постојат извештаи од банка. Слични евиденции треба да постојат ако се работи за значајни парични износи или за бројот на трансакции.

Да се вратиме на случајот. Откако аналитичарот ќе ги проучи сите материјали и видови докази : извештаите од банки, неофицијалната евиденција за финансиски трансакции, електронска пошта, смс пораки, изјави или било какви други докази кои биле пронајдени, може да започне со анализа. Ова често значи соединување на доказите во еден документ, често под хронолошки редослед, што помага да се конструира теорија за тоа што се случило.

Ваквиот збир на докази може да одговара на ваков вид истрага која се води против лице кое на пример, криумчари некодирани мобилни телефони:

| датум | време | податок | извор |
|---|---|---|---|
| 01.фев | 08:45 | осомничениот прима смс од Германски тел.број „може ли да добијам 100 Самсунзи. Потребно 7000“ | смс на осомничениот |
| 01.фев | 08:50 | осомничениот праќа смс на германски тел.број „ОК“ | смс на осомничениот |
| 01.фев | 09:13 | осомничениот подига од банка 7.000 евра | извештај од банка |
| 11.апр | 10:10 | 7.000 евра испратени во Германија, Електронски систем на трансакција:12456792, корисник Бобан В | Вестер Унион |
| 01.фев | 10:21 | „21456792 7.000“ испратено на германски тел.број | смс на осомничениот |
| 01.фев | | „Испратено на Бобан 7.000“ | изјава од сведок |
| 01.фев | 14:20 | осомничениот прима ос германски моб.тел.„имам пари, пакетот е по пат“ | смс на осомничениот |
| 01.фев | 19:00 | осомничениот прима смс од германски тел.број „Австриец, 16:35 утре“ | смс на осомничениот |
| 02.фев | 12:32 | осомничениот праќа смс на телефонот на Мила С „земи го Бобан, аеродром Скопје 16:35“ | смс на осомничениот |
| 02.фев | 16:55 | Бобан В уапсен на аеродромот во Скопје со 100 самсунг мобилни телефони во багажот | полициски извештај |
| 02.фев | 17:30 | осомничениот прима смс од Мила С „Бобан не дојде“ | смс на осомничениот |
| 02.фев | 17:32 | осомничениот праќа смс на германски тел.број „Бобан каде си“ | смс на осомничениот |

Слика 19, Соединување на расположливте информации во еден документ

Како што може да се забелжи од табеларниот преглед, финансискиот доказ е само дел од приказната. Другите видови докази може да се додадат кога ќе се откријат. Банките, изводите од агенцијата за брз трансфер на пари-Вестерн Унион и смс пораките може да покажат и други патувања на Бобан В. Преку соединувањето на доказите може лесно да се прикаже шаблон на криумчарењето. Затоа што секоја истрага нема да има јасен низ докази, предност на спојувањето на сите видови докази во еден документ е од големо значење.

Кога ќе се соединат доказите и ќе се направи слика за текот на настаните, би требало аналитичарот да е во можност во доказите да одреди основа или шаблон. Тоа пак може да укаже на други можни извори на докази, други кривични дела или лица за кои постои сомнение дека се инволвирани во криминални активности. Исто така може да се употребат финансиски или други докази за да се изведат прашања за сведоците и осомничените на чија основа ќе се дознае повеќе.

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ

## 6.1 ГРАЃАНСКИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ И ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ ВО КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЧКИОТ ПРОЦЕС ВО ОБЛАСТА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Јавноста е се пофокусирана и критички ориентирана кон анализирање и согледување на ефикасноста на агенциите за спроведување на законот во борбата против организираниот криминал, но и кон законитоста во нивното работење. Криминалистичко–разузнавачката активност како најмалку разбрана активност од јавноста, не е исклучок. Приватноста, граѓанските права и граѓанските слободи имаат силни импликации на разузнавачкиот процес заради потенцијалот од злоупотреба. Една од основните причини зошто на разузнавачкиот процес се гледа со скептицизам и сомничавост е убеденоста дека разузнавачките истражувања се поопасни по слободата отколку криминалистичките истраги. Криминалистичко разузнавачката операција има за цел да утврди и процени дали има присутни ризици од закани, да одреди дали и колку се реални тие закани, додека криминалистичката истрага се води откако ќе се открие дека е извршено одредено кривично дело.

Криминалистичко разузнавачките истражувања се пообемни, иако се ограничени со кривичниот закон, тие излегуваат од рамките на извршените кривични дела и навлегуваат во сферата на заканите. Се вршат во тајност и лицата кои се под надзор и не знаат дека се собираат информации за нив. Иако и за таа сфера важи пресумпцијата на невиност, често и со право се тврди дека напротив, за таа сфера на полициско дејствување преовладува пресумпцијата на вина и ова видување мора да се смени. Значи повеќето криминалистичко разузнавачки истражувања никогаш не завршуваат со судска постапка или друга јавна постапка, а собраните информации може да бидат злоупотребени.

Од тие причини, потребата од балансирање помеѓу граѓанските слободи и безбедноста на заедницата, ја наметнува потребата од јасни правила и за криминалистичко разузнавачкиот процес, кои може да бидат сублимирани во неколку стандарди :

- Органите за спроведување на законот не смеат да собираат информации за лица доколку не постојат основи на сомневања дека конкретен субјект извршил, извршува или ќе изврши кривично дело;
- Собраните информации не можат да се чуваат неограничено. Можат да се чуваат само информациите кои можат да обезбедат издржани докази за некаков криминален акт;
- Органите за спроведување на законите се одговорни за чувањето и заштитата на информациите кои ги собираат во тек на разузнавачките операции. Оваа заштита се однесува и на проследувањето на информации така што ќе бидат проследени само до лицата кои имаат право да знаат и потреба да знаат;
- Кога не постојат докази за кривично дело, сите разузнавачки досиеја за едно лице мора да бидат уништени по истекот на законски утврден рок.

Бидејќи потенцијалот од злоупотреба постои во сите сегменти на спроведувањето на законите, а особено во сферата на криминалистичкото разузнавање, потребно е да се обезбедат претпоставки за намалување на таквите можности, преку развивање на соодветни политики, стратегии за обука и механизми за надзор и контрола.

Развивањето политика – ја поставува филозофијата на агенцијата, стандардите, очекувањата и рамките на одлучувањето за било која задача и одговорност на организацијата.

Стратегиите за обука – овозможува знаење, вештини и способности за вршење на било која задача. Го одредува методот на работа, што мора да се направи, на кој начин и што не треба да се направи. Покажува како се применува политиката и го информира персоналот за импликациите и казните за неправилно извршена задача.

Механизмите за надзор и одговорност овозможуваат да се проверува дали се почитува политиката, односно начелата за работа и дали работата се врши на начин наведен во обуката.

Концептот на приватност опфаќа разни вредности, интереси и прашања релевантни и за криминалистичко разузнавачкиот процес, како што се приватност на убедувањата на едно лице, личното однесување, личните комуникации, личните атрибути (здравје или хендикепираност) и личните податоци. Значи информациите поврзани со сферата на приватноста не ги

вклучуваат само информациите кои една агенција за спроведување на законите може да ги собира за можната инволвираност на едно лице во кривично дело, туку и информациите кои се однесуваат на лични податоци, како: име, адреса, телефонски број или електронска пошта; раса, националност или етничка припадност; религија; пол; брачен статус ; отпечатоци од прсти, крвна група, или ДНК; финансиска состојба, историјат или кредитна состојба; психијатриска или психолошка состојба и историја; криминално досие; возраст; сексуална ориентација; образование; здравствена состојба или историја; вработување (минато и сегашно), и диспозиции за вработување; идентификувачки број, симбол или друго обележје со кое ќе се идентификува едно лице (како што е матичниот број, бројот на возачка дозвола или број на студентски индекс).

Во тек на едно истражување, органите за спроведување на законот собираат различни лични информации, но во исто време се обврзани да ја заштитат приватноста на информациите независно од тоа дали лицето е цел на разузнавање, сведок, информатор, или поднесувач на информации (на пример, граѓанин). Заштитата на приватноста на личните податоци (приватност на информации) вклучува стандарди за тоа, кога, како и до кој степен се врши размена на информациите, вклучувајќи и рестрикции на голем број активности во врска со личните информации: собирање, користење, зачувување и објавување. Органите за спроведување на законите имаат обврска да ја штитат приватноста на сите лица за кои агенцијата собира лични податоци за идентификација, вклучувајќи ги и оние кои се осомничени за кривични дела. Се користат два основни методи: *безбедност и доверливост*.

Под *безбедност* на личните информации се подразбира постоење на механизми и процеси со кои ќе се гарантира дека нема неовластени пристапи до приватните информации. Без разлика дали таквите информации се внесени во компјутерски систем или на хартија (пишани досиеја), мора да постои соодветен механизам со кој ќе се заштитат информациите од недозволен пристап на лица кои не се овластени да ги имаат тие информации.

*Доверливоста*, особено кога се однесува на споделувањето информации, вклучува постапки и процеси кои имаат за цел спречување на неовластено објавување на информации до трети странки. Откако ќе се соберат личните информации, оној кој ги чува има обврска да ги заштити од споделување освен во случаи кога има bona fide причина за одредена трета странка да ги добие тие

информации. И овде е потребно почитување на стандардите за споделување информации „има-право-да-знае“ и „треба-да-знае“. Покрај тоа, постои очекување дека оние кои ќе ги добијат личните информации ќе ја зачуваат нивната тајност. Доверливоста значи ограничување на пристапот до личните информации на оние кои имаат точно назначена дозвола за пристап до досиејата и спречувајќи го нивното објавување на неовластени трети странки.

Доколку се собираат информации за едно лице агенцијата треба да има причина поради која ги собира истите. Таа причина е истражување на закани по заедницата заради превенција и спречување. Како резултат на тоа, се собираат информации за поединци затоа што истите се или цел на разузнавачко истражување или имаат одредени информации за заканите, дури и ако самите не се осомничени за криминал. Доколку лицето не е цел на истражување туку има критични информации, податоците за тоа лице (доколку се релевантни за идентификувањето на субјектот или неговите/нејзините криминални активности) ќе се внесат во системот на криминалистичко-разузнавачки досиеја како „некриминални информации за идентификација под услов во прилог да оди и соодветна клаузула во која ќе стои дека информациите не се поврзани со некаков криминал; и ако информациите се однесуваат на политички, религиозни, или општествени убедувања, здружувања, или активности на криминалниот субјект, истите мора директно да се поврзани со криминално однесување или активност. Доколку некое лице има материјални информации за некој свој познаник, а кои ќе бидат од помош за одредена разузнавачка истрага, тоа лице исто така ќе биде внесено во системот на криминалистичко-разузнавачки досиеја со клаузула како „некриминални информации за идентификација“.

Ако лицето за кое се собираат информации е цел на истрага, тие информации може да се зачуваат само ако постои основано сомнение. Тоа е двократен процес, прво, мора да постои врска меѓу однесувањето на лицето и криминалот или операциите на една организација и инволвираноста во криминална активност и како второ, за да се внесе една информација како криминалистичко-разузнавачка информација во системот на криминалистичко-разузнавачки досиеја, мора да постои ниво на основано сомнение кога постојат информации кои даваат доволно факти врз основа на кои може да се заклучи дека постои голема веројатност дека едно лице или организација е инволвирана во одредена криминална активност. Основано сомнение е многу повеќе од „само сомнение“;

т.е. однесувањето на едно лице може да изгледа сомнително; сепак, таквите информации мора да го поминат тестот на криминална врска и ниво на доказ пред да бидат внесени во системот на криминалистичко-разузнавачки досиеја.

Често се случува да се добие известување од граѓанин или извештај за сомнителна активност од полицаец или граѓанин. Најчесто ваквите информации не содржат никаков криминален предикат. Од практични причини, не треба веднаш да се отфрли таквата информација туку постои обврска да се провери веродостојноста на таа информација. Она за што треба овде добро да се размисли е како таа информација законски да се зачува ако не постои криминален предикат. За таа цел се препорачуваат креирање два вида разузнавачки досиеја, привремени и трајни.

Во привремените досиеја се внесуваат информации кои не се на ниво на основано сомнение, но сепак упатуваат на настан или активност кои укажуваат на веројатна криминална активност, како што се на пример, дојава, трага или извештај за сомнителна активност. Во привременото досие мора јасно да биде назначено дека ваквата информација не е криминалистичко-разузнавачка информација, било да е зачувано во истата база на податоци или проследено заедно со криминалистичко-разузнавачките информации. Мора да постои временско ограничување за чување информации во привремено досие (општоприфатен период е 60 дена). Намената на привремените досиеја е едноставно да постои место каде можат да се зачувуваат необработени информации додека се истражи дали постои криминален предикат. Доколку се востанови дека не постои криминален предикат во одредениот временски рок, информацијата се уништува.

Во трајните досиеја се внесуваат информации со криминален предикат, информациите стануваат криминалистичко-разузнавачки информации и се внесуваат во трајно досие кои се прегледуваат и уништуваат после 5 години.

Значи може да се каже дека во основа постојат три фундаментални области од криминалистичкото разузнавање во кои е особено важна состојбата со граѓанските права:

- Собирањето и внесувањето на информации во системот за криминалистичко-разузнавачки досиеја, треба да се изврши на правилен начин, како од правен така и од етички аспект;

- Заштита на правата на приватност во врска со информациите кои се собираат и зачувуваат;
- Интегритетот на квалитетот на податоците и нивната безбедност.

## 6.2 КОНЦЕПТОТ НА РАЗВОЈ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН МОДЕЛ НА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Криминалистичко разузнавање се потпира на стратешко одредување на клучните проблеми преку релевантна анализа (изведена од страна на обучени професионални аналитичари/разузнавачи). По нивното одредување вишите раководители во Органите за спроведување на законот, ги насочуваат стратешките и тактичките проактивности во поглед на превенција, собирање на разузнавачки информации и спроведување на мерки за нивно сузбивање. Овој модел ја става *анализата* на почетокот на процесот на одлучување со што се обезбедува подобра објективност и сигурност дека активностите се насочени кон клучните закани. Тоа резултира со покоординиран холистички пристап и долгорочен удар врз криминалитетот.

Во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија постои јасна желба за надградба и подобрување на постоечките пракси која што ја делат и партнерските агенции за спроведување на законот. Очигледно е дека се изведуваат голем број на оперативни активности кои што често завршуваат успешно. Исто така, за одбележување и постоењето општо расположение за соработка помеѓу агенциите за спроведување на законот при следењето на криминалните мрежи и лица што овозможува поцелосен пристап во спроведувањето на активностите.

Сепак, општиот впечаток е дека полициските активности во Министерството се најчесто реактивни во однос на разузнавачките информации по кои се дејствува. Процесот на одлучување е најчесто субјективен со мал удел на стратешка анализа која би го поддржала. Иако ваквиот пристап е ефикасен до одреден степен, теоретски тој може да резултира со насочување на значителни ресурси кон мрежа или лица кои не претставуваат голема закана, ниту прават голема штета. Отсуството на ефикасно стратешко одредување на приоритетите и соодветни процеси за координација и одредување на задачите може исто така да резултира со голем степен на удвојување на активностите во агенциите за

спроведување на законот и во Министерството и истовремено да резултира со отсуство на активности по другите прашања.

Обидите да се интегрира анализата во Министерството за внатрешни работи имаат ограничен успех. Најголема пречка во тој процес е отсуството на обука за аналитичарите и раководителите за ефикасна употреба на анализата. Обуката на аналитичарите треба да е стандардизирана на национално ниво и производите што се испорачуваат да се наведени во националните регулативи и се поддржани со посебни обуки. Користењето на анализата/аналитичарите исто така треба да е вклучено во обуката на сите полициски службеници на сите нивоа на полициското работење со посебен нагласок ставен на обуката на вишите раководители.

Очигледно е дека постојат можности за имплементација на основите на криминалистичкото разузнавање во Министерството коишто значително ќе го подобрат работењето и обезбедувањето услуги на граѓаните.

Отсуството на ИТ инфраструктура поставува ограничувања на криминалистичкото работење во поглед на собирањето, споредувањето, проценката и споделувањето на разузнавачките информации. Ова треба да се подобри во иднина со развојот на Националната разузнавачка база на податоци и со воведувањето на системот за управување со документи (document management system) во Министерството кои краткорочно не претставуваат непремостлива пречка.

За да биде голем ефектот од криминалистичкото разузнавање врз борбата против криминалот во Македонија тоа треба да биде имплементирано во сите нивоа на полициското работење. Со тоа ќе се овозможи попрецизно споделување на разузнавачките информации помеѓу локалните/регионалните/националните центри, ќе се осигура идентификацијата на клучните закани/ризици на сите нивоа и ќе се овозможи координирана проактивност која што вклучува превенција, собирање на разузнавачки информации и спроведување на законот насочена директно кон тие закани и ризици.

Развојот на Криминалистичко разузнавање и анализа во Р.Македонија треба да се насочи кон четири главни теми:

- Потребата од јасна стратешка анализа која што ќе обезбеди информации за планирањето и одредувањето приоритети (контролна стратегија).

- Потребата од подобрена координација и употреба на достапните ресурси во однос на стратешките приоритети на состаноци со јасна структура.
- Потребата од подобрени професионализирани процеси во аналитичките тимови и во оние тимови што ги користат за одредени производи, испорака на обуки, примање на задачи и резултати/препораки од нив.
- Отсуството на процес на известување (briefing process) за стратешките и тактичките разузнавачки барања од разните партнери во спроведувањето на законот и од разните нивоа на полициското работење во Министерството за внатрешни работи.

Во септември 2011 година Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во Министерството за внатрешни работи на Македонија издаде стратешки документ за имплементација на националниот модел на криминалистичко разузнавање и разви акциски план кој ги одредува мерките и активностите потребни за напредок на проектот.

Криминалистичкото разузнавање потекнува од Обединетото кралство и е практичен и робустен модел за борба против криминалот. Во овој модел анализата на податоци и разузнавањето се основа за објективното донесување одлуки. Ваквиот процес на носење одлуки помага во:

- Намалување на криминалот и проблемите;
- Намалување на нарушувањата во работењето;
- Зголемување на превенцијата.

Процесот е имплементиран преку ефикасна употреба на стратешки менаџмент и ефективни стратегии за спроведување на законот насочени кон честите и сериозни криминалци.

Информациите стигнуваат до раководителите на извршно ниво и ги одредуваат приоритетите за спроведување на законот и превенција и потоа ги проследуваат тие приоритети надолу до пониските нивоа во организацијата за одредување на оперативните задачи.

Во основата на сево ова се наоѓа разузнавачкиот циклус кој што треба да осигури дека целиот систем е движен од процесите и дека разузнавањето и анализата го овозможуваат и го поддржуваат објективното носење на одлуки.

- Нациналниот разузнавачки модел  има примена во случај на:
- Секаков тип на криминал;

- Некриминални активности вклучувајќи асоцијално однесување и социјална кохезија;
- Престапници;
- Поддршка на програмите вклучувајќи ја и соработката со партнерите.

Во основа, криминалистичкото разузнавање е развиено за да обезбеди проактивен пристап во полициското работење кој се базира на идентификација на најважните закани и усогласување на активностите против нив.

Тоа исто така :

- Обезбедува поголема конзистентност во полициското работење;
- Овозможува оперативните стратегии да се концентрираат на клучните приоритети;
- Овозможува повеќе полициски службеници да се концентрираат на решавање на приоритетните проблеми и на гонење на најактивните престапници;
- Овозможува подобра согласност со легислативата за човекови права и со Законот за кривична постапка;
- Го информира раководството за ризиците;
- Го подобрува насочувањето и информирањето на патролите;
- Ја подобрува интеграцијата со партнерските институции.

Моделот функционира на три нивоа:

- Прво ниво – Локална/основна командна единица;
- Второ ниво – Регионално;
- Трето ниво – Сериозен и организиран криминал кој најчесто е од национален или меѓународен карактер.

Нациналниот разузнавачки модел е поделен во три главни категории: 1) Средства, 2) Разузнавачки производи и 3) Одредување на задачи.

1) Средства :

Одредени клучни „средства“ мора да се во функција на секое ниво за да овозможат производство на разузнавачки информации. Без нив разузнавачката функција нема да функционира ефикасно.

*Производи на знаење*: Тука влегуваат соодветната легислатива, полициските политики и процедури и кодексите на работење.

*Системски производи*: Информациските и мануелните системи кои што го овозможуваат функционирањето на криминалистичкото разузнавање и ја гарантираат безбедноста на податоците.

*Извори*: Службата разликува голем број на извори (жртви, сведоци, престапници, информатори). Многу е важно разузнавачките информации да се соберат од СИТЕ извори во согласност со приоритетите и разузнавачките барања и да се обработат низ разузнавачките системи.
*Луѓе*: Избор, регрутирање и задржување на вистинските луѓе на вистинските позиции. Многу е важно одредени позиции да бидат пополнети со доволен број луѓе за да се обезбеди високо ниво на флексибилност.
Мора да постои и доволно флексибилен „тактички капацитет“ за справување со откриените проблеми. Без него ќе бидат произведени големо количество разузнавачки информации без можност за справување со нив.
2) Производи
Вкупно има четири разузнавачки производи кои се изработуваат на секое ниво на полициско работење. Секој од нив вклучува употреба до дури девет аналитички техники.
Четирите клучни разузнавачки производи се изработуваат за да го водат полициското работење низ процесите на координација и одредување задачи.
*Стратешка проценка* – Овој документ е производ на разузнавачката функција на секое ниво на полициското работење со помош/придонес на разни специјалисти и дава опширен преглед на она што се случува на локално, регионално и национално ниво.
Преку испитување на сезонските трендови, обезбедување на информации за она што се случило, како и за познатите и предвидени идни настани, овој документ се обидува да утврди што е можно да се случи во таа област шест месеци подоцна. Стратешката проценка ги нагласува можните стратешки приоритети и нуди препораки за приоритетите за разузнавање, превенција и спроведување на законот кои се изработени од група експерти (не само аналитичари).
*Тактичка проценка* – Овој документ е производ на разузнавачка функција со помош на разни специјалисти и обезбедува преглед на она што се има случено на локално, регионално и на национално ниво и се обидува да утврди што може да се случи во наредниот период. Документот обезбедува препораки за тактичките активности во врска со разузнавањето, превенцијата и спроведувањето на законот.
*Профил на проблемот* – Нарачан од тактичката група и изработен од разузнавачката функција со помош разни специјалисти, профилот на проблемот

го одредува опсегот на проблемот на локално, регионално и на национално ниво и ги идентификува потенцијалните осомничени и нуди препораки за тактиките на разузнавање, превенција и спроведување на законот.

*Профил на целта* – Нарачан од тактичката група и изработен од разузнавачката функција со помош разни специјалисти, профилот на целта ги одредува профилите на осомничените/престапниците, ги идентификува слабостите во нивните криминални активности и препорачува одредени тактички можности.

3) Процес на координација и одредување задачи

Процесот на координација и одредување задачи се одвива стратешки и тактички на сите нивоа каде што разузнавачките информации течат помеѓу разните нивоа и соседните полициски сили и агенции за спроведување на законот.

На стратешко ниво националниот разузнавачки модел е во силна спрега со планирањето на работата на полицијата и со стратегиите на Партнерството за намалување на нередите и криминалот.

Националниот разузнавачки модел во основа е деловен модел кој се користи за распределба на полициските ресурси. Сепак, треба да постои силна врска помеѓу националниот разузнавачки модел и соработката со партнерите.

Партнерите (како што се владините агенции, затворите, царината, имиграционите агенции, финансиската полиција и финансиските институции) треба да се охрабруваат да обезбедуваат информации на почетокот на процесот и да ги прифатат производите по истражувањето и анализата (кои што можеби треба да се санитизираат) за да бидат подобри информирани за стратешките прашања или за да помогнат во тактичките одлуки.

## 6.3 КРИМИНАЛИСТИЧКОТО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОДАТОЦИ (ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ) ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ ФИНАНСИКИ КРИМИНАЛ И ПЕРЕЊЕТО ПАРИ

Традиционалната криминална политика, легислатива и практика на дејствување на судските и полициските органи капитулираа пред растечките закани од различните облици на организиран и прекуграничен криминал. Потребата од интегрирани стратегии и нагласено партнерство на национално и меѓународно ниво базирани врз научни сознанија за етиолошките и феноменолошките карактеристики на организираниот криминал и за неговата симбиотичка природа

како и нерешливата тензија помеѓу контролата на криминалот и човековите права, наметнаа потреба од излегување од традиционалниот пристап на истражување на криминалот и барање на методологии кои ќе овозможат ефективно полициско постапување.

Воспоставувањето на унифициран проактивен пристап во собирањето и анализата на информации за појавните форми на криминал, инволвираните субјекти и криминални групи, слабостите – ранливите точки во системот како и изготвувањето на навремени, релевантни, веродостојни и меѓународно споредливи аналитички продукти и проценки за идни закани со доволен степен на интегритет, стана императив во градењето на ефективни стратегии и во современото полициско работење.

Професионалниот развој на разузнавачката функција со интернационалниот развој на организираниот криминал, и терористичките напади од 11 – ти септември 2001 година во САД, терористичките напади во Шпанија и Обединетото Кралство, е рефлексија на сфаќањето за потреба од научен пристап во соочувањето со криминалните проблеми и почитување на граѓанските права.

Криминалистичкото разузнавање како процес и продукт независно дали е стратешки, тактички или оперативен, стана основа за систематски пристап во идентификувањето на вистинските закани за заедницата и донесување на одлуки за развивање на стратешки и тактички одговор на заканите и насочување на ресурсите. Точните и релевантни информации и аналитички продукти со доволен степен на интегритет се наметнаа и како неопходност за оправдување на инвазивните операции на органите за спроведување на законот и гаранција за почитување на човековите права и слободи.

Разузнавачкиот процес е траен и повторувачки процес, кој го сочинуваат пет фази:

- планирање и давање задачи;
- собирање на информации;
- проценување и обработка на информациите;
- анализа;
- проследување (дисеминација) и
- повратни информации.

Важно е да се истакне дека во зависност од целите, разузнавачкит процес ги покрива трите нивоа на разузнавање, *стратешкото, оперативното и тактичкото разузнавање*. Криминалистичко разузнавачкиот процес е непрекинат и се врти околу класичните криминалистички прашања *кој, што, кога, каде, како и зошто*. Знаењето поврзано со криминалистичките прашања што, кога, каде и како е пресудно за оперативното и тактичкото ниво на разузнавање и треба да резултира со обезбедување на докази за лишување од слобода на лица за кои ќе се обезбедат докази за криминални активности.

Решавачкото прашање за стратешкото ниво на разузнавање е зошто, односно разбирањето зошто криминалците вршат кривични дела, на пример, криумчарење на мигранти, трговија со луѓе, зошто шверцуваат цигари или извршувааат одредени кривични дела наспроти други, укажува на скриените фактори и причини на закаauthor, кои се клучните приоритети за насочување на ресурсите со кои располагаат силите за спроведување на законот и како треба да се реагира во конкретен случај. Стратешкото разузнавање бара детален и структуриран пристап кон сите фази во разузнавачкиот циклус.

Обемот на организираниот криминал, неговата симбиотичка и променлива природа, се клучните прашања за расветлување на сложениот пејсаж на организираниот криминал. Во обидот да се разберат тие аспекти од криминалното опкружување и да ја осознаеме квалитативната и квантитативната димензија на криминалот, треба да се тргне од постојаните и непроменливи карактеристики во сликата на криминалното опкружување, кои независно од неговата димензија се константни и непроменливи категории за секој вид на криминал. Жртвите на криминалот и штетите, познатите извршители на кривични дела и оние за кои се знае дека се водачи или членови на криминални групи, модусот во извршувањето на различните криминални активности и криминалните пазари, се постојаните елементи во криминалното милје. Во секоја стратегија за криминалот, примарна амбиција треба да биде да се намали бројот на жртвите на криминалот и штетата која тој ја предизвикува. Според тоа, за да биде стратегијата за борба против криминалот ефективна, таа треба да се базира врз знаењето и способноста за предвидување, за тоа како луѓето, деловните и финансиските институции, можат да бидат жртви, како се злоупотребуваат или заобиколуваат системите, колкави и какви штети се генерираат, како се доведува во прашање владеењето на правото и кој станува

жртва. Во однос на извршените кривични дела и лицата вклучени во тие криминалнни активности, одамна е прифатено дека еден број на лица се одговорни за несразмерен број кривични дела. Значи, клучот за управување со овие аспекти на криминалитетот главно е во разбирањето на начинот на случување преку идентификување на географски локации како жаришта, криминални серии, трендови и идентитетот на потенцијалните извршители.

Не е обична фраза кога се вели дека криминалците се неколку чекори пред органите за спроведување на законот, особено оние специјализирани за одредени области на криминал. Тоа се луѓе кои може да се каже дека подобро ја разбираат својата криминална работа од силите за спроведување на законот, ги користат слабостите во системот, пазарните можности, градат широки криминални врски на национално и меѓународно ниво. Тие се специјалисти за една или повеќе криминални области,  способни се за продор во политичките структури со интенција да креираат политики, вршат продор во силите за спроведување на законот, обезбедуваат начини за перење пари за сопствените криминални активности и за други криминалци на национално и меѓународно ниво, специјалисти се за обезбедување транспорт и други услуги за криминални цели. Оттука произлегува потребата да се гради системско знаење за тоа кои се овие лица и особено знаење и разбирање за тоа, како се поврзани во мрежа и како функционира нивното криминално работење.

Водачите и членовите на организираните криминални групи, тесно поврзани со специјализираниот криминал сѐ последниот постојан елемент во сликата на криминалот и се клучен предизвик за целиот кривично правен систем. Меѓутоа се покажа дека без формализиран, интегриран и институционализиран криминалистичко разузнавачки процес и производи од највисок квалитет и интегритет,  кривично правниот систем нема да биде во можност на ефикасен и ефективен начин да ги извади пред лицето на правдата оваа категорија на криминалци. Тоа се луѓе кои ги корумпираат функционерите и членовите на агенциите за спроведување на законите и својата криминална активност ја вршат на исклучително софистициран начин. Располагаат со огромни богатства, а како параван за криминалната активност водат легални бизниси. Преземаат чекори за да навлезат во редовите на органите за спроведување на законот ангажирајќи свои информатори со задача да ги обработат и корумпираат полицајците. Учествуваат во финансирање на политички кампањи создавајќи

заштитен ѕид за криминалните активности и претпоставки за креирање на политики. Бројни се примерите во минатото, во секоја држава, кои посочуваат на нивната „недопирливост" или истраги кои често завршуваат со неуспех. Единствено висококвалитетен и фокусиран разузнавачки напад, насочен кон идентификување на нивните слаби страни, е вистинското решение за сложеноста и софистицираноста на нивните криминални и деловни активности. Нивните потреби од извори на снабдување, транспорт, услуги од посредници и комуникација со нив, пристап до пазари, финансиски услуги и други елементи, кои се нивна предност, во исто време ги прави и слаби пред фокусиран криминалистичко разузнавачки процес.

Напорите да се разбере како функционираат сите овие елементи кои се константи во променливото криминално опкружување се од централно значење за шансите на полицијата и тоа бара институционализиран и централно интегриран разузнавачки одговор од највисок тип.

Опишаните константни елементи во сликата на криминалитетот се всушност обработливата основа врз која можеме да градиме стратегии и од која можеме да започнеме оперативен и тактички одговор.

*Криминалистичко разузнавачкиот процес* ги опишува методите со кои се идентификуваат приоритетите, методите за носење одлуки од страна на раководството на стратешко, оперативно и тактичко ниво, како и стандардите за секоја од фазите во разузнавачкиот процес. Во центарот на управувањето на работата во рамките на разузнавачкиот процес е утврдувањето задачи и координација, кој зависи од доставувањето различни разузнавачки производи до раководителите и функционира на стратешко и тактичко ниво. Строго планираното и фокусирано собирање на информации, анализата и продукцијата на разузнавачки производи за стратешки, оперативни и тактички цели ги поддржуваат утврдувањето на стратегијата за превенција, контрола и сузбивање на криминалот операционализирана низ оперативен и тактички одговор.

Интегрираниот модел на анализа има за цел да ја интегрира криминалистичката информација со криминалистичкото разузнавање, така што полициските служби се способни да ја видат комплетната слика за криминалното опкружување. Ова поврзување на информации кои се однесуваат на криминална активност и прекршителите кои извршуваат криминал ја креира можноста за холистички пристап кој дава најсоодветни решенија криминалните проблеми. Со пристап до

разузнавање и за сторителот и за криминалот, полициските агенции е поверојатно да дизајнираат ефективен одговор во насока на проблемот или да се справат со организациите одговорни за криминалниот проблем.

Важноста од финансиско разузнавање порасна како што расте финансискиот криминал во време на информатички и технолошки напредок.

Финансиското разузнавање претставува знаење добиено преку анализа на финансиски податоци кои се од помош при водењето истраги и/или помагаат во развојот на препораки или индикатори за откривање и превенција на криминал.

Развојот на финансиското разузнавање е очекуван резултат од ефективни истражувања и анализи. Аналитичките техники треба да откријат не само шеми на дејствување туку и неправилности во приходите или трошоците што укажува на можно постоење на криминални активности. Аналитичарите и истражните инспектори треба да останат будни за препознавање на индикаторите за незаконска активност.

*Видови финансиски информации*

Аналитичарот/истражниот инспектор може да биде обврзан да врши проверка на државни и локални евиденции, евиденции за возила, банкарски и брокерски информации.

Некои од јавните евиденции кои може да имаат голема вредност за аналитичарот/истражниот инспектор се:

1. Трансакции на недвижен имот
2. Хипотеки на недвижен имот
3. Евиденции за проценка на данок
4. Катастарски книги (овде се зацртани земјиштата – големина и нивната поврзаност со друг имот во заедницата)
5. Регистар на дозволи за градење (овде е дадено името на изведувачот на работите, општ опис на објектот кој треба да се гради и проценетиот износ потребен за градење)
6. Хипотеки на подвижен имот (заеми за опрема, мебел, автомобили итн.)
7. Евиденции за наследство (евиденција за смрт, раѓање, склопување брак, старателство итн. Аналитичарот ќе има пристап до тестаменти, наследства, основање фондации со тестамент и слични податоци)

8. Брокерски куќи (евиденција за предмети за продажба и купување, трошоци и продажни цени и суми кои им се должат на клиентите и суми кои тие самите ги должат)

Управата за јавни Приходи и Управата за финансиско разузнавање исто така собираат информации од други државни агенции како и од трети странки со кои соработуваат граѓаните.

На пример, доколку едно лице депонира или подигне износ од $10,000 или повеќе на/од неговата банкарска сметка, банката автоматски до Управите за јавни приходи и за финансиско разузнавање испраќа „Извештај за Паричен Промет"/ "Currency Transaction Report" (CTR). Доколку едно лице депонира $8,000 еден ден, а $7,000 следниот, банката понекогаш испраќа ИПП/CTR. Дури и кога трансакцијата не е на готовина и е под $10,000 (но над $5,000), банката може да поднесе „Извештај за Сомнителна Активност"/ "Suspicious Activity Report" (SAR) доколку е тоа необично за сопственикот на одредена сметка.

Слични формулари се пополнуваат и во казината. ИПП/CTR-Казино го следи движењето на пари во и надвор од казиното кога сумата е над $10,000.

Овие и други слични формулари се испраќаат до Управата за јавни приходи и Управата за финансиско разузнавање, а потоа се ставаат на располагање преку Мрежата на Финансиска Полиција при Министерството за Финансии. До нив имаат пристап надлежните агенции за спроведување на законот по електронски пат.

Аналитичарот/истражниот инспектор ги комбинира сите тие информации заедно со другите информации кои ќе ги добие преку целосната анализа и на тој начин добива делови од финансиско разузнавање.

*Техники кои се користат за добивање финансиски разузнавачки информации*

Постојат бројни техники за добивање финансиско разузнавање од необработени финансиски податоци, вклучувајќи ги тука анализите на банкарските евиденции, на бизнис евиденциите, нето вредност или извор и применување на анализа на финансии како и анализа на извештајот Акт за тајност на банките (Bank Secrecy Act).

Анализата на банкарските евиденции значи користење на податоците најдени во чекови, извештаи за состојба на сметка, информации од отворање сметка и сите трансакции на одредена сметка заради извлекување заклучоци во врска со намената на сметката и потенцијалното постоење на нелегални активности.

Анализа на бизнис евиденции – бизнис списанија, даночни евиденции, фактури, фискални сметки, инвентарни листи итн. Се споредуваат за да се откријат непостојаности кои може да посочат на нелегални активности во тој одреден бизнис.

Анализа на нето вредност претставува споредување на имотот кој го поседува одредено лице и она што го потрошило со она што е наведено како законски приход. Доколку нето вредноста плус трошоците се повисоки од пријавениот приход, тогаш тоа е непријавен приход и може да е стекнат незаконски. Слично на ова, анализирањето на изворите и трошењето на финансиите во тек на неколку години му овозможува на аналитичарот да открие непријавени и потенцијално незаконски финансиски средства.

Анализа на извештај-Акт за тајност на банките може да примени понова техника, наречена „обратна техника“ преку која се наоѓаат пари од непознато потекло така што се прегледуваат финансиските записи.

*Примена*

Финаниското разузнавање може да биде од помош во тек на една истрага или стратешка проценка. Во истрага, првичната работа треба да вклучува проверка на активностите преку FinCEN[114]. Дополнителните имиња и идентификатори треба да се проверуваат како што се појавуваат во текот на истрагата.

Финаниското разузнавање може да биде употребено и за проценување на успехот па дури и за да се предвиди иднината на една организирана криминална група. Треба да се употреби „ континуирана софистицираност на управување со парите“ за да се измери успехот на една организирана криминална група. Овој „континуум“/ континуираност се протега од „криминални профити искористени за да добивање на криминални продукти за своја употреба“ до „криминални профити искористени за влијаење врз важни владини политики“. Според одредени истражувања, организираниот криминал е „економска активност“ и како таква треба да биде проучувана.

Анализата на финансиските податоци е критична за водење успешни истраги за перење пари.

[114] FinCEN – Financion Crime Enforcement Network-USA, е мисија за заштита на финансискиот систем од злоупотреби и бобра против перењето пари која промовира национална безбедност преку собирање, анализа и проследување на финансиско разузнавање и стратешка употреба на финанасиските власти.

*Финансиски единици и други кооперативни напори*

Во 1995, FinCEN и сличната ваква организација од Белгија, искоординираа состанок на единиците за финансиско разузнавање, што порасна во Егмонт Група. Едно од достигнувањата на оваа група е тоа што креираа безбедна интернет веб страница која им овозможува на членовите да комуницираат преку безбедни e-mail адреси, споделување податоци за трендови, технолошки развој и слично.

Еве како е дефинирана финансиската единица според Егмонт Групата: Централна, национална агенција одговорна за добивање (и барање), анализирање и проследување до надлежните органи, објавување на финансиски информации: а) за сомнителни криминални приходи или б) согласно националната легислатива или регулативи, а со цел борба против перење пари.

Некои од најпознатите единици за финансиско разузнавање се FinCEN во САД, AUSTRAC во Австралија и FINTRAC во Канада.

Финансиските единици често имаат бази на податоци со информации за сомнителни финансиски трансакции.

Еден модел за меѓународна соработка во врска со финансиски операции е Посебната Единица за Финансиски Активности / Financial Action Task Force (FATF), основана од Г-7 Економскиот Самит во Париз 1989. После овој модел беа основани Карибската Посебна Единица за Финансиски Активности /Caribbean Financial Action Task Force и азиско/пацифичката Група за Перење Пари. Овие порегионални групи овозможуваат соработка и комуникација меѓу различните јурисдикции.

Во ова дигитално време, органите за спроведување на законот и понатаму ќе бидат конфронтирани и предизвикувани како од новите начини на финансиска размена така и од средствата и начините со кои истите ќе можат да бидат следени и интерпретирани. Мораме агресивно да продолжиме со напорите да добиваме финансиски податоци заради ширење и зајакнување на разузнавачките бази на ресурси кои се потребна за успешни истраги и судски процеси.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Џон Медингер, „Перење пари“, водич за кривични иследници (превод), второ издание, Дата Панс, 2009 година;
2. Слаѓана Тасева, „Перење пари“, Академски печат, Скопје 2007;
3. (Безбедонст) „Организиран криминал, корупција и перење пари“, декември 1997 год;
4. Митко Котовчевски, „Национална безбедност“ Филозофки Факултет Скопје, Скопје 2011 година;
5. Митко Котовчевски, „Основи на разузнавање“ Биомат Графикс Скопје, Скопје 2013 година;
6. Мајкл Д Лајман, Гари Б Потер, „Организиран Криминал“, четврто издание, Магор Скопје, 2009 година;
7. Владо Камбовски, „Организиран Криминал“, Скопје 2002 година;
8. Владо Камбовски и Наумовски, „Корупцијата-најголемо општествено зло и закана за правната држава“, Скопје 2002 година;
9. Ненад Николовски, „Банки и организиран криминал“, Нордиа, Скопје 2011;
10. Гоце Џуклески и Светлана Николовска, „Економска криминалистика“, Скопје 2007 година;
11. Методија Ангелески, „Основи на економска криминалистика“, Скопје 1999 година;
12. Меѓународна асоцијација на крим-аналитичари, „Истражување на криминалистичката анализа“, Магор, Скопје 2009 година;
13. K.V.Brus, S.R.Hik, X.R.Kuper, „Истражување на криминалистичка анализа“;
14. Karim H.Velani, Xoel Nahun „Применета криминалистичка анализа“;
15. Xeri.J.Retklif, „Стратешко размислување во разузнавањето на криминалот“;
16. Center for the study of democracy „Examining the links between organized crime and corruption“;
17. CENTREX Helping to develop policing, „Practice advise on financial investigation“, Produced on behalf of the Association of Chief Police Officers by the National Centre for Policing Excellence, 2006;
18. K.H.Spencer Pickett and Jennifer Pickett , „Financial crime investigation and control“, John Wiley and Sons, Inc, USA, 2002;

19. Marilyn B.Petterson, C.C.A, C.F.E, „A guide to financial analysis of personal and corporate bank records“ third edition-published by the National White Collar Crime Center Richmond, VA, August 2002;
20. Stephane J.Lefebvre, CD, „A look to intelligence analysis“ Portland, Oregon, March 2003;
21. Council of Europe, „Crime analysis“, Strasbourg, 22 July 2002;
22. Jerry H.Ratcliffe, „Integrated intelligence and crime analysis: Enhanced Information management for law eenforcement leaders“ Police foundation & Community oriented policing services U.S Department of Juctice, August 2007;
23. Richard J.Heuer Jr. „Psychology of intelligence analysis“, Centre for the study of intelligence, Centre Intelligence agency 1999;
24. Deborah Osborne MA, Susan Wernicke MS, „Introducing to crime analysis – Basic resources for criminal justice practice“, Oxford 2003;
25. Michael Woodiwiss and Dick Hobbs, „Organized evil and the Atlantic Aliance:moral panics and the rethoric of organized crime policing in America and Britain“ – British Journal of Criminology, Vol.9, 2009;
26. Alan Whright, „Organized Crime“, Wilian Publishing, Cullompton, Devon and Portland, OR, 2006;
27. Jan Van Dijk, „Mafia markers: assessing organized crime and it`s impact on societies“- Trends in Organized Crime, Vol.10, 2007;
28. Allan Castle, „Transnational organized crime and international security“, Institute of Intrenational Relations, University of British Columbia, Working Paper N0.19, 1997;
29. Stefan Mair, „The world of privatized violence“ in Alfred Paler and Maika Lerc (eds), Challenges of Globalization: New Trends in International Politics and Society, Transaction Publishers, New Brunswick, NJ, 2005;
30. Edgardo Buscaglia and Jan Van Dijk, „Controlling organized crime and corruption in the public sector“ in Forum on Crime and Society, Vol.3, Nos.1 and 2, 2003;
31. Donald Cressy, „The theft on the Nation“, Harper and Row, New York, 1969;
32. R. Thomas Naylor, ‘Violence and illegal economic activity: a deconstruction’, in *Crime, Law and Social Change*, Vol. 52, No. 3, 2009;
33. H. Richard Friman, „Drug markets and the selective use of violence“, in *Crime, Law and Social Change*, Vol. 52, No. 3, 2009;

34. Cyrille Fijnaut, „Transnational crime and the role of the United Nations in its containment through international cooperation: a challenge for the 21st century", in *European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice*, Vol. 8, No. 2, 2000;
35. Michael D. Lyman and Gary W. Potter, *Organized Crime*, Pearson Prentice Hall, Upper Saddle River, NJ, 2007;
36. James O. Finckenauer, „Problems of definition: what is organized crime?", in *Trends in Organized Crime*, Vol. 8, No. 3, 2005;
37. Edwin H. Sutherland, *The Professional Thief*, University of Chicago Press, Chicago, 1937; see further, Mary McIntosh, *The Organisation of Crime*, Macmillan, London, 1975;
38. Frank E. Hagan, „Organized Crime" and „organized crime": indeterminate problems of definition', in *Trends in Organized Crime*, Vol. 9, No. 4, 2006;
39. Mario Bezotti, „Organisierte Kriminalitat: zur sozialen Konstruktion einer Gefahr", во *Angewandte Sozialforschung*, Vol. 22, Nos. 3 and 4, 2002;
40. Douglas Meagher, *Organised Crime: Papers presented by Mr Douglas Meagher, Q.C., to the 53rd ANZAAS Congress, Perth, Western Australia, 16–20 May 1983*, AGPS, Canberra, 1983;
41. Phil Williams, „Transnational criminal networks", in John Aquilla and David F. Ronfeld (eds), *Netwars and Networks: The Future of Terror, Crime, and Militancy*, RAND, Santa Monica, CA, 2001;
42. United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC), *Global Programme against Transnational Organized Crime: Results of a Pilot Survey of Forty Selected Organized Criminal Groups in SixteenCountries*, Geneva, 2002;
43. Levi Michael and Reuter Peter „Money Laundering", University of Chicago, 2006
44. International Association of Chiefs of Police in their June 2003 Criminal Intelligence Model Policy,
45. McDowell, Don. 1998. Strategic Intelligence: A Handbook for Practitioners, Managers, and Users. Cooma, Australia: Istana Enterprises Pty. Ltd;
46. National Criminal Intelligence Service UK. 2005. The National Intelligence Model. London, England: National Criminal Intelligence Service;
47. Donald G.Hukle and Thomas M.Vanderhoof, „An Introduction to Intelligence Analysis", Joint Military Intelligence Traning Center, Washington, DC;

48. Jon Smibert, „Evidence and Financial Crime“, United States Departement of Justice, Pristina 2007;
49. Robert Heaton, „The prospects for intelligence-led policing: Some historical and quantitative considerations“, *Policing and Society*, vol. 9, 2000,
50. Nick Tilley and Jill Dando, “Problem-Oriented Policing, Intelligence-Led Policing and the National Intelligence Model”;
51. Lars Ulfving, *Wilderness of Mirrors: Operational-Strategic Intelligence. Theory, Empiricism, and Methodology*, Swedish National Defence College, Department of War Studies, Stockholm, 2003;
52. Practice advice on financial invastigantion, Produced on behalf of the Association of Chief Police Officersby the National Centre for Policing Excellence, CENTREX, helping to developpe policing,2006;
53. Marilyn B. Peterson, A Guide to the Financial Analysis of Personal and Corporate Bank Records, Published by the National White Collar Crime Center, Third edition, August 2002
54. National Policing Improvement Agency, Profeccional Practice, „ Practice Advice on analysis“, UK, 2008
55. GLOBAL PROGRAMME AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME „Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries“, United Nations, Office of Drugs and Crime, 2002
56. Ted Leggett „Crime and it`s impact on the Balkans and affected countries“ United Nations, Office on Drugs and Crime, March 2008
57. Don McDowell, „STRATEGIC INTELLIGENCE& ANALYSIS, Guidelines on Methodology & Application“, The Intelligence Study Center, 1997
58. Council of Europe „CRIME ANALYSIS Organised crime - Best practice“ survey no. 4, Strasbourg, 22 July 2002

**НОРМАТИВНИ АКТИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ**

1. Кривичен Законик (Службен Весник на Рм бр.37/96 и измени и дополненија 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 09/09, 114/09, 51/11, 166/12, 55/13 и 82/13);
2. Закон за кривична постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.150/2010, 51/2011 и 100/2012);
3. Закон за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија", бр. 92/09, 118/09, 35/10, 36/11 и 114/2);
4. Закон за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.145/12);
5. Закон за финансиска полиција („Службен весник на Р.М. бр.55 од 04.05.2007 година");
6. Закон за спречување на корупција (Службен весник на Република Македонија" бр. 28/02, 46/04, 126/06, Одлука на Уставен суд од 10.01.2007, 10/08, и 161/08");
7. Закон за спречување перење пари и други приноси од казниви дела и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија бр.4/08 од 10.01.2008 год., измени и дополнување во Службен Весник на Република Македонија бр.35 од 22.03.2011 година и Службен весник на Република Македонија бр. 57 од 26.04.2010 година");
8. Закон за управата за јавни приходи ("Службен весник на Република Македонија бр.80/93 од 30. 12. 1993 година");
9. Царински Законик („Службен весник на Република Македонија бр.39 од 30.05.2005 година);
10. Закон за вршење на услуги за брз трансфер на пари („Службен весник на Република Македонија" бр. 77/03 и измените и дополнувањата во "Службен весник на Република Македонија" бр. 54/07, 48/10, 67/10, 17/11 и 135/2011);
11. Закон за девизно работење („Службен весник на Република Македонија" бр.34/2001; 49/2001; 103/2001; 54/2002 (32/2003-одлука на УСтавен Суд), 51/2003 81/2008");
12. Закон за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/01, 42/03, 47/03, 40/04, 70/06,126/06, 88/08 и 133/09);

13. Закон за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, бр. 25/2007, бр.7/2008);
14. Закон за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр.133 од 02.11.2007);
15. Закон за Агенција за разузнавање (“Службен весник на Република Македонија“, бр.19/95),
16. Закон за следење на комуникации (“Службен весник на Република Македонија“, бр. 121/2006, 110/2008 и 116/2012)
17. Стратешки план на Министерството за внатрешни работи, 2011 – 2013
18. Стандардни оперативни процедури за водење финансиски истраги во Министерството за Внатрешни Работи на Република Македонија, Октомври 2013;
19. Упатство за изработка на аналитички продукти во единиците за криминалистичко раазузнавање во Бирото за јавна безбедност, октомври 2013;
20. Упатство за начинот на справување со криминални групи и водење криминалистички истражувања во Бирото за јавна безбедност, откомври 2013;
21. UN Convention against Transnational Organized Crime (2000) – Конвенција на ОН против рансанационалниот организиран криминал (2000), 40 ILM (2001), 335 (влезена во сила од 29.09.2013год.)
22. КАРПО (проект за развој на сигурни и функционални полициски системи и зајакнување на борбата на главните криминални активности), „Нацрт-регионална стратегија за средства против организираниот економски криминал“ превод од англиски, септември 2005 година
23. Семинар на тема „Стратешко разузнавачка анализа“ во рамки на Проектот ОКТА за земјите од Југоисточна Европа. 06-11.04.2008 година, излагање на Roberto Gonela
24. „Финансиски истраги и конфискација на проходи стекнати од криминал“, Прирачник за обука на органите за кривичен прогон и судство, CARDS регионална програма за 2002/20003 година, септември, 2006 година;
25. ICPO- Interpol Guidelines on Criminal Intelligence Analysis, Version 4, December 2002;
26. Criminal Intelligence Analysis, Interpol, September 25, 2002

27. Workshop for analysts and operational commanders, Sofia, 9-13.07.2011

**МАТЕРИЈАЛИ ОД ИНТЕРНЕТ**

1. http://www.organized-crime.de/OCDEF1.htm
2. http://www.imf.org/external/np/ml/2001/eng/021201.pdf
3. www.fatf-gafi.org
4. http://www.scribd.com/doc/57050379/Finansiski-istragi
5. http://www.chesbro.net/images/Introducing_Criminal_Intelligence.pdf
6. https://www.unodc.org/documents/organized-crime/Law-Enforcement/Criminal_Intelligence_for_Analysts.pdf
7. http://www.i2group.com/applications/casestudies/kpmg.html
8. http://www.i2.co.uk/products/patterntracer/index.htm
9. http://www.i2.co.uk/products/an/conventions.htm
10. http://policing.oxfordjournals.org/content/3/3/292.full.pdf
11. www.popcenter.org
12. http://www.jdi.ucl.ac.uk/downloads/publications/crime_science_short_reports/problem_oriented_policing.pdf
13. http://www.google.com/search?q=un+office+on+drugs+and+crime+criminal+intelligence+training+manual+for+analysts&ie=utf-8&oe=utf-8&aq=t&rls=org.mozilla:en-US:official&client=firefox-a
14. http://www.preservearticles.com/2012050131605/what-are-the-5-characteristics-of-professional-crime-and-criminals.html